СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел бр.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 1992 година

Скопје, јануари 1992 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници ја отворам триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Душко Горѓески, Шабан Превала и Петар Горѓиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница се поканети претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија и Републичката самоуправна интересна заедница за патишта.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (гласови на одобрување)

Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно правната комисија ги разгледаа и поддржаа Иницијативата на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" -Скопје и Иницијативата на пратеникот Тодор Петров за промена на името на НУБ "Климент

Охридски" - Скопје.

Комисиите предлагаат Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му поднесе Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за изменување на библиотечната дејност при што да се обават пошироко консултации со соодветни научни и стручни органи и организации.

Кој е за предлогот на Комисиите, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

- Дали некој има против? (нема)

- Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

- Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ве известувам дека група пратеници предлага дневниот ред за денешната седница на Собранието да се дополни со Изјава на Собранието на Република Македонија по повод Извештајот на Арбитражната Комисија за Југославија.

Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство и Комисијата за општествено политички систем ја разгледаа изјавата и направија една посериозна интервенција во текстот која отстапува од оригиналниот текст.

Во разговор со повеќето од предлагачите на оваа Изјава тие сметаат дека истата да не биде сега на дневен ред, туку на неа да се работи.

Дали се согласувате? (гласови на одобрување)

Констатирам дека Собранието го усвои овој предлог.

Исто така група пратеници предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со Предлог на Уставен закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Работните тела го разгледаа Предлогот на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија и поддржаа предлогот на групата пратеници за дополнување на дневниот ред.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? ( никој)

Констатирам дека Собранието го усвои овој предлог.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеникот Тодор Петров, предлагаат дневниот ред за денешната седница да се дополни со Извештај односно информација за меѓународното признавање на Република Македонија по Извештајот на Бадинтеровата арбитражна

комисија на Европската заедница и за мерките и активностите на Владата на Република Македонија во врска со тоа.

Барањата се доставени до претседателот на Република Македонија и до министерот за односи со странство.

Министерството за односи со странство на Република Македонија извести дека подготвило целосен Извештај за меѓународната политичка и дипломатска активност со цел за меѓународно признавање на Република Македонија со насоки за натамошните активности на тој план што ќе биде доставен и предложен за разгледување во Собранието на Република Македонија во првата половина на февруари 1992 година.

Известувањето на Министерството за односи со странство Ви е поделено.

Комисијата за градежништво и урбанизам и Комисијата за стопанство на Собранието на Република Македонија предлагаат Собранието на Република Македонија да го одложи потврдувањето на среднорочната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за

периодот од 1992 до 1995 година, до донесувањето на среднорочниот развоен документ на Република Македонија.

Кој е за предлогот на комисиите, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање ?(никој)

Констатирам дека предлогот на комисиите е усвоен.

Известен сум дека Владата на Република Македонија го повлече Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага да го дополниме дневниот ред за денешната седница со Предлог за донесување на закон за продолжување на важноста на Законот за привремени мерки за данокот на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

Го молам предлагачот да го образложи предлогот на Владата.

Има збор министерот за  финансии.
МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Законот за данокот на промет се применуваше како привремена мерка. Со оглед дека таа на почетокот на февруари истекува има потреба до донесување на новиот закон за данокот на промет како што стои во барањето и заклучоците на комисиите на Собранието да се продолжи важноста на постојниот и молам да го прифатите за ставање на дневен ред, а во расправата, ако има прашања, ќе дадеме дополнителни објаснувања.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Имам една мала интервенција во врска со излагањето на претседателот на утврдувањето на дневниот ред во смисла на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги. На седница на Комисијата за буџет и финансирање го гледавме и министерот побара Комисијата да утврди став дали Законот да се повлече целосно од дневен ред или да остане со амандмани само членот 1, бидејќи членот 1 ги става во поповолна положба одделни производи за ослободување од плаќање данок на промет ние на Комисијата се договоривме, а и до Извештајот од вчерашната комисија така стои, пратениците го имаа добиено, Законот да остане во процедура на дневен ред со тоа да се усвои само со членот 1 односно со амандмани за бришење на ставовите кои следат за воведување нови тарифни броеви 6, 7 и 8 и во таа смисла министерот нека даде некое дополнително изјаснување да не го повлекува Владата тој закон од дневен ред, туку да остане во процедура да не создаваме даночни оптоварувања за граѓаните со данокот на промет со новите тарифни броеви, туку да си остане ослободувањето што е предвидено во членот 1.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам јас сум известен од Владата дека го повлекува предлогот и ние не можеме да расправаме ако е повлечен предлогот. Комисијата е ирелевантна за таа состојба. Нема предлог по кој Комисијата се определува штом Владата го повлекува. Да се разбереме, тие работи не одат така.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Точно е дека Владата го повлекува Законот и точна е изјавата на пратеникот Петров. Меѓутоа, одевме од претпоставка дека Комисиите во врска со тој предлог ќе се усогласат. Бидејќи комисиите не известија дека се усогласуваат Владата остана на предлогот да се повлече законот во целина. СТОЈАН АНДОВ:

Штом Владата го повлекува ние не можеме овде воопшто да отвораме расправа. Треба да се навикнеме на тоа штом предлагачот го повлекува предлогот нема расправа понатаму. Треба да се јави друг предлагач, па по него постапка инаку не може. Расправата по ова е завршена. Немаме предлог како ќе расправаме. Навикнете се да работиме по Деловник немојте на почетокот веднаш така.

(Славјанка Стојановска бара збор од место)

Тоа требало да се договорите каде што се договарате. ТОДОР ПЕТРОВ:

Вчера расправавме на комисијата, а сега Владата го повлекува.

СТОЈАН АНДОВ:

Нивно право е, зошто не се разбираме. (претседателот и се обраќа на Славјанка). Вие не сте предлагач како ќе објаснувате. Предлагач е Владата и таа го повлекува предлогот. Ви се молам можете да се согласувате или не, но тие го повлекоа предлогот.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на Уставен закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија;

2. Нацрт на Републичкиот буџет за 1992 година;

3. Предлог за донесување на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1992 година;

4. Предлог за донесување закон за изменување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за употребата на името и ликот на Јосип Броз Тито, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за стапките на даноците на граѓаните, со предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за продолжување на важноста на Законот за привремени мерки за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за административните такси, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за насочување и користење на ануитетите од средствата на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини кои се формираат по основ на задолжителен заем, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за учество на Републиката во обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во периодот о 1 јануари до 30 јуни 1992 година, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за продолжување на важноста на Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година, со Предлог на закон ;

13. Предлог на закон за основање на Македонска информативна агенција МИА;

14. Предлог на одлука за потврдување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Република Македонија за 1992 година;

15. Иницијатива за утврдување на одговорноста и за разрешување на членот на Владата и министер за правосудство и управа д-р Ѓорѓи Наумов ;

16. Информација за состојбата на политравматизмот во Македонија со мерки за негова превенција и сузбивање ;

17. Информација за можностите на Република Македонија во развојот на здравствениот туризам;

18. Информација за состојбите и влијанието на комуналниот и индустрискиот отпад врз квалитетот на човековата околина во Република Македонија ;

19. Извештај на Комисијата за мандатно имунитетни прашања по барањето на одобрение за поведување кривична постапка против пратеникот Мерсим Положани поднесено од Општинскиот суд Струга ;

20. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на земјоделски факултет - Скопје;

21.Предлог на Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Центарот за социјална работа-Гевгелија.

Дали има предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор Ештреф Алиу.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Го молам претседателството точката 15 да се отстрани од денешниот дневен ред. Пратеничката група е на мислење дека образложението треба да се дополни со нови сознанија така што таа точка да остане за една од наредните седници.

СТОЈАН АНДОВ:

Со оглед на тоа дека пратеничката група е предлагач се разбира а ние немаме предлог , за сега го повлекува предлогот, како што рече пратеникот.

Има збор Никола Крстевски.
НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на предлогот точката 15 да се одложи јас сметам дека нема потреба да се одложи, пратеничката група не е предлагач, туку има дадено само иницијатива.

Во однос на таа иницијатива Комисијата за избор и именувања има заземено став во форма на мислење односно заклучок и со Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана сметам дека има расветлено доволно околности за да може да се одлучува по оваа точка. Тие како пратеничка група во матичната комисија не беа застапени ни со членови и сметам дека може да се прифатат извештаите на овие две комисии конечно по однос на оваа иницијатива Собранието да заземе конечна одлука.

Тоа беше само иницијатива инаку претседателот на Собранието ја имаа ставено оваа точка на дневен ред. По таа иницијатива сметам дека може да се одлучува дали има елементи за одговорност или нема, а одолговлечување без аргументација зошто се одолговлечува само е на штета на работата на Собранието и на министерот за кој

се однесува.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам тоа не е можно затоа што предлагачот на овој предмет го повлекува предметот и ние немаме предмет на дневен ред за да можеме да расправаме по него.

ЈОРДАН БОШКОВ:

Јас се залагав за тоа Парламентот да се стави во функција на меѓународната промоција на македонската државност и во таа смисла имав еден допис до претседателот на Собранието.

На матичната комисија за надворешно -политички односи таа иницијатива беше прифатена и јас сугерирам сега да уфрлиме и точка на дневен ред околу тоа да се формираат парламентарни делегации од Собранието кои би ги посетиле главните градови во Европа. Мислам дека со едно изворно информирање за ставовите на овој Парламент во тие централи на политиката ќе може значително да се помогне околу овој, барем ние така го квалификуваме тука, процес на меѓународно признавање на Македонија.

Сега да не должам, да не испадне дека давам и конкретни солуции во ред е предлогот да биде ставен на дневен ред и понатаму да се операционализира со него, а тоа кој ќе предлага состав на комисија, ќе мора да се консултира Деловникот а сигурно и пратеничките групи.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да го уврстиме ова прашање и да го наречеме - непосредна меѓународна активност на Парламентот.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваме)

Значи тоа да биде како точка 22.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Предлагам точката 12 - Предлог за донесување на законот за продолжување на важноста на Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година да биде точка 10, бидејќи ние прво треба да го усвоиме или не го усвоиме продолжувањето на Законот, а после да доделуваме или не доделуваме средства, да не се случи да доделиме средства, а после Законот да не го усвоиме. Значи, прво да биде на дневен ред Законот, точка 10, а точките 11,12 да бидат поместени.

Исто така, предлагам и една друга точка на дневен ред. Тоа е - Извештај за извршување на Годишната програма за изградба, одржување и реконструкција на магистралната и регионалната патна мрежа во Републиката за периодот јануари -ноември 1991 година, со оценка до крајот на 1991 година, што сега го добив. Тоа го кажувам бидејќи ние минатата година усвоивме една програма и таа програма треба да кажеме дали ја прифаќаме така како што е реализирана, или не.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, во врска со првиот предлог на Давчев да кажам дека е тоа важна работа, да не се случи некој закон да донесеме а кој после нема да има основа во закон кој треба да му претходи, па точката 12 да биде точка 10, точката 10 да биде 11 или 12.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваме). За вториот предлог на господин Давчев бара збор госпоѓа Лазаревска.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Во врска со овој предлог би сакала да кажам дека заради олеснување на работата на Собранието е договорено извештаи од ваков тип да завршуваат во матичните комисии на Собранието, па заради тоа

и овој извештај не одеше до Собранието. Предлагам ова да не се усвои како точка на дневен ред, а во однос на тоа може да се отвори дискусија после кога ќе се разгледува Годишната програма.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Јас само ќе дадам еден коментар.

Бидејќи Програмата не ја усвоила Комисијата, туку ја усвојува Собранието. Ако ја усвојува Комисијата тогаш треба и таа да биде крајна цел на Комисијата, а бидејќи ја усвојува Собранието треба и Собранието да ја потврди таа Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Го ставам предлогот на господин Давчев на изјаснување. Кој е за, молам да крене рака? (53). Дали има некој против? (21). Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Предлогот на господин Давчев се усвои и ќе го уврстиме во дневниот ред.

Има збор Михаил Пановски.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Се извинувам што моите предлози за дополнување на дневниот ред не ги имам дадено во писмена форма но се надевам дека ќе бидам сослушан и дека тие ќе бидат земени предвид за дополнување на дневниот ред.

Прво, барам Парламентот на денешната седница да донесе одлука за признавање на републиките Хрватска и Словенија од причина што, дефакто се веќе признати како нови држави на европскиот континент.

Како друга точка предлагам Парламентот да побара признавање на Република Македонија од Хрватска и Словенија како и од Германија, бидејќи дневните гласила се полни со разни написи дека ние како држава не сме побарале од Германија меѓународно признавање, па заради тоа и Германија не нé признава.

Бидејќи Хрватска и Словенија, како што кажав, дефакто, се признати како меѓународни држави со самото тоа Југославија престанува да постои како меѓународен субјект, како што го знаевме досега. Од тие причини барам Парламентот денес да донесе одлука, на предлог на министерот за образование и култура, бидејќи спортот во неговиот ресор сите македонски спортисти да престанат да настапуваат во југословенските селекции, бидејќи јас навистина не знам да кажам која е таа селекција што се сега именува како југословенска селекција до сите можни спортови. Тоа го кажувам бидејќи сега на квалификациониот турнир за олимписките игри треба да игра Југославија против Словенија, а нашите македонски спортисти треба да играат во таа таканаречена југословенска репрезентација.

Исто така предлагам да донесеме уште една одлука а тоа е одлука за повлекување на сите македонски спортски клубови од југословенските лиги. Знаеме многу добро дека нашите клубови почнаа да се такмичат во тие лиги од едноставна причина што тогаш беше земено образложението дека поради состојбата во Хрватска не може да учествуваат хрватските и словенечките екипи. Тоа од причини што Словенија и Хрватска добија меѓународно признание, не се веќе дел од никаква Југославија па нашите екипи и нашите спортисти со самото тоа што учествуваат во југословенските репрезентативни селекции и даваат легитимитет на оваа југословенска редуцирана федерација, србославија или како ќе ја крстиме не знам и со самото тоа му даваат легитимитет на господата Бранко Костиќ и неговата компанија од редуцираното претседателство на Југославија. Значи ако ги усвоиме одлуките за повлекување на сите

македонски претставници во сојузните органи, сите македонски претставници во дипломатијата итн., тогаш мораме, бидејќи знаеме дека спортот е многу јак пропагатор во меѓународната сфера, да донесеме одлука да ги повлечеме сите наши спортисти и спортски екипи.

Мене многу ми е жал, јас знам дека голем дел од тие спортисти вложиле голем труд но мислам дека треба да престанеме веќе еднаш да му даваме легитимитет на оваа српско раководство со Југославија.

СТОЈАН АНДОВ:

Колку јас знам и во Уставот напишавме дека Владата е надлежна за сите прашања на признавање. Парламентот не е надлежен за таа работа. Треба Владата тие работи да си ги тера. Ние не смееме туѓи работи да работиме. Тоа не е по уставот.

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:

Што се однесува до актите за признавање на Република Македонија во меѓународните односи, мислам дека на сите пратеници им е јасно дека Владата ги направи научните чекори преку Министерството за надворешни работи, кое е во вообичаена форма.

Исто така познато ви е дека беше испратен и соодветен акт од страна на Претседателот на Републиката. Тоа што во некои средства за информации се пишува дека требало Владата да достави некои дополнителни документи или пак дека некои влади не добиле соодветен документ од Република Македонија, е резултат на одредени состојби во овој момент во меѓународните односи во Европа, посебно на Балканот и резултат на интересите на некои од силите што овој момент барем тие сметаат дека се компетентни да ги налагаат своите интереси над

другите. Затоа сметам дека не е потребно Владата да доставува дополнителни документи до одредени влади, па вклучително и до Германија и до Австрија затоа што сето тоа Владата го има веќе направено и во овој момент ние очекуваме соодветни решенија од одредени конференции што треба да се одржат за крајот или на крајот на овој месец и почетокот на февруари, кога ќе биде појасна ситуацијата во врска и со признавањето на нашата држава.

Треба да биде јасно и тоа дека во овој момент е мошне фреквентна опцијата и настојувањата да се создаде една четворна федерација во која треба да влезе и Македонија. Јас мислам овој Парламент не еднаш веќе се изјаснил, Владата не еднаш декларирала и тоа им е познато на сите дека оваа држава и овој народ во никој случај не се согласи да се вклучат во такви комбинации налагани од страна. Во тој дух се и документите што се предлагаат денеска и јас се надевам дека господата пратеници ги имале веќе предвид и ќе се изјаснат за нивното прифаќање.

Нашето повлекување од сите овие инстанци на досегашната СФРЈ веќе е акт што треба да ја демонстрира нашата недвосмислена решеност дека по некоја цена не сме готови да прифатиме каков и да е диктат од кого и да е однадвор за нашата идна судбина и за нашите идни односи. За нив може да решава само овој Парламент и овој народ.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа предлозите на господин Пановски ги упатуваме директно на Владата и она согласно своите уставни надлежности да постапи.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Јас ќе ја потсетам Владата дека претседателот на Републиката барем јас тоа го слушнав и го видов на ТВ кога изјави дека се договориле со претседателите, тоа беше по враќањето од Хаг,

Туѓман и Кучан во рок од неколку дена, а поминаа веќе десетина дена од тогаш, дека македонската влада ќе донесе акт за признавање на Словенија и Хрватска, а исто така Словенија и Хрватска ќе ја признаат Македонија, а тоа беше пред признавањето на Словенија и Хрватска. Доколку тоа се случеше тогаш, пред 10 дена ние веќе денес ќе имавме уште две признавања од две меѓународно признати држави.

Второ, јас барам децидно изјаснување од Владата околу повлекувањето на нашите екипи и на нашите спортисти од таканаречените југословенски селекции и таканаречените југословенски лиги. Доколку не добијам децидно изјаснување јас инсистирам предлогот за повлекување на спортистите и на екипите денес да биде ставен на гласање па нека се изјасни Парламентот.

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ:

Јас се извинувам можеби требаше и за тоа да проговорам.

Прво, во врска со Хрватска и Словенија точно е тоа дека таков разговор имало и таков усмен договор постоеше. Меѓутоа, вие исто така знаете, тоа беше не одамна, Владата преземе одредени чекори и направи одредени постапки, но сето тоа требаше да биде во согласност со веќе спомнатиот договор направено заемно во исто време, во исти ден.- За жал поради интервенцијата од страна за она во врска со што јас веќе зборував, засега постапката за признавањето од страна на овие две републики во овој момент е запрено. Веројатно се чека погоден момент за тие републики. Мислам дека не е нужно повеќе да објаснувам со надежта дека господата пратеници ги знаат некои спреги на Балканот некои инсистирања на Србија за создавање едни други околности, а тоа е поддржувано од сили кои се надвор и од Балканот и од Европа дури. Значи се работи за една друга комбинаторика која мислам во овој момент ние не сме задолжени да ја разглобуваме.

Меѓутоа, што се однесува до клубовите и учеството на Македонија во таа таканаречена југословенска лига и како се сé викаат тие спортски комбинации, мислам дека Владата ќе донесе соодветен акт предлогот мислам дека е упатен и прифатлив и Владата веројатно на првата седница ќе донесе соодветен акт. Не можеме ние да се повлекуваме од сите други инстанци, да учествуваме и натаму како југословенска репрезентација или како југословенска лига. Тоа е во рамките на една логика што ако сме логични треба и да ја следиме.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Би сакала почитувани пратеници да ве запознаам со некои информации до кои што сум дошла во врска со нашето признавање и како гледа на тоа Словенија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам запознајте ја Владата она е надлежна. Тоа не е сега на дневен ред.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Ова е во врска со дневниот ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Не.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Ова што го предложи нашиот пратеник Пановски.

СТОЈАН АНДОВ:

Он доби одговор.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Јас би сакала уште бидејќи не е ова затворено, уште да ги доставам овие информации за да можат пратениците да се решат дали ова да го ставаме на дневен ред или да не го ставаме. Значи ова е во врска со дневниот ред.

РАТКА ДИМИТРОВА: (продолжение)

Еве што е, Собранието не може да биде рамнодушно за вака крупна работа како што е признавање на Македонија од страна на Словенија. Фактите се овие.

Во октомври месец Собранието на Словенија достави барање до нашето Собрание за признавање на Република Словенија. Дали е одговорено? Ние, во секој случај не сме расправале на Собрание за тоа. Сега, во моментот кога нам ни е многу важно, како Собрание, Собранието на Словенија што мисли за нешто признавање, сметам дека нема ништо пречекорено во вообичаените чекори ако и нашето Собрание донесе решение да достави барање до тоа Собрание. Поподробно знам, имам информации, ми се чини дури и на телевизија тоа беше отворено кажано од страна на Комисијата за надворешни односи на Собранието на Словенија дека барање од Собранието кај нас нема, а она барањето е доставено до претседателот Кучан не може да ја има таа функција. Затоа, пренесете на органите на вашето Собрание дека ние очекуваме едно такво барање.

Го поддржувам предлогот ова денеска да се најде на дневен ред и пратениците да гласаат дали тоа да го правиме денес.

СТОЈАН АНДОВ:

Да дадам едно појаснување. За признавање на држави и барање на признавање е надлежна Владата. Има Владин документ во Владата на Словенија и од Владата на Словенија има документ во Собранието. Во Словенија и Хрватска надлежно е нивното Собрание. Тоа е различно од цела Европа каде се надлежни владите, кај нас е

исто така, а таму се надлежни собранијата. Во тоа е разликата.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Да дополнам дека тоа официјално му е соопштено на потпретседателот Тито Петковски, кој бил таму присутен, ова што го објаснувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Тито Петковски, веднаш по пристигнувањето веднаш му соопшти на министерот за надворешни работи на Македонија.

Не можеме да го менуваме Уставот секој ден. Затоа треба постапка. Не може Собранието да ја зема власта место Владата, Тоа е недопустливо. Владата има постапка за таа работа.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Само со три збора ќе ве задржам.

Господинот претседател рече ќе се задавиме во Уставот, Тоа е нешто за мене, така да кажам, несфатливо. Цела година Устав правиме, значи немаме ништо направено, и што треба секој ден да носиме нови акти. Вре, луѓе, се знае, кога се прави Устав, кога се прави држава, се знае каков Устав. Да не се занесуваме.

Друго, позитивните акти што требаат за признавањето ќе ги работиме. Меѓутоа, главниот фактор за признавањето на државата ние го имаме направено,

Ќе ја прашам Владата, бидејќи предлогот дојде од мој колега од ВМРО за признавањето на Словенија и Хрватска директно ќе ја прашам Владата дали ние и на која дата Владата смета да ја признае Словенија и Хрватска?

Да ги расчистиме поимите. Донесен е акт, донесен е пакет, не знам што, но кога тоа ќе биде. Директно датата кога Словенија и Хрватска ние ќе ги признаеме. Само така може да излеземе пред јавноста, пред македонскиот народ со еден факт кој навистина ние сакаме да бидеме признати и ги признаваме независните држави во Бивша Југославија. Ако така продолжиме и одиме по нашироко, не го признаваме комшијата, а треба да признаваме не знам кого или да не признаат, ние паѓаме во вакуум.

Значи, молам во овој момент до колку потпретседателот нас Владата има документ со кој е одреден датумот на признавањето, уште веднаш да кажам да не запознае кој ден ќе биде призната Словенија и Хрватска од Владата на Република Македонија.

Во дадениот момент, не сакам да ги повторувам многу јаки беа зборовите на пратеникот на ВМРО, на мојот колега, каква улога игра спортот. Спортот е амбасадор на државите во другите држави. Понекогаш јас го гасам телевизорот. Зошто, ќе ме прашате? Еве зошто драги колеги. Затоа што кога ќе излезе наш коментатор каде што учествуваат наши екипи или наши деца и девојчиња упорно стои со својот став дека врши коментар од некаква Југославија каде ги претставуваат нашите спортисти.

Ве молам, има ли логика да се мачиме со денови, да го убедуваме нашиот народ дека ние во Парламентот работиме за независна држава а некој не крши.

Уште едно прашање, го поддржувам предлогот да влезе во дневен ред, уште едно прашање кое е многу значајно, членот што ќе го донесеме денес во Уставниот закон за повлекување на нашите претставници, Македонци во одделни амбасади од таа Бивша Југославија,

ја молам Владата и овој Парламент уште од поднесувањето на овој документ и усвојувањето од Владата и овој Парламент Владата да се загрижи пошто господинот Андов кажа дека Владата е компетента да се загрижи на некој начин или блиски амбасади, блиски до нас, Словенија и Хрватска или некои амбасади да ги застапуваат нашите интереси во дијаспората.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Ристевски, ако треба нешто да додаде нека додаде. Овде имаше конкретни прашања. Само да додадам околу тоа дека Владата по Уставот е овластена да признава и да бара признавање. Само за тоа да нема дилеми, инаку на прашањето одговорете.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ :

Имаше овде конкретно прашање за признавање на Република Словенија од страна на Владата на Република Македонија.

Да ве информирам дека на 14-ти овој месец Владата

донесе заклучок за признавање на Република Словенија. Меѓутоа, во согласност со претходниот договор објавувањето на тој акт требаше да биде истовремено.

Бидејќи словенечкиот парламент тоа не го направи на заседанието што беше закажано и се одржа на 15-ти, се одложи за друг ден тоа ќе направено тогаш и објавено тогаш кога ќе го направи словенечкиот парламент. Барем според изјавите што се познати, се надеваме дека тоа ќе стане наскоро. Но, кога, ниту може Владата да вети ниту кој и да е може да гарантира.

Што се однесува до спортските организации јас ви реков дека Владата ќе донесе соодветен акт зашто, нека ви кажам уште нешто, ова исто прашање беше поставено во Владата уште далеку, далеку порано. Меѓутоа, имаше реакција од страна на спортските организации во Македонија кои инсистираа да им се дозволи да учествуваат во таа таканаречена југословенска лига. Затоа во тој момент беше симнато од разгледување, но во денешните околности тоа веќе го губи својот резон и Владата ќе постапи според досегашните свои концепции во тој однос.

РИСТО КЕЛЕШОВ:

Сакам да го изразам својот револт господа пратеници околу злоупотребата на институцијата деловничко дополнување и изменуваше на дневниот ред. Ние, како што гледате, веќе полека влегуваме во материјална расправа околу признавање, непризнавање, што мислиме за Словенија и т.н. Тоа нуди нови инспирации кај други пратеници и може 2 часа за тоа да разговараме. Тоа е болест што ни се случува повеќе од една година. Го молам претседателот односно дефинитивната конструкција на Деловникот да ја исклучи можноста за дополнување на дневниот ред на самата седница. Тоа да биде во писмена форма доставено до Претседателството односно до конструкторот на дневниот ред најмалку 24 часа пред официјалната седница и еднаш да почнеме со рационална работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Келешов ќе има можност овој предлог да го даде во расправата по Деловникот.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ

Се плашам дека тоа што сакав да го кажам, што ќе се обидам да го кажам на оваа говорница денес е со одредено задоцнување. Содржината јас кажа Келешов овде. Особено после интервенцијата на господинот Јордан Бошков кога веќе усвоивме една точка на дневен ред, мислам дека е последната, каде што рековме дека ќе расправаме за учеството на Парламентот за меѓународното признавање на Македонија и каде ќе можат да се најдат сите овие теми и дилеми што на некој начин ги наметнаа пратениците од ВМРО-ДПМНЕ на почетокот на седницата каде што можат консеквентно и рационално да ги расправиме и во рамките на таа тема. Тоа е рационалноста што треба да ја примени овој Парламент и од некои други причини.

Упорно е кажувано, имаме нова состојба, многу уставна Македонија каде сите овие прашања и проблеми се во надлежност на Владата. Ако постоеја дилеми во субјективните сили овде, во овој Парламент и надвор од Парламентот, во Република Македонија, за поинакви становишта по ова прашање, нужно беше да се водат вакви расправи и да се инсистира по ваква проблематика да се расправа во овој Парламент. Ако тие прашања ги апсолвиравме на најдобар можен начин и добивме меѓународно признавање за правната конструкција и за редоследот, стаменоста и специфичностите што Македонија ги влече на тој план и на ред е Владата оперативно да ги влече потезите со сите информации што ги има, а ние ги немаме што сме во објективна положба таква како пратеници, треба на Владата да и дадеме доверба во таа насока на планот на активностите за меѓународно признавање на Република Македонија.

Би додал, веќе мислам дека по моја оценка не е толку сега адекватен проблемот на самостојна и суверена Македонија што не притиска така што ние го прикажуваме овде маркетиншки дека ни претстои една друга темпирана борба во наредниот период која може да не разнесе сите....

СТОЈАН АНДОВ:

Да не расправаме.

НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:

Само да го фиксирам проблемот за да кажам дека ова е лук и вода.

Постои бомбата на социјална тензија која може сите напори што досега ги правевме да ги однесе во воздух. Јас ова го кажувам при оваа можност со сета сериозност и мислам како Парламент треба да се свртиме на таа страна а да ја оставиме Владата да ја тера работата како што ја тера и по одредени моменти да слушнеме извештаи во Парламентот што се случува и како се случува, сите тие резултати.

СТОЈАН АНДОВ:

Уште еднаш потсетувам не може овде да покренуваме прашање за ограничување за уставните овластувања на Владата и преземање компетенции од причина што не сме компетентни тоа да го сториме. Уставот не дава право тоа да го сториме. Тоа е дел од тој наш европски устав што го имаме, така е во цела Европа, извршната функција е поделена, нејзе и припаѓа, одвоена е, а ние овде се занимаваме само со законодавна функција.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Се усвои 21-та точка во дневниот ред, јас само сакам да поставам 2 предлози за дополнување на овој дневен ред. Вие, ако прифатите да разгледуваме на оваа седница, ако не ова да биде задолжение како редовни точки да влезат на првата наредна седница.

Првото дополнуваше сакам да го предложам да се направи во дневниот ред, да се расправа за донесување одлука за гаранција за девизните штедни влогови на дел на граѓаните од Република Македонија и да се даде гаранција како држава дека тие влогови ќе бидат надоместени. Ова го предлагам од друга причина што со тоа ќе покажеме дека навистина како држава имаме посебно место за признавање. Ако не сме сега готови, како и втората точка да се даде на Владата да ни даде податоци и на наредна седница да расправаме.

Вториот предлог е, на два дена во "Вечер" излезе нарачано убиство за 30 иљади германски марки да се убие сега, за жал, да кажам покојниот министер, дека е таа нарачка прифатена и дека во неа учествуваат високи органи на органот за безбедност односно на Министерството за внатрешни работи, дали^" ќе може сега да добиеме комплетен извештај или не, ќе дозволиме преку наши дневни натписи да се воведува тероризам во Македонија. Не можеме ние како орган на власт да дозволиме преку дневниот печат да воведуваме подземје. Ова е основниот елемент кој ја руши стабилноста на една држава.

Ве молам, ги поставувам овие две точки на дневен ред ако најдеме за сходно сега да се вклучат за расправа, ако ниту

Владата ниту ние сме готови да расправаме по ова, тогаш да донесеме заклучок овие две точки да влезат во дневен ред за наредната седница задолжително.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали господин Ристовски сака да каже нешто по овие две точки?

За првото прашање ќе каже господин Беќир Жута.

БЕКИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, прашањето на девизното штедење на граѓаните, депонирани во Народната банка на Југославија и за кое е гарант Федерацијата е прашање своеврсно. Но,допуштете, немојте пред време, затоа што тоа е во контекстот на сите прашања сврзани со делбениот биланс и тој долг со соодветен кој е изразен во точна и фиксирана сума, ќе го преземе Републиката, а како ќе го решава, мислам дека овој Парламент ќе одлучува и ќе има прилика како ќе го решава Републиката. Не би требало да ги прејудицираме работите пред време, затоа што сметам дека ќе ги прејудицираме некои работи пред време да го преземеме долгот,а со тоа и на економски и на политички план ќе предизвикаме само негативни последици, никакви други. Меѓутоа, тоа не значи дека Републиката еден ден тој долг со сразмерниот дел за своите граѓани нема да го преземе врз себе, а какви решенија ќе преземе овој Парламент ќе предлага и ќе одлучува. СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам предлогот на господинот Стојановски да се усвои во овој контекст, Владата да ја задолжиме, сега да усвоиме работен заклучок, да се задолжи Владата да подготви информација како мисли ова прашање да го решава и таа информација да се достави до Собранието. Кога ќе ја видиме информацијата ќе знаеме дали да расправаме по неа на седница или пратениците ќе бидат задоволни само со прочитување на пратениците.

За збор се јави Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувани пратеници, мислам дека претседателот почна да работи по Деловникот и го прекина пратеникот Стојанов и мислам дека ќе продолжеше, за наеднаш веднаш да прекине и да го прекршува Деловникот особено со последново. Сметам дека деловнички не е спорно дека пратеникот може на самата седница да предложи дополнување на дневен ред, во таа смисла го прескокна и укажувањето на Келешов, согласно Деловникот. Но, не оспорувам дека и прашањата кои на оваа седница се покренати не се важни и битни прашања. Едно е многу битно, на самата седница за да не би дошло до овие немирни состојби, да стануваат членовите неприпремени работи, сметам дека секој оној односно тоа е регулирано со член 99 од Деловникот, треба кога ќе предложи дополнување на дневен ред да ја образложи итноста. Многу е битна итноста за Парламентот и Собранието да расправа. Инаку, сметам дека секој пратеник за ова овде што беше, па и малку што е совесен во однос на дневниот ред, можеше вчера, пред 10 дена да седне да напише или некој да му напише пет збора и да влезе во нормална процедура на дополнување на дневниот ред. Овде јас не знам што е, особено и од претседателот на Законодавно -правната комисија кој требаше ова да го знае. Доколку се знае и Собранието, не се впушта во расправа, Собранието веднаш по дополнување на дневниот ред се изјаснува дали тоа прашање е итно и неодложно. Ако тоа на самата седница го решиме дека е итно, го поставуваме на дневен ред. Сметам дека претседателот отстапи, беше остар уште еднаш да кажам и мора да се однесува спрема сите пратеници исто и овие состојби ќе ги надминевме доколку го почитуваме овој дневен ред и од почеток тука е нашиот проблем на самата седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Говорот држи, меѓутоа е многу тешко овде да не се отстапи од Деловникот кога луѓето едноставно доаѓаат на говорницата и си продолжуваат.

БЛАЖЕ РИСТЕВСКИ :

Се извинувам што можеби по четврти пат излегувам на говорницава. Што се однесува до овие алармантни написи во"Вечер" кои се користат и на пошироки простори, сакам да го информирам Парламентот дека Владата има формирано посебна комисија за испитување на случајот на Мијалков и нејзините наоди, и сите согледувања ќе бидат наскоро соопштени. Според тоа, мислам дека во овој момент ниту е опортуно, ниту ќе има каков и да е резултат, внесувањето во дневниот ред и разгледувањето на ова прашање, со оглед на фактот што се работи за процес на испитување на сите релевантни фактори што за сега и се на располагање на Комисијата на Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, владина комисија постои, таа уште работи и со работата ќе не извести.

Предлагам со ова да го заокружиме дневниот ред.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Можеби ќе направам преседан, меѓутоа, тоа е од причина што и Владата направи еден таков преседан за самата седница, па немавме време во писмена форма да го доставиме. Меѓутоа, во Службата, дактилобирото го стави предлогот за куцање, сметајќи дека има можност, користејќи го членот 99, 344 и 339 од Деловникот да предложам донесување на закон по итна постапка за дополнување на Законот за посебниот данок на промет за производи и услуги и тоа

во тарифниот број 4 што се однесува за ослободување од плаќање данок на промет на детски, машки и детски и женски обувки до бр. 34 заклучно, тоалетен сапун, сапун за перење, детергенти, тоалетна хартија како што беше во првобитниот текст на членот 1 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги што го предложи Владата, а за кој, иако не добивме во писмена форма предлог од Владата за повлекување од дневниот ред на барање и инсистирање на министерот беше симнат. Образложението се состои во следното. Законодавно -правната комисија предлогот на овој закон го гледаше на 17 јануари и меѓу другото зазеде став истиот да не се донесува во форма на парцијално менување на законските решенија за посебниот данок на промет на производи и услуги, туку да се донесе целосен закон за посебен данок на производи и услуги. Бидејќи од Владата немаме гаранција и предлог за рок кога овој закон ќе влезе во процедура односно кога ќе бидат фузирани стапките на основниот и посебниот данок на промет за да имаме пречистен текст во поглед на даночната политика за оданочувањето на прометот на производи и услуги, а и заради тоа што Комисијата за финансирање и буџет, а и Комисијата за стопанство го гледаа предлог-законот и го усвои со измените воведувањето на овие даночни оптоварувања да не бидат опфатени односно да не се воведуваат нови тарифни броеви или само да остане ослободувањето од плаќањето данок на промет на она што беше предложено во член 1, предлагам без отворање расправа по однос на предлогот како овластен предлагач кој што го поднесувам, Собранието да се изјасни за дополнување на дневниот ред со точка Закон за дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги.

Писмениот текст во текот ако биде усвоен пратениците ќе може да го добијат. Овој предлог, итноста се состои во тоа што ги става граѓаните во поповолна положба, а и веќе по однос на член 1, соодветните надлежни работни тела, па и Владата се согласија.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, мислење на Владата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Мислам дека непотребно го исилуваме овој проблем денеска. Ние го респектиравме мислењето на Законодавно -правната комисија и затоа дадовме предлог за повлекување. Причина повеќе што проектот на Законот за данокот на промет што го изготви Министерството за финансии веќе е во Владата и чека да дојде на редовна седница најверојатно веќе на првите седници. Според тоа, Законот за данокот на промет на кој инсистираше Законодавно -правната комисија ќе биде можеби за следната седница на Собранието на дневен ред. По самиот предлог точно е дека јас се изјаснив вчера на Комисијата, зашто ако се усогласат собраниските комисии меѓу себе, не е проблем да се прифати амандман, наместо предложените 4 или 5 члена кои се таму да се повлечат со амандман и со амандман да се додаде нов предлог кој сега се предлага. Меѓутоа, мислам дека проблемот, особено, со прифаќањето на ставање на дневен ред на Законот за продолжување на Законот за данокот на промет не е од така итна природа, не инсистираме да се расправа, а ако Собранието прифати немаме против.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи Мислењето на Владата дека ова не е од итна природа.

Предлогот на Уставниот закон, мислењето на Владата на Република Македонија и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Иван Иванов.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, колку што можев да сфатам од материјалите предлагач на овој закон се група на пратеници кои Уставната комисија го има прифатено и ни го предлага денес да можеме по него да водиме расправа и да го усвојуваме. Претпоставувам дека намерата е добра и со неа се дека да се постигнат одредени ефекти во корист на Републиката. Сепак, поаѓајќи од многу релевантните прашања кои се непосредно поврзани со ова прашање, како и формулацијата по која се изјаснуваше нашите граѓани по референдумот, како и импликациите кои што може да настапат, молам за следните објаснувања. Дали се согледани ефектите односно импликациите кои од ова можат да произлезат, посебно во делот на материјалната сфера. Дали со понуденото решение не се задира во понудените решенија по кои беше изведен референдумот односно произнесувањето на нашите граѓани. Дали се созреани условите за повлекување еден ваков потег. Бидејќи се работи за еден уставен закон односно во услови кога се претставуваме и претендираме за европска и демократска држава, дали е умно и прифатливо, на ист ден, односно на иста седница да расправаме по иницијатива Предлог -донесување,усвојување и негово прогласување. Молам, за објаснување од Владата односно Уставната комисија која е предлагач на ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Известителот од Уставната комисија Киро Поповски.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, Предлогот на групата на пратеници за измена на Уставниот закон беше предмет на расправа во сите комисии во Собранието и тој е поддржан. Исто така, и Владата на Република Македонија овој предлог го разгледа и му даде целосна поддршка. По утврдувањето на извештаите од комисиите и мислењето на Владата, Уставната комисија повторно расправаше и сите аспекти, вклучувајќи ги и овие сега што беа покренати, беа земени предвид и врз база на вкупната расправа по комисиите, мислењето на Владата Уставната комисија ги предлага овие измени на овие два члена на Уставниот закон кој што се дадени во Предлогот на групата пратеници од Републичкиот парламент. Во таа функција предлагаме и да се усвојат.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали во општиот претрес некој бара збор?

НАУМ СИМАЈНОВСКИ:

Почитуван претседателе, недвосмислена е потребата од донесување на ваков закон. Но, јас би сугерирал дали е погодно ова време за предлагање на ваков закон. Навистина, не сме за мини Југославија, за нејзин влез, што истото го истакна господинот Блаже Ристевски, но јас би истакнал само еден елемент. Дали со овој акт во овој момент на изгласување на овој закон истовремено не се откажуваме и од останатите институции кои важат во Југославија, поточно на југословенскиот монетарен систем. Тоа поконкретно значи дали ние со ова не се откажуваме од девизните резерви кои ги има Југославија. Ова го поткрепувам со податокот Словенија и Хрватска пред донесувањето на нивните одлуки за повлекување на делегатите

од Сојузното собрание веќе имаа донесено закон за девизно штедење. Ние во овој момент како Македонија тоа го немаме. Дали едното со другото е во врска. Молам, Владата по ова прашање да заземе соодветен став. СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира, не е во врска тоа едно со друго. Ова е сосема друго. ЉТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Не знам, отвораме општа дебата, прво, ние ги презедовме со Уставниот закон сите закони кои можеме да ги применуваме се додека не оцениме дека треба да се изменат. Според тоа, регулатива имаме.

Второ, ако правиме вакви потези кои што произлегуваат од Уставот што се предвидени денес со Уставниот закон, аналогно на тоа такви потези и поставки ќе се прават во сите сфери. Ќе се утврди динамика и од Собранието и од Владата, секој со своите надлежности кога кои потези ќе се прават.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;

Дами и господа, секој од нас има глава и треба со неа да мисли и размислува. Меѓутоа, кога ќе поставиме прашање дали ќе треба да имаме самостојност или не, токму тој момент таа глава ја чини ведра и самостојна. Не сакам на никој да му приговорам дека поинаку размислува од мене. Меѓутоа, да знаете дека одредбите од членовите 11 и 12 се токму пречки да може Владата и другите органи на извршната власт, како и ова Собрание, слободно да работи како самостојна и независна држава. Ако постоеја тие органи во кои ние ќе учествувавме, да знаете дека не ќе имавме можност да бидеме самостојни.

Затоа, предлагам двата амандмани односно едниот амандман да се усвои и повеќе да не се расправа за оваа работа. Оној кој се плаши од врапци, да не сее просо.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор?

Збор бара господинот Иванов, но еве ви дадоа објаснување господине Иванов. Ќе ви дадам збор, но еднаш веќе зборувавте

ИВАН ИВАНОВ:

Прво сакам да му заблагодарам на господинот Томислав Стојановски за тоа дека треба трезвено и со ладни глави или трезвени глави да ги гледаме проблемите. Моите прашања беа упатени токму на една таква работа и со таква цел. Според тоа, од тој аспект мислам дека правењето на едни вакви констатации сигурно дека држат место.

Што се однесува до даденото објаснување на потпретседателот Поповски, кој е еден од предлагачите, јас не добив одговор на прашањата кои ги поставив како објаснување. Меѓутоа, тука сме за тоа што се вели, сите ја носиме заеднички одговорноста.

ТИТО ПЕТКОВСКИ :

Господа пратеници, јас се извинувам прво за една дигресија, но нашиот народ знае да каже "не може и риба и девојка". Ние како држава, како Република, како Парламент се определивме. Отидовме на референдум за самостојна суверена држава, сите потези ги влечевме во рамките на договорот што го направивме со Европската економска заедница, добивме извештај од Бадентеровата комисија дека Македонија ги исполнува условите за меѓународно признавање и ова е логичен потег кој треба да се повлече во целиот процес на меѓународно признавање на Македонија. Инаку, секој би размислувал исто логично ако тој потег после овој акт не се повлече дека Македонија се определува да остане и натаму во една таква заедница.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве известувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност поднесоа амандман на член 2 на текстот на Предлогот на Уставниот закон.

Претставникот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на седницата на Комисијата за уставни прашања го повлече амандманот, а исто така и Комисијата за контрола над работата на Службата за

државна безбедност се согласи да биде повлечен тој амандман.

Отворам претрес по текстот на Уставниот закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Ве известувам дека Предлогот на Уставниот закон е усвоен ако за него гласале повеќе од две третини од вкупниот број пратеници.

Предлогот на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

90 пратеници гласаа за предлогот.

(ВО салата се слушна аплауз).

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои Законот за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Врз основа на член 133 од Уставот на Република Македонија предлагам Собранието на Република Македонија да ја донесе следната одлука за прогласување на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија:

Се прогласува Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, што го усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 22 јануари 1992 година.

Предлогот на одлуката за прогласување на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За предлогот гласаа 89 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој).

Констатирам дека Одлуката за прогласување на Уставниот закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е донесена.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија Тито Петковски)

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Преминуваме на третата точка - Нацрт на Републичкиот буџет за 1992 година.

Нацртот на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Нацртот на буџетот.

Молам, кој бара збор?

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Пред да се отвори расправа по Нацртот на буџетот, имам една принципиелна забелешка. Сметам дека претседателот на Владата по оваа точка треба да биде присутен на седницава, бидејќи се расправа за Нацрт на буџет. Излегува дека тој што е најповикан да биде присутен - јас не знам дали од оправдани или неоправдани причини е отсутен - е отсутен од седницата кога се расправа по оваа точка, а јас мислам дека нема логика да се расправа по Буџет, ако не е присутен првиот човек на Владата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Прашањето дали да се расправа или да не се расправа заради отсуството на претседателот нека се изјасни Собранието, јас немам забелешка, меѓутоа бидејќи е утврден дневниот ред мислам дека треба да се расправа.

Второ, Владата го задолжи министерот за финансии да подготви и соодветно образложение аз седницата. Не знам дали тоа е во соработка со Претседателството на Собранието договорено и ако нема пречка такво образложение ќе се даде.

Трето, мислам дека нема пречки да се расправа и без присуство на претседателот со оглед на тоа за какви задачи расправаме денес, претседателот заради тоа е отсутен, а не заради потценување на точката за која треба да се расправа и молам да се респектираат овие три забелешки.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи процедурално нема никакви пречки да се расправа без присуство на претседателот на Владата, имаме предлог да ја цениме целесообразноста, јас да прашам дали е претседателот на Владата во состојба да дојде за да го ставам предлогот на гласање. Мислам дали е присутен, дали е тука во Скопје?

ЈОВАН АНДОНОВ:

Не е надвор од Скопје, но е зафатен.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали господинот Џаферовски инсистира предлогот да го ставам на гласање.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Да, суштински е.

НИКОЛА КРСТЕСКИ:

Предлогот во присуство на претседателот на Владата да се расправа барем не е предвиден со Деловникот за работење. Друго, по строга поделба на власта, секој си ја врши својата работа, Владата има сопствена работа издвоена од Парламентот, а овластува само претставници кои се назначени во материјалот односно по Нацртот на Буџетот тоа е министерот за финансии и заменикот министер. Значи, тој треба да ја напушти сопствената задача за која е овластен, а да присуствува тука. Во западните земји, конкретно во Америка воопшто не контактира Владата и Парламентот, секој самостојно си ја обавува работата, евентуално ги застапуваат претставниците.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Прво, му благодарам на господинот Hікола Крстески што кажа како во Америка функционира Владата. Прашањето на присуство на претседателот на Владата при расправа за Буџетот е суштинско прашање, не е од формално правен карактер и во таа смисла господинот Џаферовски и ние го покренуваме прашањето. Ако претседателот на Владата најде за сходно да не е присутен при расправата за Буџетот, кој се донесува за тековната година, не знам дали има друго приоритетно прашање на кое Владата ќе ја рефлектира својата политика спрема Парламентот и воопшто во Републиката и државата.

Јас уште еднаш инсистирам, потпретседателе овој предлог да биде ставен на изјаснување пред овој Парламент.

ЈОВАН АНДОНОВ:

Почитувани пратеници, нашиот претседател навистина беше спремен да учествува во расправата за Буџетот, меѓутоа не заборавете дека таа беше за вчера закажана. Денес тој има закажано состаноци со странски државјани, си има план кој е неодложен.Ве молам да продолжите

расправата, ако некаде нешто се заглиби, јас не верувам, бидејќи министерот за финансии е најзапознат со таа работа, тој ќе биде во можност да одговори на сите ваши прашања. Сепак, ако се појави потреба до присуство на претседателот, Ве молам, јас ќе го повикам да дојде. Значи, тој немаше намера да отсуствува, за вчера му беше планирано времето да присуствува, меѓутоа, денес состојбата е таква што навистина не можеше да го предвиди тој термин. Јас ве молам да продолжите, со тоа што ако се појави потреба ќе го викнеме.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Јас не навлегувам во формално -правните и управни работи. Влегувам во една друга ситуација. Бидејќи се донесува Буџет, ве молам, ве молам, сослушајте што е во просторот, и значењето на Буџетот за Македонија за 1992 година. Инфлацијата не знам како е предвидена и не знам како експертите го гледаат тој Буџет, мислам на експертите во Владата. Инфлацијата во 1992 година со оваа пара со која денес работиме, динарот може 1000% да биде под инфлација. Дали Владата ја има предвид инфлацијата за да донесе Буџет за целата година и второ, дали Владата ...

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ве молам ова не е за конкретниот проблем. Предлогот на господинот Џаферовски беше дали да се расправа во отсуство на претседателот на Владата.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Добро.

ФАИК АБДИ:

Чинам дека е многу оправдано потребата од присуство на претседателот на Владата на оваа наша седница, заради тоа што расправаме за една тековна година во едни многу лоши услови на живеење, стопанисување итн. Меѓутоа, овде имаме експерти од сите области и сите ресори и сигурно тој Буџет е создаден врз база на согледувањата на сите ресорни министерства и тука имаме потпретседател на Владата, министер за финансии и сигурен сум дека се она што ќе разговараме денес, ова е почетно, сигурно ќе се пренесе пак во Владата и пак Владата ќе дојде овде со една дефинирана пресметка како Буџет за 1992 година. Ако претседателот не може да присуствува заради причините кои ги кажа потпретседателот, ние денес треба да расправаме овде. Сигурно има многу нешто ново да кажеме овде и сигурно ќе нотираат министрите, особено министерот за финансии.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Јас не го поставив ова прашање за да му дадам технички и формално -правен карактер дали треба или не треба од формално -правна страна. За мене ова прашање е суштинско, уште повеќе што ние како Парламент односно Владата нам ни нема доставено и ние немаме усвоено Програма за економската политика за 1992 година, а расправаме за буџет за 1992 година. За мене исто така е многу суштинско прашање односот на Владата кон Парламентот, бидејќи овој Парламент ја избира Владата а не обратно и односот кон актите кои ни ги нуди . Ве молам, ако Буџетот за некого значи само донесување на некаков акт кој е така само од формално -правна природа и техничка природа, ќе се донесе и дека е завршена таа работа, јас така не го сфаќам и ова нема никаква тенденција некој да се омаловажи или да се наметне овде, туку

потребата е суштинска, премиерот односно сите министри во Владата кои се задолжени по оваа проблематика да бидат присутни, бидејќи расправаме за Буџет кој ги има сите параметри на оптоварување на стопанството, даноци на граѓаните итн. и како ќе се трошат тие средства. Ако сето тоа е вака, тогаш треба најсериозно да му пријдеме на овој проблем, а не сега да расправаме за тоа дали има или нема потреба некој да биде присутен.

СИМЕОН ИВАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, ќе се обидам да дадам еден предлог кој би бил компромисен меѓу потребите и она што беше предложено. Бидејќи пратеникот Џаферовски инсистира на присуство на претседателот на Владата за што сметам дека е во право, но ако одиме на надгласуваше ќе создадеме одредена конфузија во работата, предлагам точките поврзани со Буџетот да ги ставиме нешто поназад во дневниот ред, односно во овој момент кога претседателот на Владата ќе биде во состојба да присуствува на овие точки, да продолжиме да работиме по другите точки. Сметам дека пратеникот Џаферовски се согласи со тој предлог, сметам дека претседателот на Владата во текот на денешниот ден ќе најде време, сметам дека и членовите на Владата ќе го известат, тој кога ќе има празнина во терминот во неговиот дневник на работење денес да дојде и ние да одиме на расправа по Буџетот и точките околу Буџетот. Сметам дека тоа би бил еден компромис за да не навлеземе во една конфузија во која очигледно навлеговме пред да почнеме расправа, респектирајќи ја и сериозноста на прашањето, а респектирајќи ги и прашањата на претседателот кој веројатно во својот дневен ред и во својот денешен тајминг работи.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Изгледа сериозни се определени дилеми кој се отвораат кај нас и се наметнуваат одредени дилеми за размислување. Прашања кои и не се во надлежност на Собранието, туку се чисто во надлежност на Владата се бараат по секоја цена да бидат изнесени, како што беа и некои од барањата при утврдувањето на дневниот ред. Прашањето кое е презентирано сега се условува доколку претседателот на Владата, или целиот состав на Владата не е присутен, не може да стартира на расправа. Дилемата ни се наметнува, што е посреди. Во одредени моменти загреано се настапува за суверена и самостојна република, енергично се бараат одредени потези кој не се и во доменот на овој Парламент, односно во доменот на Владата. Јас ве прашувам дали може да постои држава која нема свој буџет. Прашуваше ли некој за Бивша Југославија без буџет во 1991 година, како не прашува и сега никој за него. Тоа ли сакате во оваа фаза. Јас би ве молел да направите само една разлика, а таа би се состоела во следното. Овде беше подвлечено дека не е презентирана и на овој Парламент не е расправано за мерките на економската политика во 1992 година, а треба да расправа за буџетот. Мислам дека се работи за 2 документа. За првиот, за мерките за економската политика, расправа Владата и за него се известува Собранието. Водете сметка за тоа.

Второ, водете сметка и за тоа дека денеска пред вас се наоѓа расправа нацртот на буџетот за 1992 година и расправите кои би се воделе и сугестиите и предлозите кои би се дале денеска и оние што се расправани на комисиите надлежни по оваа

проблематика на ова Собрание тие ќе бидат презентирани и ќе се имаат предвид при концепирањето на предлогот на буџетот. Јас ве молам водете сметка уште за еден аспект од тоа прашање. За секоја дилема што би се појавила Владата е блокирана во својата работа, а од неа се бара ажурност, брзо реагирање, брзо да предлага мерки, ве молам, при тоа нејзино блокирање дали ќе биде во состојба и физички да излегува во пресрет на барањата и да ги извршува своите задачи. Колегата Андонов ви нагласи доколку во текот на расправата се дојде до некоја дилема за кој од таква природа треба премиерот да биде присутен ќе го најдеме било каде да е и било со кого да е, макар да тој не е без обврски, туку со одредени обврски кој се закажани, бидејќи никој не можеше да го претполага дека овој Парламент денеска ќе ја одржи својата седница. Ние не можеме да ризикуваме обврските свои да ги одлагаме за неколку дена, не знаејќи и ако сме во неизвесност дека седницата ќе се одржува во дотичниот ден или ќе продолжува во некои од наредните денови. Ве молам, водете сметка и за тоа. Гледате, добар дел од министрите денеска не се тука, не заради тоа што го потценуваат овој акт и значењето на овој акт, но мора да одат на оперативни задачи, бидејќи состојбите се од таква природа што не трпат одлагање и присуството нивно се бара на лице место во одредени средини, или во нивните кабинети со одредени луѓе кои треба да дојдат и да се договараат за натамошни активности. Впрочем, ваше е да оцените, можете и да го одлагате, меѓутоа се прашувам што се добива со тоа што ќе се одложи расправата по нацртот. Дали ни беше добро лани кога истиот го донесовме во јули првите денови од 1991 година, ако сакаме да ја повториме таа

состојба, дајте така да се договориме како ќе постапуваме, но сметам дека не е тоа, тоа. Но расправата по нацртот не треба да се врзува за мерките на економската политика, бидејќи тоа е во надлежност на Владата, а Парламентот ќе биде известен со тие мерки, како што е во контекстот на компетенциите на Владата односно на Парламентот. Сметам дека не би се изгубиле од тоа што се смета, а во меѓувреме би се обиделе и да го извлекуваме од оние средби во кои за многу значајни проблеми се расправа во тие средби, да го повлекуваме претседателот, дотолку цените до таа мерка е позначајно овде и да ги откажува преговорите со одредени претставници што ги води за доста сериозни проблеми, но дали тоа треба да биде пресудно за да се рече не расправаме, треба да оцените.

ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:

Јас мислам дека треба да продолжиме со работа, бидејќи скоро 2 часа губиме од дневниот ред и оваа точка. Мислам дека треба да бидеме малку продуктивни, бидејќи продуктивноста како да ја заборавивме. Денеска предмет на расправа имаме нацрт на буџет. Ние ја знаеме постапката сите како тој буџет се усвојува и која е постапката, како оди по комисиите. Спрема тоа, може би добро беше, меѓутоа, повторно ние сме виновни сите тука што седиме кој што правиме и непотребни трошоци, заради тоа наше неорганизирано работење што ги продолжуваме седниците со 2 и повеќе денови. Заради тоа мислам дека работата треба да продолжи, кога веќе знаеме дека сите овие наши забелешки што ги имаме по нацртот, можеме денес да ги наведеме, а исто така тие забелешки ги поднесовме и преку

комисиите. Секоја комисија, барем мене колку ми е познато, раскраваше, Ако таму расправавме, а тоа е нацрт, не е предлог-буџет, не е толку пресудно, заради тоа и се вика нацрт, но мислам дека ние треба да работиме и да не губиме време, да продолжиме со работа. Ако има можност претседателот подоцна да се приклучи нека се приклучи, а ако не, тука има министерство, Министерството за финансии беше присутно барем во мојата комисија каде што јас работам и ги даде потребните објаснувања и ни даде и потребни упатства за тоа како да ги поднесеме тие предлози и да ја продолжиме работата. Ако губиме време, само може повеќе да не чини.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Господине потпретседателе, почитувани пратеници за тоа каков однос има Владата или одделни членови на Владата кон Парламентот и на самиот премиер, зависи пред се од Парламентот. Каков однос има Парламентот кон тие прашања, така ќе го одредува и Владата и нејзините министри односот кон Парламентот. Ако Владата чувствува дека нема прашања кои што можат без поголема тешкотија да поминуваат во Парламентот, таа нема да се обидува да доаѓа со најсилниот состав овде и да ги врани тие свои предлози. Според тоа, дел од вината во врска со тоа, веројатно лижи и во Парламентот, бидејќи ако не од првиот пат од вториот пат предлозите поминуваат. Меѓутоа, јас овде сакав да кажам следново во врска со ова прашање. Дека единствена" посериозна причина е отсуството н премиерот одлагањето на вчерашната седница. Тоа може да се уважи и треба да се уважи, бидејќи овој ден не беше планиран за расправа по овие прашања. Но, ако се работи за документ каков што е буџетот, тогаш може да се направат и

поинакви редоследи на работата за да може евентуално да се присуствува иако се смета дека тој документ е значаен. Но главно што сакав да кажам е овде изјавата на потпретседателот Жута дека Владата ќе го информира Собранието за тековната економска политика според прописите и дека меѓу буџетот и тековната економска политика нема можеби таква директна врска, огромна, која мора да се гледа истовремено на самата седница на Собранието, или врска која не претпоставува прво да се гледа тековната економска политика а потоа да се расправа аз буџетот. Јас сакам да потсетам на две работи.

Прво, на ова Собрание ние потсетивме пред Нова Година дека има обврска Владата да поднесе документ за тековната економска политика за 1992 година. Имаше извесна расправа и дискусија во врска со тоа. Во врска со тоа, беше усвоен и заклучок на Собранието дека Владата таа обврска ќе ја изврши и на надлежниот министер за тоа даде извесно ветување. До денеска ние тоа го немаме. Јас и денеска мислам дека макар 5 елементи основни на стопанството треба да му се соопштат што го чека во идната година. Да се тврди дека условите се вонредно тешки и дека не може ништо да се планира и така натака, не може да биде издржано до крај, заради тоа што можевме ние, не дај Боже, да водевме и војна, но треба да знаеме што ќе правиме и во такви услови со 5 набележани елементи, ако не со повеќе. Но ете ние денеска слушаме дека нема Владата работа подготвува и дека ќе се подготви документ и ќе го информира Собранието и од тоа никому ништо. Мислам дека тоа не е добар однос. Ние требаше досега да имаме тековна економска политика. За да кажеме дека е многу важно да имаме тековна економска

политика или основни елементи на  тековната економска политика во рамките на сите овие сложени услови колку што тоа го допуштаат зборува само еден факт што ќе го спомнам, што го покажува Буџетот кој што ни се предлага. На пример од вкупните средства 64 милијарди колку се без здравство, без вработување, без пензиско и инвалидско, придонеси и т.н. 40% се предвидува да бидат за интервенции во стопанството. Тие интервенции во стопанството сепак можат да почиваат на некаков економски поглед, тој што ќе биде аргументиран за да може да се процени оправданоста на пласманот на толкава собрана количина и толкава количина што се планира да се дистрибуира низ механизмите и институциите на Владата и низ самите ресори и слично на тоа. Според тоа, прашањата се посериозни отколку вака како што слушаме образложение.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Јас молам во интерес на работата да се одложи расправата по оваа точка, ќе се обезбеди поместување на одредени обврски на претседателот на присуствува, а останатите аспекти во врска со Буџетот ќе ги расправаме во текот на расправата.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Објавувам пауза од половина час.

Се работи за измена и дополнување на десетина члена и сметаме дека со оглед дека не се работи за сложени работи, за сложен и обемен закон нема потреба да оди во две фази. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Ние овој предлог за донесување на Закон за изменување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи со предлог на закон го разгледувавме и согласно расправата што беше водена на седницата на Комисијата заклучивме да му предложиме на Собранието сепак овој закон да се гледа во две фази, тоа значи сега само предлог за донесување, а комплетно законот да биде на наредната седница. Меѓу причините кои што беа спомнати и на Комисијата, а морам да кажам дека дополнително се доставени амандмани од страна на пратеникот Алил Џаферовски кои Комисијата не успеа да ги погледа до денешниот ден, односно до отпочнувањето со работа на Собранието. Меѓу другото имаше забелешка на членот 3 околу составот на Комисијата за условен отпуст каде што преовлада мислење дека во составот на Комисијата треба да се извршат промени односно Комисијата да понуди односно предлагачот еден сосема нов текст на тој член од Законот во кој што меѓу другото се спомнува потребата да се преоцени дали има можност во составот на оваа комисија да учествува во работата покрај едно стручно лице и од составот на Собранието на Република Македонија. Оттаму мислам дека доколку се одлучи Законот да се гледа во скратена постапка предлагам Комисијата за внатрешна политика ОНО и ОСЗ да се повлече и да го разгледа Предлогот на законот како би можела да ги земе во предвид и амандманот понуден од страна на пратеникот Алил Џаферовски. Што значи дека

инсистирам сепак да се држиме до заклучокот на Комисијата овој закон да оди во две фази. СТОЈАН АНДОВ

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на комисијата го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 71 пратеник.

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржа од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна политика е усвоен,

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија да подготви Предлог на закон за изменување

на законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи, при што да ги има предвид забелешките на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и на Законодавно -правната комисија.

3. Овој Заклучок заедно со извештаите на Комисијата

за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно -правната комисија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За, гласаа 60 пратеници.

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Благодарам.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за употребата на името и ликот на Јосип Броз Тито со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно -правната комисија и Комисијата за општествено -политички систем Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за употребата на името и ликот на Јосип Броз Тито.

Кој е за молам да крене? (пратениците креваат рака)

За, гласаа 79 пратеници.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака?

Благодарам.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

За гласаа 77 пратеници.

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за престанување на важноста на Законот за употребата на името и ликот на Јосип Броз Тито.

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлогот на законот и извештаите на Законодавно -правната комисија, Комисијата за финансирање и Буџет и Комисијата за стопанство Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.

Кој е за молам да крене рака?

Благодарам.

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака.

Благодарам.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

ЕШРЕФ АЛИУ

Признавам дека не смеам авторизално да говорам за оваа материја бидејќи читајќи го материјалот добивам впечаток

дека не се води доволно грижа за еден принцип, заправо се работи за остварување на граѓани на работа привремено или сега како што е во мода од неможноста тука да најдат вработување, одат месец -два

до шест месеци кој како се снаоѓа да работат на црно и се враќаат дома. Во принцип не може да постои оданочување на граѓаните два пати и во земјата иако оди нешто да заработи надвор и за тоа пак да плати данок. Оваа материја би требало подецидно да се регулира и Владата на Република Македонија да врши напори со меѓудржавни договори оваа материја да ја среди. Тоа се однесува на член 15-а на Предлогот на законот.

Околу член 7 сакам да кажам дека данок на имот плаќаат и граѓаните кои се носители на старско право на стан во општествена сопственост. Ако постои веќе закон, јас сепак се прашувам оваа материја во наредниот период како ќе се регулира, Доколку нема да постои институција општествен стан туку се води посебна политика со учество лично на граѓаните да се дојде до решение на станбеното прашање т.е. целиот овој фонд таканаречен општествен да се отуѓи поради акумулирање на средства и да стане приватна сопственост, тогаш оваа материја не знам дали има место да се регулира со закон.

Ми се чини, ова го велам според мојата логика, но сепак добивам впечаток дека не се ослободуваме од тоа славно мото пролетери обединете се, за да останете пролетери - сиромашни, Со оваа трансформација се гледа секој кој има можност да поседува нешто повеќе данокот му е драстично поголем и при едно споредување на самиот данок на примања по договор до 70,000 динари е најсреќно решение. Тој што остварува милион и динар пошто плаќа бидејќи плаќа 50% данок , тоа му паѓа помалку, значи нема сметка да има амбиции да вклучи работи, да го ангажира својот интелект да добие бидејќи 50% од тоа, нешто повеќе ќе му оди во оданочување. Впечатокот ми е

дека во прашање се ситни пари иако се оди по таа логика, заправо ние како да не сакаме тука да имаме мултимилионери, мултимилијардери, граѓани кои ќе имаат фирми и корпорации, кои ќе раководат со умот и стопанството.  Во оваа насока би апелирам малку да се размисли, но без друго стручњаците останува да верувам дека мислеле подобро од мене. Тоа ми беше забелешката. СТОЈАН АНДОВ

Дали уште некој бара збор?

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот .

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

комисијата за стопанство, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија и пратениците Џелил Таири, Хамид Алиу, Тодор Петров , Симеон Ивановски и Иван Иванов поднесоа амандмани.

Со амандманот на членот 2 став 1 и 3 поднесен од Законодавно - правната комисија се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на предлогот на Закон.

Со другите амандмани поднесени од Законодавно правната комисија не се согласил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 7 и 8 поднесен од Законодавно правната комисија.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (б)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (најголем дел од пратениците)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членот 7 и 8 поднесен од Законодавно правната комисија.

Господинот Стојановски сака да каже нешто.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Господа видете што е. Членот 7 вели: "Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник" а сега го прифатиле, порано беше да влезе веднаш, меѓутоа, има

повратно дејство, а ќе се применува од 1 јануари.

Вториот дел од овој член нема уставна гаранција затоа што одредбата на членот 52 став 3 законите и другите прописи нема да имаат правно дејство освен по исклучок во случај кога тоа е поповолно за граѓаните. Оваа одредба штом ќе има повратно дејство од 1 јануари е неповолна за граѓаните, меѓутоа штетна за државата. Укажувам на една уставна забрана дека ваква важност овој закон не може да има и затоа произнесете се дали ќе допуштиме да има повратно дејство или ќе го кршиме Уставот или ќе го заштитиме Уставот и ќе имаме штета на државата, меѓутоа нека води сметка оној што го предлагал ова.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова укажување на господинот Стојановски навистина не доведува во ситуација да поведеме расправа, па го повикувам министерот за финансии зошто кога и тие знаеле какви се уставните одредби зошто инсистирале на овој предлог. Инаку со тоа ќе се отворат Уставни спорови и само ќе губиме време и тоа ќе биде поништено. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Господине претседателе нашиот одговор е дека ќе се применува од 1 јануари се смета од 1 до 31 и се што во текот на месецот влегува во месецот има третман дека се случило во конкретниот месец. Ако преминува 31 јануари, тогаш може вториот дел од членот 23 да се брише и нашето толкување односно толкувањето на законодавството односно Секретаријатот за законодавство при Владата на Македонија дека може да остане оваа одредба. СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Стојановски нека објасни во што е спорот.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Видете што, за ова што не е пропишано не може да се одговара. Ако денеска го донесеме овој закон, а до денеска некои работеа и престанаа понатаму не може да се врати наназад. Меѓутоа, што е најбитно овде? За подготвувањето да се објави овој закон е потребно 7 дена. Денеска сме 22 јануари и плус 7 тоа се 29, осум дена по објавувањето, тоа е некаде околу 5 февруари ни ова оправдување на господинот министер за повратност немаме разбирање за таква работа затоа што се работи за повратно дејство. Нека е и еден момент, нека е критична секунда Законот не може да оди назад ако е на штета на граѓанинот, а данокот е само во полза на државата, не и на граѓанинот.

Затоа овие прописи ќе треба да се носат пред стапување на дотичната дата 1 јануари и ќе биде се во ред. Добро рече господинот Андов било кој да поведе уставен спор за оној дел што ќе се донесе решението за оданочувањето да важат овие стапки од 1 јануари па натаму судот ќе му ја уважи тужбата и нормално ќе треба во преиспитување или самиот орган или по повод жалбата овој дел да го ослободи од задолжение.

Па, за да немаме вакви недоразбирања нека се произнесе Собранието дали ќе одиме на штета на граѓанинот. СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам амандманот да се брише членот 7 и 8 тоа е амандман на Законодавно правната комисија за кој расправаме сега, а членовите 7 и 8 гласат: "во членот 114 се додава нов став 2 кој гласи данок на имот плаќаат граѓаните кој се носители на станарско право на стан во општествена сопственост. Ставот 2 станува став 3"

Членот 8 гласи: " во членот 115 став 1 зборот "плодоуживателот" се заменува со зборовите "носителот на станарско право на стан во општествена сопственост" .

Според тоа овој амандман не се однесува на ретроактивно дејство. Дали на тоа се однесува? Сега расправаме за членот 7 и 8 Интервенираше Стојановски и сега треба да констатираме инаку не може така. Побара збор Туше Гошев, но да не расправаме за нешто друго. По овој амандман нема спор. ТУШЕ ГОШЕВ:

Не за друго, се однесува точно за членот 7 и 8. Став беше на Законодавно правната комисија дека овој член нема уставен основ и дека согласно член 30 став 2 од Уставот на Република Македонија дека само сопственоста создава право и обврска и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата што значи станарското право не е сопственост и не може да биде како основ за плаќање на данок на граѓаните. До колку сметате дека тие луѓе што се користат со станарското право постојат други основи во правото да ја надокнадат користењето на станарското право на таа сопственост. Да не ги мешаме поимите бидејќи носител на сопственоста на станот во општествена сопственост е друг сопственик кој дефакто и делеге постои со законот. СТОЈАН АНДОВ:

Меѓутоа господина Стојановски јас би молел овде да објасните дали останувате на ставот на Комисијата? Кој е известител по овој амандман?

Значи господинот Туше Гошев е известител па да го прифатиме како стојалиште на комисијата ова што го кажа Туше Гошев. Дали може така? Е сега е веќе сосема друга. Сега не се гласа за некоја ретроактивност, туку амандманот на Законодавно -правната комисија укажува на недостаток на уставен основ за овој член.

Сега е разјаснето.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Симеон Ивановски.
СИМЕОН ИВАНОВСКИ:

Комисијата за стопанство расправаше по оваа проблематика и во Извештајот упати прашање до Законодавно правната комисија да ја оцени уставноста на овој член. Таа се произнесе и јас го поддржувам амандманот на Законодавно правната комисија и сметам дека се во право, бидејќи до колку се усвои овој член нема да плаќаат данок оние луѓе кои живеат во становите затоа што нема уставна основа, туку ќе плаќаат сопствениците на становите, а тоа се организациите.

Спрема тоа да го разјасниме од тие причини не треба да се усвои членот туку треба да се прифати амандманот инаку само ќе направиме поголеми проблеми од оние кои постојат.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ја прифаќаме аргументацијата и го прифаќаме амандманот.
СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш е составен дел на законот , амандманот и овие 2 члена се бришат.

Немаме изјаснување по амандманот затоа што не постои основа за давање на амандман,

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на став 1 и за менување на ставот 2 поднесен од Законодавно правната комисија.

Дали некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Нека повели министерот за финансии да го прифати амандманот Треба тој да каже оти овој е друг амандман. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Одговорот е за сите три члена 7,8 и 9.
СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по амандманот на членот 2 3 поднесен од Законодавно правната комисија,

Дали некој бара збор?

Господинот Петров бара збор.
ТОДОР ПЕТРОВ:

Кревав рака да дадам еден коментар и еден предлог во однос на амандманот на Законодавно правната комисија за бришење на член 9 став 1 од Предлогот на законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Добивте збор за амандманот на членот 23.
ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас дигав рака за членот 9 и сметам дека е нужно да го дадам ова образложение. СТОЈАН АНДОВ:

Амандманот е прифатен, но можете да зборувате за основниот текст а ние ќе дојдеме на текстот на Законот,па ќе добиете збор. ТОДОР ПЕТРОВ:

Со оглед на тоа што министерот за финансии односно Владата ги прифати амандманите на Законодавно правната комисија дека не постои уставен основ за плаќање на данок на имот на граѓани кои се носители на станарско право односно тоа право и обврска за плаќање данок следува само за носителите на сопствениците на становите односно станбените згради, предлагам во членот 9 став 2 покрај точките 4 и 5 кои се бришат да се додаде и точка 2 од членот 20 кои во изорниот

текст на законот предвидува ослободување од плаќање данок на имот и на сопствениците на станбените згради и станови. На овој начин се дезавуира уставното право сопственикот на имот да плаќа данок. Со оглед на тоа што утврдивме дека е против уставно плаќањето данок на имот на носителот на станарското право, а со членот 120 став 1 точка 2 од Законот се предвидува ослободување од плаќање данок на имот на сопствениците на станбени згради и станови сметам дека Уставот на овој начин е изигран и од тие причини за да се наметне уставната обврска сопствениците на станбените згради и станови да плаќаат данок на имот што ќе ги стимулира верувам побргу ќе ги отуѓат становите кои сега имаат карактер на станови во општествена сопственост предлагам во предлогот на Законот членот 9 став 2 покрај тоа што се предлага да се бришат точките 4 и 5 од членот 120 од Законот да се додаде и точка 2 со што ќе се стекне државата со право на наплатување на данок на имот на сопствениците на станбените згради и станови.

Од тие причини беше моето излагање во интерес на почитување на уставноста и сметам дека Собранието треба да прифати во членот 9 став 2 по зборот "точките" да се додаде бројката "2".

СТОЈАН АНДОВ:

Јас мислам оти господинот Петров треба да даде писмен амандман. Јас не верувам некој сега да сфати и улови кое на што се однесува и што предлага, па нека го поднесе писмено амандманот па ќе побараме мислење од Владата и нека го разгледа Комисијата. Потоа ќе го поделиме овде откако ќе добиеме мислење од претставникот на Владата.

Дали претставникот на Владата сега разбра за што се работи?

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Интервенцијата на пратеникот Петров имаше смисла ако членовите 7, 8 и 9 беа прифатени.

Бидејќи не се прифатени останува старото решение точката 2 не треба да се брише.

ТИТО ПЕТКОВСКИ :

Видете, точката 2 од членот 120 е многу прецизна говори само за сопствениците на станбени згради и станови во кои живее носител на станарското право. Тоа е по промената на законодавството од 1973 година има таканаречени заштитени потстанари кои се трансформираат во носители на станарско право, а сопствениците на станбените згради и ден денеска не можат да си ги вратат станбените згради, Според тоа, тие немаат никаков приход, а носителот на станарското право, бидејќи е заштитен таму ужива заштита според законот за станбените односи како заштитен потстанар. Според тоа, тој нема никаков приход, а ќе треба да го обврзуваме да плаќа данок.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Дали да бараме писмено или се разбра во што е предлогот на Петров.

На Комисијата за буџет бил даден овој предлог, но таму не е прифатен.

Тогаш го давам на изјаснување на Собранието Предлогот на Петров.

Кој е за, молам да крене рака? (пет)

Мислам дека нема смисла да утврдуваме понатаму предлогот не е прифатен.

Отворам претрес повторно по амандманот на членот 23 поднесен од ЗПК.

Дали некој бара збор?

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Во писменото известување на Владата до Собранието интервенцијата во членот 23 е прифатена.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи амандманот се прифаќа и немаме изјаснување по него.

По амандманите поднесени од Комисијата за стопанство и Комисијата за финансирање и буџет и од пратениците Џелил Таири и Хамид Алиу претставникот на предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Има збор Симеон Ивановски.

СИМЕОН ИВАНОВСКИ;

Сметам дека не е исто. Ние расправавме за членовите 7 и 8 околу оданочувањето на луѓето во општествени станови.

Амандманот од Комисијата за стопанство на членот 9 каде што предлага да се брише точката 5 во ставот 1 Комисијата предлагаше да не се оданочуваат до 1600 см кубни. Образложението на тоа во Комисијата за стопанство дека се работи за коли кои не се луксуз туку потреба,

Се дискутираше и тоа дека еден голем дел од овие возила се доста застарени, дека во просек колите се постари од 10 години.

Ние сметаме дека таков имот, ако тоа е имот не треба да се оданочува, иако објективно земено е минимален предлогот што е даден, така да веројатно како Комисија нема да бидеме тврди да го браниме доколку другите пратеници сметаат дека треба да остане. СТОЈАН АНДОВ:

Му давам збор на претставникот на Владата господин Методија Тошевски. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Владата ги имаше предвид сите овие амандмани и изгради став конкретно по точката 4 ставот 2 во членот 9 да не го прифати предложениот амандман за да може да се усогласува политиката на оданочување на имотот со интенциите што беа предвидени во програмата на Владата за работа во мандатниот период. Според тоа образложението што го дава пратеникот Ивановски не го прифаќаме и остануваме на решението што е предложено во Законот.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (28).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Јас не знам точно дали вие го имате добиено писменото мислење на Владата во врска со овие амандмани на работните тела. Овој амандман е прифатен од страна на Владата.

Амандманите на Комисијата за финансирање и буџет од 1 до 11,се прифатени. СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, ова прифатен амандман и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Еве во овој момент не известуваат дека писмото на Владата се однесува за стапките на даноците, а не за ова и тоа 5 амандмани а не 11.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Кога ќе дојдеме кај стапките на граѓаните има таму амандман кој не е прифатен. Меѓутоа сега сме уште на Законот за даноците на граѓаните. СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш ќе одиме амандман по амандман.

Ве молам, изјаснете се по амандманот на член 5 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Јас ќе го образложам амандманот на член 5.

Комисијата предлага амандман за бришење на членот 5 а се работи за следното:

Амандманот се предлага со цел да остане во сила старото решение. Имено, во членот 5 е предвидено по кој основи има ослободување на земјоделците. Дали е тоа олеснување, дали се ослободувања.

Ние предлагаме, не така како што е предложено во членот 5, земјоделците до 15 февруари да поднесат барање за да бидат ослободени од плаќање на данок од земјоделска дејност за продадени производи и тоа 10% за откупените производи, како што се пченица, сончоглед и други стратешки култури. Комисијата предлага да остане постојното решение.

Со самата продажба на овие производи, со добивањето на исплатната белешка од организацијата каде што е продадено производството веднаш му се отпише данокот за дотичната година. Инаку со Предлогот од страна на Владата тоа да биде за 1991 година, да има ослободување во 1992 година, конкретно со тоа што данокот од 1991 година би се ослободил во 1992 година. Тоа е едната причина.

Меѓутоа, едно е висината на данокот во оваа година, друго е висината на данокот во наредната година, а друга е причината и таа е следната.

Бидејќи веќе за 1991 година земјоделците по овој основ се ослободени, имаме најави од Владата дека ќе имаме нов даночен систем за 1993 година, така да ништо нема да се добие со тоа што дури во 1993 година ќе имаме отпис за 1992 година, за висината на откупените производи. Поради тоа Комисијата сметаше дека овој вид олеснување да остане така како што е пропишано во Законот за даноците на граѓаните. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Владата го прифати образложеението и аргументацијата на овој амандман и го прифати амандманот. СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Ова е прашањето што го покрена и пратеникот Петров по кое веќе се изјаснивме за бришење на ставот 2. СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа не се изјаснуваме повеќе по амандманот. Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

И останатите два амандмани, амандманите 4 и 5 Владата ги разгледуваше, а четвртиот амандман не го прифаќаме. СТОЈАН АНДОВ:

Овој е амандман на член 10 став 1 и 2.
МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Точно.
СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Не знам зошто, бидејќи од практични причини подобро е и за Владата и за Министерството овој амандман да го прифати и не знам зошто не го прифати.

Тоа е амандман на член 10, во членот 122 кој што се менува и гласи дека данокот на недвижен имот во член 114, тоа е за моторните возила, став 3 од овој закон, се плаќа при регистрацијата на моторните возила, односно пловниот објект.

Нашиот предлог е овие средства што ќе ги прибира Министерството за внатрешни работи при регистрацијата на моторни возила да се уплаќаат на соодветна сметка на Републичкиот буџет директно,а не да останат во Министерството за внатрешни работи по одделна подрачна единица, па после во рок од 7 дена да се празнат на Републичкиот буџет. Сметајќи дека овие средства при земањето дека директно треба да идат на сметката 840 која што е збирна сметка, најдобро и најлесно ќе биде собраните средства од овој вид на данок да се слеат во Републичкиот буџет со што пократок рок. Заради тоа предлагаме во ставот 1 да се додадат зборовите на соодветната сметка, а ставот 2 да се брише, од чисто практични причини и заради полесно прибирање на приходите во Републичкиот буџет.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор по овој амандман? (Никој). Дали Владата го менува ставот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака (63).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 10 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Отворам претрес по амандманот на членот 20 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

ГО молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Амандманот на член 20 е прифатен.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, тогаш нема што да расправаме по овој амандман. Отворам претрес по амандманот за бришење на член 2, 12 и 15 поднесени од пратениците Џелил Таири и Хамид Алиу.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Во програмата на Владата за мандатниот период во делот за даночната политика и за развојот на општествените дејности, за еднаквото учество на граѓаните во остварувањето на приходите и остварувањето на правата беше предвидено да се воведат даноци, се разбира таму каде што тие не се косат со законодавствата на земјите во кои работниците ја остваруваат својата стопанска активност надвор од подрачјата на Републиката за да може товарот на одржувањето на заедничките функции во општата и заедничката

потрошувачка да се распоредат на граѓаните според економската моќ. Водејќи се од таа програмска задача на Владата во овие измени на Законот во членот 2, 12 и 15 кој што се врзани, Владата оцени дека не се прифатени аргументите што се дадени во образложениeто на Амандманот на пратениците Таири и Алиу, а во однос на забелешката што во општата расправа беше дадена од пратеникот Алиу, мислам дека има одговор во самиот член 2 во кој е кажано дека данок од личен доход не плаќаат лицата кои се во работен однос или вршат дејност во држава со која Републиката има склучено договор за одбегнување на двојното оданочување Во ваква ситуација сите граѓани кои би се нашле во позиција од два основа да бидат оданочени, врз основа на оваа одредба би биле ослободени.

Владата не ги прифати амандманите на членовите 2, 12, и 15.

ТАИРИ:

Сметам дека има потреба уште за додатно објаснување за нашите амандмани.

Ова што господинот министер го кажа во досегашната практика се користеше односно и во образложениeто на амандманот стои дека во неколку општини во Републиката на незаконски па дури и на неуставен начин се прибираат средства од страна на нашите вработени на привремена работа во странство.

Прво што сакам да кажам е тоа дека има една основна нелогичност.

Во образложениeто на страна 2 стои дека СФРЈ има склучено договори со доста земји во светот. Ако е тоа така, ако има склучено договори, за да не би дошло до двојно оданочување на личниот доход, тогаш зошто има потреба и да се донесе како таква. Јас не знам таква земја, дури и развиените земји воведуваат данок на личен доход, па како што сите земји сакаат да прибираат средства по тој основ тогаш веќе тие еднаш се оданочуваат. Поврзаноста на нивните

членови на семејства како што се вика овде, тоа е факт дека има членови на семејства на работниците кои се на привремена работа во странство, меѓутоа ова нема никаква поврзаност со личен доход во тие земји.

Второ, тука се менуваат и навиките и порастот на стандардот на тие работници таму па дури имаме добар дел на овие работници кои со себе ги носат и нивните семејства. Затоа ако правиме таков напор тогаш и од овој основ не ке можат да се донесат такви средства.

Во членот 15 стои дека тие работници се должни сами да го пресметаат и да го уплатат данокот од личен доход на работниците на соодветна сметка кај СОК. Тие треба прво да бидат добри книговодители, секој месец да пресметаат колку е тоа, па со тие инструменти за плаќање би го поднеле во СОК. Мислам дека тука има една нелогичност во таа смисла тие сами да ги пресметаат итн.

Би ве молел околу овие членови Владата односно претставникот на Владата не даде цврсти докази кои се тие земји. Овде не стои со кои земји имаме склучено такви договори. Ако СФРЈ, како што се вика во образложението има склучено договори нормално дека тие ингеренции спрема новиот устав доаѓаат кај нас, нормално тие прерогативи ги презема Републиката. Меѓутоа, овде не стои со кои земји има склучено договор и не убедливо е тоа, јас сум длабоко убеден дека секоја земја има воведено таков данок на личен доход па дури и најразвиените земји како што е САД и други.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали претставникот на Владата го менува ставот? МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Основната суштина на овие членови, секој граѓанин или секој член на заедницата да ја плаќа својата режија или да ја плаќа во сооднос со своите економски, материјални и други капацитети.

Не постои нелогичност. Логичноста е во тоа што вработените во странство и нивните фамилии, тие имаат документи и остваруваат права во земјата на престојот. Немаат документи и не остваруваат права во образованието, културата, здравството во Републиката. Според тоа, таа нелогичност е отстранета.

Списокот на земјите со кои има договор аз избегнување на двојното оданочување можеме дополнително да го дадеме. Би било не коректно  да ги набројувам само земјите. На пратеникот дополнително во писмена форма ќе му дадам одговор со кои земји  имаме договор за ослободување од двојно оданочување.

Уште една  работа во врска  со членот 15, во законот постои овластување на органот за работа на финансиите по потреба да дава упатства. Според тоа, за постапката на пријавувањето и пресметката ќе се сочини соодветен образец за да се олесни начинот на самостојното пријавување и уплаќање на данокот, а се разбира во постапката на контрола, тој ќе биде подложен впрочем како и сите други уплати, на одредена контрола.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (24)

Според тоа, амандманот констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 2, 12 и 15 поднесени од пратениците Џелал Таири и Хамит Алиу.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по поднесениот амандман.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Амандманот за бришење член 1 не е прифатлив.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Немаше потреба да го мачиме министерот затоа што вчера на седницата на Комисијата за финансирање и буџет сите овие амандмани во пакет беа разгледувани, ниту Комисијата ги прифати, ниту претставникот на Владата, Меѓутоа, ќе го искористам моето право да дадам образложение по однос на поднесениот амандман инсистирајќи нормално пратениците да ги усвојат.

Тоа што го спомна министерот за финансии во поглед на додавање на нов член 6-а после членот 6 се однесува на дефинирањето и редефинирањето на категоријата вкупен приход на граѓаните, во таа смисла и сите амандмани во поглед на бришењето на членовите 1, 6, 11, 13 и 14 од предлогот на законот, со цел категоријата

вкупен приход на граѓаните и понатаму да остане како еден од изворите за финансирање на општите општествени и заеднички потреби. Според мое убедуваше, заради тоа што не постои никаква општествено -економска оправданост за укинување на овој вид данок кога во услови и после 1 година кога Владата нема дефинирано целосен даночен систем кој е во постапка на донесување, ниту пак имаме зафаќање на оние делови кои како приходи одделна категорија на граѓани по различна основа ги создава. На тој начин сметам дека граѓаните според Уставот иако е уставна обврска секој да плаќа данок на државата и јавни давачки, сметам дека на тој начин граѓаните се ставени во нееднаква положба пред се по основ создавање приход од дивиденда, на интерните акции.

Од таа причина ќе го образложам и членот 6-а, заради тоа што доколку се прифати или не прифати овој амандман ќе уследи повлекување или не повлекување на сите предложени амандмани и на законот за даноците на граѓаните и на законот за стапките за даноците на граѓаните.

Сметам дека дивидендата од интерните акции како нов приход на граѓаните воопшто не е опфатена во даночниот систем и на тој начин создадени се можности и услови оваа категорија граѓани кои се стекнале со правото на дивиденда врз право на сопственост на интерни акции ги става во повластена состојба да не им биде оданочен приходот по овој основ за разлика од онаа категорија граѓани кои воопшто немаат право да остваруваат дивиденда од акции бидејќи имаат интерен карактер, а се уште не е формиран пазар на капитал и хартии од вредност за да можат да бидат достапни за сите граѓани и да можат сите граѓани да

да откупуваат акции според сопствената определба во различните стопански субјекти.

Од тие причини категоријата вкупен приход на граѓани во која влегуваат според дефиницијата на член 107 став 1 личните доходи и приходи, пензиите и надоместоците од личниот доход по основ на осигурување, обврзникот на данокот на вкупниот приход ќе ги оствари во календарската година, намален за износот на платените даноци, ослободуваше, придонеси и месниот придонес би требало да се доволни со амандманот поднесен во постапка во вкупен приход на граѓани да влезе и приходот создаден од дивиденда од интерните акции. Во услови кога посебно се уште немаме законско санкционирање на трансформацијата на општествената сопственост и општествениот капитал и другите облици на приватна сопственост и акционерски друштва сметам дека е неоправдано и противуставно на оваа категорија граѓани кои создаваат приход и нормално влегува во вкупниот приход на граѓаните по основ на дивиденда од интерни акции неоправдано се ослободени од давање данок. Таквото ослободување нас плаќање данок по основ на овој приход воопшто не е санкциониран во законот. Сметам дека не држи оправдувањето на министерот за финансии дека дефиницијата на вкупниот приход, според сегашниот закон и даноците на граѓаните се однесува само на приходи по основ на труд, а не и по основ на право на сопственост, Со оглед на тоа што и според сегашните систематизации или номенклатура на видовите даноци на граѓаните имаме и даноци кои се плаќаат по основ на имот. Значи дека, барем за мене неоправдано и неодржливо е правото на приход како право на сопственост на капитал да не може да се вгради во категоријата вкупен приход на граѓаните. Пред се од причини заради тоа што сепак кај нас интерната акција не е нова инвестиција туку претставува

откуп на фиктивно право на сопственост на стопанските субјекти на општествениот капитал.

Имајќи го сето ова предвид и сметајќи дека не оданочените дивиденди на интерните акции како приход на граѓаните би претставувала награда за оние што го разграбуваат општествениот капитал во недефинирани законски услови и со оглед на тоа дека е сега период кога се пријавуваат со даночни пријави приходите на граѓаните како основ за оданочување, а на овој начин државата би можела да создаде како изворен приход за финансирање на општите општествени и заеднички потреби поголема сума на средства и во буџетот, сметам дека би требало Собранието да го прифати предлогот односно амандманот за додавање нов член 6-а после членот 6. Во категоријата вкупен приход да влезе и приходите по основ на дивиденда по интерни акции имајќи предвид дека одделни категории или управувачки слоеви во општествените претпријатија илјадници милијарди остваруваат по основ на дивиденда а овој дел воопшто не е ограничен по ниту еден основ или било кој член од постојната законска позитивна регулатива.

бидејќи државата воопшто не дава никакви показатели односно Владата каков е ефектот од досегашното собирање од данокот на вкупниот приход на граѓаните што тоа претставувало до сега каква е таа стапка и што би претставувало на пример доколку дивидендата како приход од интерни акции би била калкулирана во категоријата вкупен приход по основ на зголемување на изворните приходи на буџетот на Републиката.

Од тие причини сметам дека доколку се прифати овој амандман би можеле да се гласаат и сите останати. Во спротивно доколку не биде прифатен јас би го повлекол меѓутоа сепак сметам дека

граѓаните ќе ги ставиме во нееднаква положба имајќи предвид дека категоријата граѓани кои создаваат приход по основ на дивиденда противзаконски и противуставно се збогатуваат и ги зголемуваат класно социјално разликите во државата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИј _

Пратеникот Петров и вчера на комисијата и денеска? на седницава разработува една многу интересна тема. Прашањето е гледано во целина е прашање кое Владата не може да не го поддржи. Меѓутоа, кога ќе се разглоби анатомијата на тој проблем ќе се види дека од овој момент не се создадени околности за да може тоа да го прифати Владата. Аргументацијата во дел ја објасни пратеникот Петров.

Во суштина прашањето на приходите од капитал и приходите од имот имаат сосема различен статус. Ние, до постојниот даночен систем го имаме разработено прашањето од приходите на имот и од вкупен приход. Во вкупниот приход ги третираме само оние приходи што се однесуваат на личниот доход и другите примања што имаат карактер и произлегуваат од личниот труд на работниците, договор за дело, хонорарна работа, разни истражувања итн.

Зошто не можеме да го прифатиме ова дополнување што се предлага сега?

Прво, прашањето на дивидендата не може да го издвоиме од прашањето на каматите на штедните влогови, ако ги поврземе овие два појавни облика на приходите на граѓаните, тие два заедно не може даги издвоиме од прашањето на сопственоста и на сопственичката трансформација која е во тек или во повој.

Владата го најави, во завршна фаза е документот, актот со кој на Собранието ќе му се предложи законски проект за разрешување на сопственичката трансформација во Републиката. задутре и во сабота е промоцијата на концептот на тој документ врз основа на која расправа ќе биде предложен и законскиот проект. Таму, додека не ги направиме пристапни методите на сопственичкото трансформирање на општествениот капитал во Републиката, воведување на било какво даночно оптоварување на приходите од акции и други форми на хартија од вредност врз кои се врши трансформација на општествениот капитал, практично би преставувало сопирачка на почетокот на таа трансформација.

Од тие причини иако прашањето е многу значајно и од аспект на фискалната политика и особено од аспект на социјалната политика заслужува првостепено значење тоа прашање го разработуваме во проектот за новиот даночен систем и доколку, во сета идеа за редистрибуција на фискалниот товар по одделни сопственички или приходоносни групи оцениме дека на Собранието треба да му се предложи решение и за оданочување на приходите од каматите и дивидендата Владата ќе биде во ситуација тоа да го направи.

Доколку се оцени, од причини што ги наведе и во студијата се подетално разработени дека се уште во овој момент додека не се заврши тој процес на трансформација на сопственичкото преструктуирање не треба да се внесе таков вид на оданочување заради стимулација и економски развој, тогаш повторно ќе оцениме дали идејата што пратеникот Петров ја дава овде, заслужува да биде и посебно преиспитана во Собранието.

Од овие причини Владата смета дека не можат да бидат прифатени предложените амандмани од 1 до 6 особено сега новиот што се однесува на член 6.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (25)

Дваесет и пет пратеници гласаа за амандманот па според тоа амандманот нема потребен минимум потребни гласови.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Амандманот го повлекува пратеникот.

Сите амандмани од пратеникот Тодор Петров се повлекуваат.

СТОЈАН АНДОВ

Отворам претрес по Амандманот за бришење на член 3 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

За збор се јави Симеон Иванов.

СИМЕОН ИВАНОВ :

Почитувани пратеници, Ве молам за мала концентрација за да би можеле да бидеме по правични при одлучувањето за да знаеме за што се работи. Имено, во членот 3 се предлага да се брише алинејата 16 со која досега беа ослободени работниците во рудниците со подземен коп од данок на личен доход. Со бришењето на таа алинеја практично се воведува нов данок, тоа било за нив ново оптоварување па мислам дека тоа тешко можат да го прифатат, бидејќи се работи за практично рушење на една стекната позиција, се работи, за една категорија на работници кои работат во најтешки услови на работа на најтешка професија, се работи за категорија на работници кои и до ден денес професијата никој не ја прифаќа и до ден денес рудниците имаат отворени огласи  и никој не се прифаќа таму да работи во една ситуација кога имаме една огромна армија на невработени Според тоа, молам за разбирање, молам за прифаќање и на некој начин сфаќање на таа ситуација, бидејќи се работи за ситуација кога досега не е платен овој данок, кога се воведува праќање на стапка 11.584, што е голема стапка и молам да го поддржите амандманот. Јас  знам дека Владата односно министерот за финансии има спротивна аргументација, бидејќи тоа за нив претставува нов приход, а за овие организации и за оваа категорија на работници значи ново оптоварување. Молам, Парламентот да биде правичен при донесувањето на одлуката.

СТОЈАН АНДОВ :

Го молам претставникот на Владата да го објасни ова,
МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ :

Прво, ова не е ново оптоварување. Мислам дека добро е тоа да се знае, бидејќи сосема поинаку би расправале ако е тоа ново оптоварување. Не е ново, затоа што вие знаете во законите постојат одредени одредби, а со економската политика во текот на годината и Собранието и Владата секој во своите надлежности вршеше одредени ослободувања на текстилот, на рударството на дрвната индустрија и на некои други гранки, сега до крај да не ги специфицирам, заради олеснување во текот на годината од економската положба во која се наоѓаат.

Во конкретниот случај оваа групација плаќаше наместо даноци, како и сите други до 30 - 6 придонеси за одделни општествени дејности, образованието, културата, социјалата, одбраната и тн. Од 1 јули односно август кога се донесе Законот за трансформација на придонесите во даноци односно за СИЗ -овите во органите на управата, тие придонеси се интегрираа во единствен данок за личен доход. До 30. 6. тие беа утврдени како општински придонеси, републички придонеси и данок на личен доход• Просечната стапка на така интегрираните придонеси и даноци во стапка на данокот и придонеси на личен доход на обврзниците од стопанството за 1991 година на крајот на годината односно за второто полугодие за кое се однесуваше таа интегрирана стапка изнесува 14.754. Во предлогот на законот е предложена помала стапка од максималната, не само за оваа групација, туку и за други, бидејќи тие се градирани во неколку групи.

По наше мислење на Владата нема услови посебно оваа групација да биде ослободена бидејќи што се случува, групирањето на организациите и дејностите во одделни даночни стапки се врши на база на економската положба и економската ефикасност на гранките, групациите и дејностите на одреден пресек. Тогаш кога тоа се прави или ако се преиспитуваат во фазата кога за тоа ќе се добие односно ќе се создадат услови за преиспитување. Со нарушување на групирањето на одделните дејности и гранки во одделни стапки, практички се нарушува и економската положба на организациите. Оттаму, до утврдувањето на Законот за добивката, каде што се напушта групирањето на стапките на даночното оптоварување, туку се оди со единствена стапка која зависно од големината на добивката ќе создава или ќе стимулира, овој предлог на пратеникот Ивановски не можеме да го прифатиме. Затоа што во конкретниот случај, постојат, а тоа и на една од минатите седници со еден негов амандман образложение кога давав го спомнав постојат неколку гранки и дејности и во индустријата и во стопанството воопшто кои што се моментално во многу потешка економска положба, отколку што е оваа групација каде што е предложен амандманот. Од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

СТОЈАН АНДОВ :

Дали некој друг бара збор?

СТРАШО МИЛКОВСКИ :

Почитувано претседателство, Амандманот што е поднесен од Симеон Ивановски јас потполно го поддржувам и имам замолница до сите вас пратениците, амандманот да го поддржите. Рудниците со јамски коп покрај тешките услови за работењето, личните соходи се многу мали за граѓаните и даноците со кои се оптоварени

тие се оптоварени со други, големи давачки каде во други стопански гранки ги нема. Издвојување на големи финансиски средства се зафаќа за акција за техничка опрема и секој што сака да работи. Издвојување на позамашна сума на пари и голем број на боледувања на вработените. Сите царински давачки ги плаќа во целост, а немаат никакви стимулации за извоз, или пак за унапредување на оваа гранка. Со сите изнесени проблеми од страна на Господин Симеон Ивановски и на претходната седница на Господин Душко Николовски рудниците со јамски коп ги доведуваат во многу лоша финансиска ситуација со што се создаваат проблеми во исплатата на личните доходи и нормално работење. Затоа ве молам уште еднаш почитувани пратеници за поддршка на амандманот на Господин Симеон Ивановски. ДУШКО НИКОЛОВСКИ

Почитувани пратеници, јас би почнал од таму каде што министерот застана. Тоа е точно дека во развиените економии на запад кога се прават тие процеси и кога се воведуваат основите за пресметка при воведување на даноци се има предвид економската положба на една групација и врз основа на тоа се темели основицата и се определува и спроведува стапката. во конкретниот случај јас не гледам ништо што е подобрено ако се има предвид за шест месеци кредитно монетарната политика онаква каква што беше во бивша Југославија а денес повеќе не постои во Македонија, да не зборувам за инфлаторните генератори што не ги дефиниравме, да не зборувам во однос на данокот на личниот доход односно делот на личниот доход кај вработените дали се оптоварени по еден или по друг основ. Според тоа, и во еден и во друг правец во развиените економии се поаѓа и по еден и по друг основ. Ваквите групации кои значат и се од голем интерес се воведува големи придонеси

нормално даноци, по тој основ и на личните доходи. Ако немало основа, а не сакам да се враќам на образложенија што ги дававме веројатно истата оваа Влада тогаш немаше случајно да го избрише ова и овој член денес како таков немаше да биде бесспредметен односно без расправа. Додатна работа, ако веќе во делот на условите на експлоатација вршат перманентно и постојано и не се впуштаат сега во делот на економијата, туку со длабочината на рударските копови практично оваа работа ја прават неатрактивна и дека сегашниот личен доход во однос на претходните четири, пет месеци е сведен на 100 или 120 марки, едно вакво оптоварување со четири месеци однапред работниците кои се задолжени за да се прехранат значи, се поставува сериозно прашање на рудниците со јамски коп во Македонија, дали во нив, ако претходно го немаше, не претставува додатно оптоварување. Сигурно, да. Тоа е момент што сакам да се има предвид овде при донесувањето на одлуката. Не е спорно ова што го спомна министерот, туку спорно е во рудниците за подземен коп ако некаде не се дефинирани, во Македонија можат да речат, никако. Јас минатиот пат кажав некои работи, по основите Тоа што се случи по основ на импутите, а од друга страна тие рударски населби во тие краишта до 1950 година беа така, а денес на отворените конкурси ниту еден не се јавува да работи. Еден ваков додаток кој така да кажам во овој период беа ослободени од вработените, пред се, во јамскиот коп мислам дека пратениците ќе донесат правилна одлука ако го поддржат амандманот. СТОЈАН АНДОВ

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (41)

Дали има некој против? (Никој).

Дали има воздржани? (пратениците креваат рака)

Констатирам дека од 83 присутни 41 се за амандманот.

Значи амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по поднесениот амандман. МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ

Амандманот на пратеникот Иванов е нејасен и нелогичен. Ние не успеавме да го интерпретираме и на Комисијата за финансирање и буџет вчера и поединечното анализирање. Вака како е поставен не е прифатлив и Владата не го прифаќа. ИВАН ИВАНОВ

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, министерот има право во дефинирањето на амандманот, а тоа е кажано и во извештајот на Комисијата, се создаваат одредени нејасности и поради тоа ќе се обидам истиот да го појаснам. Во член 13 од основниот закон односно од Законот за даноците на граѓаните се пропишани видовите на даноците, па каде од данокот на личен доход, па до данокот за имот и делот на овој предлог - амандман се надоврзува на погрешно место, односно на член 120 каде се третира само еден вид од повеќето даноци, , а тоа е данокот на имот. Суштината на предлогот на амандманот се состои во следното. Ако разните основи кои што граѓаните се обврзани да плаќаат данок на промет се врши пријавување на истите, а притоа се доаѓа до сознание колкав

добра се зголемува практично стандардот на граѓаните, од друга страна по тој основ се остваруваат средства кои одат непосредно во Буџетот на Републиката по основот на разните закони со кои се врши зафаќање односно наплата на даноци. Дали е тоа преку данокот на промет, а исто така и другите даноци. А на овој начин мислам дека ќе се овозможи едно постимулативно вложуваше на граѓаните за остварените приходи.

СТОЈАН АНДОВ :

Како гласеше текстот?
ИВАН ИВАНОВ :

Текстот гласи вака: "после член 163, се додава член 1б3-а со следната содржина:

"По извршената пресметка на данокот по основите содржани во член 13 од предметниот закон, граѓанинот ќе биде ослободен за плаќањето на данок до износот на платениот данок на промет за купените материјални добра во текот на тековната година".

СТОЈАН АНДОВ :

Во суштина се брише "патнички автомобили" а останува "Материјални добра". МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ

Јас морам барем своето чувство да го изразам дека и со ова објаснување на пратеникот Иванов. амандманот не ми е јасен.

Не ми е јасен заради следното. Јас го сфаќам што бара тој меѓутоа не е во контекст на материјата која ја разгледуваме.

Прво,ослободувањето на стопанствениците, заради ново инвестирање ио стимулирање во инвестирањето на делот од добивката регулирано со прописот и такви погодности се санкционирани во Законот. Прашањето на данокот на прометот за репродукција исто

исто така ќе санкционирана. Во тек на набавка кога се работи за набавка за репродукција тоа е санкционирано. Што се бара сега?

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: (продолжение)

Што се бара сега? Се бара на таквите стопанственици кои од добивката ќе купат, покрај другото овде како што стои,патнички автомобили и други материјални добра во текот на годината, на крајот на годината да бидат ослободени од данокот на промет. Тоа е еден друг систем на пресметување на данокот на промет. Тоа е кога тие сопственици при секоја набавка го плаќаат данокот на промет а вграден е во механизмот систем на крајот на пресметковниот период или на крајот на економската година, врз база ан тоа што се остварени резултати и од одредени критериуми, кондиции и сл. да се враќа назад дел од наплатениот данок на промет. Тоа е сосема друг механизам и не е во контекстот на овој закон. Од тие причини, повторно го изнесувам мислењето на Владата дека овој амандман не е прифатлив.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, би го прашал предлагачот на амандманот, бидејќи не ми е јасно, дали се работи за трансакцијата на колите "Марути" "Сузуки" кои се набавени во количина од 120 возила и од нив ги има купено одреден број на Владата и некои пратеници. Го молам да ми објасни предлагачот на амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира, тоа е надвор од расправата.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата за финансии и буџет го разгледуваше овој амандман и тој веќе не е тој амандман што беше предложен од страна на пратеникот Иван Иванов, би го запрашала само претседателот дали

е деловнички без пишан амандман да расправаме. И второ, без оглед на се, мислам дека амандманот, бидејќи тој ни е доставен, не е издржан, не е во контекстот на овој закон бидејќи овде се работи за даноци на граѓаните, а господинот Иван Иванов во овој амандман зборува за износ на платен данок на промет. Значи, тоа се сосема два различни закони. Инаку, како што произлегува од амандманот, произлегува дека за висината на платениот данок на промет, треба да се ослободат граѓаните за данокот на имот. Ако велиме дека данокот на имот е во висина од 500 динари, 1.000 динари, 2.000 динари, тогаш ако го споредиме со данокот на промет кој е многу повисок, дали е тоа сојузниот или републичкиот, произлегува дека логиката ја нема и исто така во однос на новопредложениот амандман, за кој не знам дали треба да расправаме бидејќи иако на мое барање пратеникот по вторпат го издиктира амандманот, не можам да сфатам за што конкретно станува збор и за што треба д го дадеме својот глас за да бидеме на чисто дали сме за или против.

СТОЈАН АНДОВ:

Секој ќе гласа така како што знае и толку колку што разбрал.

Инаку да објаснам во врска со ова што бев прашан дали деловнички овде нов амандман дава пратеникот Иван Иванов, тој не дава нов амандман туку од дел од својот амандман се откажа а дел задржува.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитувани пратеници, мислам дека не бев доволно разбран и овде не се работи за никакво ослободување на даноци за возило или сл. Мислам дека нема потреба да правиме погрешни впечатоци и да фрламе обвинувања. Јас настапувам како пратеник а не

настапувам од името на некои кои треба да ги бранат интересите. Содржината и поводот за поднесување на овој мој амандман поаѓа од основот дека ние во моментов расправаме по Законот за даноците на граѓаните. Ова што како објаснување го даваше министерот, тоа е прашање кое е регулирано во друг закон, каде што се репроматеријалите и разни други набавки за стопанска дејност. Овде се работи за даноците кои ги плаќа граѓанинот, Иван како граѓанин, а не Иван кој обавува стопанска дејност или некоја функција во претпријатието.

Суштината на Предлогот, чисто повеќе заради разбирање, по мое длабоко убедување мислам дека ова што го предлагам е сосема издржано, а дали се вклопува во контекстот на политиката која што треба да ја градиме, тоа е прашање за размислување. Повторно да објаснам, тоа значи граѓанинот по разни основи содржани во овој закон, а кои таксативно се наведени во членот 13, треба во текот на годината односно на крајот на годината да поднесе пријава ако исполнува одредени максимуми кои се пропишани со законот и треба да пријави остварени примања по основ на овие кои се наведени во членот 13. Притоа со цел да се обезбеди некое стимулирање, тие средства наместо да бидат вложени како приходи во камати, да бидат вложени во некои други цели, тие средства да бидат потрошени за набавка на материјални добра, а во тие материјални добра не се подразбираат само возила туку и куќни апарати и сето тоа што е врзано за секојдневниот живот од категоријата материјални добра, за кои граѓанинот веќе еднаш плаќа. Ако граѓанинот еднаш веќе плаќа по овој основ при пресметката мојот предлог и сугестија беше да се испита дали може да биде ослободен за тој износ на платен данок на промет.

Да не должам повеќе, јас го повлекувам амандманот и благодарам за сослушувањето.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (никој).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на граѓаните.

Предлагам сега да се вратиме на втората точка - Нацрт на републички буџет за 1992 година.

Нацртот на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Воведно излагање по Нацртот на Републичкиот буџет ќе поднесе министерот за финансии Методија Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, седницата се оддолжи и веројатно моето излагање ќе предизвика дополнителен замор кај вас, меѓутоа, молам со внимание да го ислушаме бидејќи мислам дека во него ќе дадеме некои одговори на прашања кои се поставија во расправата во Комисиите, па и во другата расправа.

XII/5.-

Владата на Република Македонија изготви и достави на Собранието Нацрт на Републичкиот буџет за 1992 година кој од аспект на финансирање на функциите содржи елементи на суверена држава.

Појдовната основа за изготвување на буџетот, покрај уставните определби, претставува и билансот на приходите за финансирање на јавната потрошувачка на Републиката во 1992 година, кој определува рамковна основа за утврдување на можните приходи за финансирање на буџетската потрошувачка, на пензиското и здравственото осигурување и на вработувањето.

Настануваат општествено -политички промени во Републиката како резултат на уставните решенија со кои таа се востановува како суверена и независна држава. Во тек е изготвување на системски закони и акти на економската и развојна политика во 1992 година во функција на оживотворување на основите на сувереноста и независноста на Република Македонија.

Од овие причини, нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година се предлага пред утврдување на прописите за регулирање на обврските и новите функции на државата и пред утврдување на економската политика за 1992 година. Економската состојба во стопанството, движењето на индустриското производство, одразот на мерките во сферата на трговската размена, стеснувањето и зацврстувањето на меѓу републичкиот простор како и недефинираноста на системските прописи потребни за уредување на стопанскиот систем и односите со новите држави, во овој момент, претставуваат основна пречка за непостоење елементи за проекција на макроекономските и реални параметри.

Од овие причини, при изготвувањето на Нацртот на буџетот за 1992 година е користена прелиминарната проекција според која сметано по тековни цени општествениот производ на вкупното стопанство и националниот доход се проектирани со пораст од 214,5 односно со стапка на реално опаѓање од 15%, цените на мало се проектирани со пораст од 270, а личните доходи во стопанството со пораст од 210. Врз ваква прелиминарна проекција на макроекономските индикатори, конципирањето на Нацртот на буџетот за 1992 година е направено врз следните претпоставки:

Билансот на приходите на Буџетот е димензиониран врз основа на постојните закони од фискалната област и законите и прописите кои се во постапка на изменување и донесување или кои Владата дополнително ќе ги достави и предложи на Собранието.

Во Буџетот се билансирани и делот на приходите од основниот данок на промет и приходите од царини и други увозни давачки кои по досегашните прописи беа приход на Федерацијата.

Во Буџетот се вклучени и средства од посебните сметки на надоместоци на нафтени деривати, електрична енергија и ПТТ услуги кои по одделни одлуки и програма се обезбедуваа во 1991 година со претпоставка дека тие ќе се обезбедуваат и натаму.

Во Билансот на Буџетот се вклучени и другите приходи кои се употребуваат за одделни намени, приходите од Лотаријата, за хуманитарните и спортските организации и сл.

Сите функции на државата се финансираат преку Буџетот утврден ан бруто принцип односно дека приходите од постојните издвоени сметки се вклучуваат во Буџетот на Републиката.

Во 1992 година Република Македонија како суверена и независна држава обезбедува соодветни средства и за функциите преземени од Федерацијата, трошоци за работа на дипломатско - конзуларни претставништва, финансирање на одбраната, царинска служба, финансирање

на девизните резерви и востановување на државни стоковни резерви, нови интервентни и поттикнувачки мерки во одделни области на стопанството.

Република Македонија ќе дефинира царински граници, инструменти на кредитно -монетарната политика и девизен биланс. За обврските по однос на интервентни и поттикнувачки мерки во стопанството и социјалната сфера, кои досега беа намирувани од Буџетот на Федерацијата или се воведуваат како нови, во Републиката ќе се донесат нови прописи.

Со измена и дополнување на Законот за данок на промет или со нов закон за данокот на промет ќе се трансформира Републичкиот данок на промет со интегрирана стапка во републички данок на промет, интегрирана стапка на постојниот основен и постојниот посебен републички данок. За интеграција на двата постојни закони создаден е законски основ во Законот за системот на финансирање на општите и заедничките потреби. Сите обврски и функции на Републиката според Уставот на Република Македонија се финансираат од Републичкиот буџет. Обврските по основ на премии, регреси, курсни разлики, регреси на камати по кредити од селективната програма, пензиско -инвалидско осигурување, премиите за извоз се прифаќаат како обврски кои се намируваат од средствата на Републичкиот буџет.

Средствата за лични доходи на сите корисници во отсуство на Законот за плати и соодветната уредба се утврдени според висината на личниот доход по условно неквалификуван работник оценети за месец декември 1991 година односно без усогласувањата што се направени во меѓувреме. Личните доходи се предвидени за постојниот број на вработените, рационализацијата на бројот на вработените со новите правилници и систематизации на републичките органи и

организации  и ефектите од неа ќе се билансираат во текот на годината при усогласување на личните доходи.

Средствата за материјални и функционални расходи се утврдени по тековни цени од месец декември. Функциите на локалната самоуправа се финансираат во општината во рамките на издвоените приходи на општините утврдени со закон. Освен тие во општината се финансираат сите други функции, потреби и намени кои пред пренесување на управните надлежности на републичките органи се финансираат во општината од средствата на општинските буџети.

Во Нацртот на буџетот за 1992 година се утврдуваат средства со преодно решение за поттикнување на регионалниот развој на Републиката. Единствена постапка за интервенција на државата во трошоците на информативните гласила  врз утврдени критериуми како и решенија приходите на органите и организациите да се користат за самофинансирање на дел од опремувањето.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: (продолжение)

Врз основа на ваквите параметри обемот во Нацрт-буџетот на Републиката за 1992 година се предлага на износ од 63,8 милијарди динари што претставува зголемување од 171% во однос на 1991 година имајќи предвид дека оваа стапка е неспоредлива со податоците од 1991 година со оглед на тоа дека системот на финансирање за половина година преку СИЗ-овите не е во целост опфатен.

Притоа, приходите на буџетите ќе имаат реално намалување за 10,8% пониско од намалувањето на општествениот производ рековме реално 15% додека приходите на фондовите и од здравственото осигурување и вработувањето поради зголемената стапка на пензиско и инвалидско осигурување ќе имаат реално намалување од околу 9,3% помало од падот на општествениот производ.

Врз овие основи во 1992 година ќе се обезбеди учество на јавната потрошувачка во општествениот производ да изнесува 34,1 во споредба со учеството од 36,4 што е оценето за 1991 година.

При утврдувањето на можниот обем на приходите за јавната потрошувачка во 1992 година појдено е од претпоставка да продолжи примената на прописите за даноците и придонесите и стапките на зафаќање од добивката и од личните доходи за сите намени како и во 1991 година освен за инвалидско -пензиското чија стапка од бруто личниот доход е зголемена од 16,5 на 18%.

Владата на Република Македонија се определи и во оваа година зафаќањата по основ на данокот од добивка и данокот од личен доход да продолжат истите решенија од соодветните закони кои се применуваа во 1991 година со оглед на висината на даночната стапка основицата, даночните обврзници како и олеснувањата и ослободувањата по основ од данокот на добивката и данок од личен доход.

Има два аспекти од кои зависи глобалната рамка на Буџетот. Таа прво е условена од стапката на инфлацијата која е проектирана врз основа на лабави параметри и второ, низ буџетот се разрешуваат и односи на примарната распределба. Релативна е внатрешната структура на буџетот. Таа глобално останува и натаму иако внатрешните пропорции се менуваат. Буџетот главно е потрошувачки ориентиран иако преку Буџетот се прават интервенции во стопанството што се дел на економската политика. Во Нацртот на буџетот не може до крај да се види профилот на економската политика поради отсуството на другите мерки надвор од јавната потрошувачка што ќе се води во Републиката иако од него се гледаат одредени контури на економската политика особено во интервенциите на стопанството.

Во Нацртот требаше да биде вградена првата фаза на даночната реформа на Републиката, воведувањето на новата структура на даноци, но тоа во овој момент не е можно. Прашање е дали во вакви услови на нестабилни, недефинирани односи во стопанскиот систем воведувањето на нов даночен систем некомпатибилен со другите потсистеми на економскиот систем нема и негативно да се одрази врз стопанската и социјалната стабилност.

Оттаму во Буџетот се структуира постојанта даночна номенклатура, а во тек е интензивна подготовка на новиот даночен концепт во кој на еден голем дел од овие прашања што се покренати во расправата присутни во економскиот живот ќе се даде одговор на бројните дилеми.

На почетокот на 1992 година при дадените основи на глобалната макроекономска пресметка и другите претпоставки за изготвување на Нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година се формираат следните односи на глобалната распределба што се битни од аспект на водењето на економската политика.

Учеството на Републичкиот буџет во општествениот производ од 21,9 се намалува на 19,6, а учеството во националниот доход од 24,6 на 22,1. При вакva состојба основната задача на буџетската политика е да го одржи степенот на учеството на општата и заедничката потрошувачка во вкупната структура на буџетските намени и на тој начин да придонесува врз одржувањето на стабилни токови на стопанството.

Подобрувањето на макроекономските индикатори ќе создава услови и за порационален однос во распределбата, но и за подобрување на развојот.

Отворено е прашањето за разграничување на правата и обврските во однос на билансот на Народната банка на Југославија сврзано со утврдувањето на учеството на републиките во билансот на НБЈ и со делбениот биланс на Федерацијата за имотот, правата и обврските што произлегуваат од тоа.

Отворено е за разрешување прашањето на каматите и курсните разлики по девизните штедни влогови на граѓаните кај банките по кои, според досегашните прописи , гарант е Федерацијата. Република Македонија треба да го санкционира долгот по таа основа кон граѓаните. Во тој контекст Републиката на определен временски период треба да дефинира обем и динамика за повлекување односно исплата на долгот со оглед на висината на вкупниот долг од околу 950 милиони долари и да ги утврди формите, условите и погодностите за нивното продуктивно ангажирање.

Во врска со ова прашање во прелиминарната расправа по дневниот ред имаше соодветно прашање поставено од пратеникот Стојановски. Владата работи на овие документи и како што беше одговорено од потпретседателот Ристовски тие ќе дојдат на дневен ред.

До тогаш банките ни за сопствени определувања и одлуки треба да создадат можности за делумно користење на дел од штедните влогови на граѓаните посебно на граѓаните од групацијата кои штедните влогови ги користат за тековни живот и потреби, а треба да се создадат и услови и за идно инвестиционо ангажирање во динари по курс на Народната банка на Македонија. Исто така треба да се осознаат и со акти да се утврдат можните намени по кои би требало да се пласира дел од штедните влогови .

Републиката треба да изгради став за разрешување на прашањето на обврските за инвестиции во стопанството по гаранции што во минатото ги издавала Републиката спрема странство пред се за обврските на ФЕНИ, водостопанството на Македонија за малите хидро зафати во општините Кичево, Гостивар, Свети Николе, Берово и системот "Стрежево".

Републиката треба да изгради став дали ќе влегува во јавен долг од аспект на емисија на хартии од вредност за обезбедување на дополнителни средства во Буџетот на Републиката за остварување на некои приоритетни инвестициони зафати во сферата на инфраструктурата и развојот на општествените дејности и слично како што се аеродромите и сообраќајот, здравството, заштитата на реките и езерата, водоснабдувањето.

Во Нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година преку 2/5 од средствата се наменети за интервенции во стопанството заедно со средствата за инвестиции во опремување на државните и општествените служби тие поттикнувачки средства заземаат повеќе од половината од износот на средствата предложени со Нацртот.

За најголемиот дел од намените нормативните елементи за нивно извршување се содржани во Законот за извршување на Републичкиот буџет. Меѓутоа, за еден дел од интервенциите во стопанството освен оние кои до сега се извршуваа од Републичкиот буџет како што се

Интервенциите кои се извршуваат по Сојузните прописи Републиката треба да утврди и донесе сопствени прописи во кои ќе ги уреди правата обврските,критериумите и условите за користење на средствата определени за одделни интервенции и поткикнувања.

Има потреба да се дефинираат поголем број на законски прописи кои се содржани во образложението на буџетот и јас нема да ги повторувам. Молам само да се имаат предвид дека тие во континуитет до предлагањето на Предлогот на буџетот за 1992 година треба да бидат исто така влезени во процедура.

Во нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година направен е оширен опфат на буџетските намени за управата, општествените дејности и интервенциите и поттикнувачките мерки. Меѓутоа остануваат отворени прашања во неколку области на општествениот живот од стопанските потреби и во рамките на расправата по нацртот на буџетот треба да се изградат ставови и насоки врз основа на кои би се градела системската регулатива.

Во отворените прашања што имаат пресудно значење за остварување на општествено економскиот развој во Републиката на прво место е дефинирањето на системот за обезбедување средства за поттикнување на стопанскиот развој на Републиката што треба да го замени досегашниот систем на фондот за финансирање на недоволно развиените подрачја во Федерацијата.

Еднострано то прекинување на фондот и двегодишната пауза и поттикнувачките мерки во развојот на Република Македонија остави и ќе остава сериозно заостанување во следењето на динамиката на технолошкиот развој во остварувањето на политиката на преструктуирањето на стопанството и во остварувањето на политиката на порамномерен развој на општините.

Преодното решение за Републичкиот фонд за недоволно развиените општини што е присутно во нацртот на буџетот претставува маргинална величина во однос на ефектите што системот на поттикнување треба да го има и да ги прави Републиката за развој на стопанството.

Дефинирањето на кредитно монетарната политика во Републиката не може да се оствари ако паралелно не се разрешува и создавањето на девизни резерви потребни да се обезбеди нужното ниво на девизната ликвидност во плаќањето на обврските на Републиката и на стопанството кон странство, потребите на стопанството за увозни суровини и на граѓаните по основ на исплата на штедните влогови на населението.

Согледувањата што се правени во надлежните министерства и Народната банка на Македонија упатуваат на потребата од скорешно дефинирање на параметрите и на оваа компонента за да може сообразно на политиката за развој за 1992 година, да се одбегнат или да се намалат можните последици односно да се создадат услови за почетни позитивни движења во развојот.

Значајно за буџетот е и прашањето за финансирање на локалната самоуправа и посебно функциите на одделните асоцијации во општините,месните заедници, работничките универзитети, Сојузот на резервните старешини и другите професионални здруженија , локалните радиостаници и информативни гласила, политичките партии и слично.

Во преземањето на управните функции во Републичките органи во некои од општините намените кои се финансираат од општинските буџети до крајот на 1990 година претрпеа измени и се создадоа сериозни проблеми. Упатствата и толкувањата што на одделни општини ги правеше Владата по тој повод не ги разрешија сите прашања и во општините треба да се отворат билансни позиции за функционирање на ваквите функции доколку се потреба на општината или согласно прописите да се повлече

основачкото право и учество во финансирањето на одделните институции, а со тоа да се разрешат и статусните односи кон таквите институции и работниците во нив.

Конечно во фазата на дефинирањето на кредитно монетарната политика и поврзувањето на елементите на таа политика неминовно треба да се изгради став за политиката, обемот и динамиката на вкупната општа и заедничка потрошувачка и порастот на цените за да може во одредено време по потреба да се одбегнат или да се намалат непожелните последици врз вкупните стопански токови,

Почитувани пратеници , отворајќи расправа по нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година и предложените закони како придружни акти на буџетот во име на Владата ве молам критички да се преоцени обемот и структурата на буџетот како значаен акт на Макроекономската политика на Републиката за 1992 година која за разлика од досега треба да ги одрази и државно -правниот статус на Републиката изразен низ функционирањето и самостојното обезбедување на функциите на државата.

Врз база на вашите предлози, мислења, сугестии и укажувања, а во рамките на реалните материјални можности ќе пристапиме кон билансирање и подготвување на предлогот на Републичкиот буџет за 1992 година и благовремено ќе го доставиме на Собранието во постапка за донесување. СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Ванчо Младенов.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници,нацртот на буџетот на Републиката за 1992 година , а тоа го потврди и министерот за финансии на Владата во своето воведно излагање е планиран на претпоставени параметри за тековната 1992 година, а без макро економска политика за

годината која ни претстои. Јас мислам дека тоа е еден голем хендикеп иако вене е на некој начин со мало задоцнување расправаме за Нацрт буџетот за 1992 година бидејќи е втората половина од јануари, а логично е и потребно е буџетот да биде донесен по истекот на претходната година за наредната година најдоцна до декември, меѓутоа со оглед на околностите во кои беше донесуван буџетот за 1991 година кој го донесовме во средината на 1991 година, сепак нацртот кој сега е на расправа пред Собранието мислам дека прави напори да го совлада тој простор и Буџетот за 1992 година сепак биде донесен во предвидениот рок. Меѓутоа, хендикепот за изостанување на макроекономската политика за 1992 година мислам дека е неоправдан и дека Владата навистина иако тоа е нејзина задача за нејзини потреби обврска е да го запознае овој Парламент со тековната макроекономска политика, а пред се и најповеќе за оние за кои треба да се однесува таа макроекономска политика а тоа е стопанството на Републиката ним им е потребна, тие мора да го познаваат амбиентот во кој треба да се развива стопанството во тековната година за да можат навистина да го планираат своето работење.

Моменталната состојба во стопанството, јас не знам веќе кој термин да го употребам, е крајно загрижувачка, таа е стагнантна и се наоѓа во една фаза на исчекување или мирување и она што е на некој начин ставено во производство се стопира и она што го имаме на некој начин како готово производство не се става на пазар, не се изведува на пазар затоа што инфлацијата која е секојдневна и непозната навистина ги доведува организациите или претпријатијата своето производство да го зачуваат и да чекаат подобри услови,подобри времиња за да можат да го валоризираат својот труд ставен во тоа производство,

Од таа причина мислам дека навистина е време да не речам дека и доцниме за да можат тие параметри односно таа економска политика

да биде позната не само за оние организации кои веќе постојат и кои се во тек и работат, туку уште повеќе за оние кои се подготвени да регистрираат свои претпријатие, а уште повеќе е потребно таа макро-економска политика биде позната за да може да се отвори процес на странски вложувања во нашата Република, бидејќи мора да кажеме дека истоштеноста на сегашното стопанство на нашите сегашни можности се такви што не дозволуваат и даваат сосема мали можности за еден оптимизам дека ќе се отвори одреден процес на инвестирање односно одредена состојба на отворање на нови работни места и прифаќање на така големиот број невработени наши граѓани.

Ова е навистина прашање за кое инсистирам пред се како стопанственик и како граѓанин Владата да го земе предвид и во нај-кратко време излезе со овие познати параметри за работењето во те-ковната 1992 година.

Инаку не би сакал да навлегувам конкретно во содржината на буџетот односно за било која посебна стапка во буџетот со оглед на тоа дека сосема е реално да очекуваме дека сите оние кои се потрошувачи во буџетот морам да кажам дека ќе изразат одредено незадоволство и да покажат одреден недостиг на средства, а исто така треба да се ставиме во улога на оние кои го финансираат и кои даваат придонес во тој буџет дека кај нив сигурно ќе бидат забелешките дека тие зафаќања се преголеми и дека понатаму претставуваат оптоварување и не даваат можност за нормално работење.

Од таа причина само би сакал да дадам една своја оценка на онаа што побара министерот за финансии од нас да дадеме свое лично видување или критика на обемот на буџетот и на структурата на распределбата на тој буџет.

Исто така лично не би можел да кажам дали 63-те милијарди со кои е проектиран нацрт буџетот за 1992 година е многу или малку.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ: (Продолжение).

Во еден момент може да се каже дека е многу во друг момент може да се каже дека е малку. Зависи, како што реков на почетокот од кој аспект се гледа. Меѓутоа, морам да кажам дека изворите од кој се планира овој буџет да се обезбеди мислам дека се не така сигурни и веројатно во самиот буџет се гледа дека во текот на годината ќе претстојат 1 или 2 а можеби и 3 ребаланси, како во сферата на зафаќањето, така и во сферата на расходите.

Би сакал конкретно да кажам неколку збора за структурата на расходите на Буџетот, иако Буџетот како големина на некој начин претставува и застрашувачка големина, меѓутоа, ^ расходите на некој начин даваат и една друга состојба со оглед на тоа дека најголемиот или поголемиот дел од буџетот се планира за повраќање односно интервенирање во стопанството, да не речам од таму од каде што и најголемиот дел на средствата на буџетот треба да се добијат.

Овде е дадено дури и со 42,2% дека треба да учествува буџетот за интервенции во стопанството, иако оттука не може да се види структурата на тоа учество, а тоа следува од таму што, како што реков на почетокот не е дадена и макроекономската политика. Од тој аспект јас не знам како е планирано и како е дојдено до таа бројка до 42%. Веројатно тоа Владата кај себе го има и го знае, меѓутоа бидејќи пратениците се добива една загриженост и претпоставка дали е тоа, каде е и колку ќе биде реализирано. Исто така многу е битно да знаеме во кои области и дејности на нашето стопанство се планира да се вршат тие интервенции.

Овде на некој начин сите напори што ги прави нашата Република за осамостојување може и да се видат овде во расходите на буџетот како што е тука стапката на средствата наменети за народна одбрана што се планира да бидат стапка 12,6% од структурата на расходите на буџетот. Инаку тоа претворено во некој процент на

вкупниот приход на Републиката претставува помал процент од она што Републиката до сега на некој начин го издвојуваше за НО на ниво на Федерација. До сега тоа се движеше од 5,2 до последните години 4,6% од бруто националниот доход, овде ова претворено во учеството од 21,2 за вкупниот општествен приход претставува практично 2,67%. Практично претставува 2 пати помало учество за НО отколку што тоа до сега го имаше нашата република како обврска тоа да го плаќа.

Исто така се гледа дека најголемиот дел од расходите се за потрошувачката односно за лични доходи, што на некој начин претставува и еден генератор односно начин за зголемување на инфлацијата која натаму претставува еден проблем на нашата млада Република. Меѓутоа, веројатно во овој момент тоа е едно наследство кое не е во можност новото устројство на некој начин да го совлада во што е можно пократок рок и дека тоа на некој начин мора понатаму да се провлекува.

Не ми е јасно дали со оние мерки што требаше Владата да ги преземе и да стои на тоа е дека требаше да се врши рационализација во администрацијата некаде од 35%. Овде во Нацртот на буџетот тоа не можеме да го видиме, со оглед на тоа што од овој буџет како што овде е веќе дадено треба да се финансираат 49.633 вработени односно наши граѓани од кои што овде е дадена бројка од 1279 одредени функции на нашето општество. Тоа сакам да го спомнам бидејќи меѓу народот на некој начин се има стекнато дојам дека најголем потрошувач на овие средства е Собранието односно овие 120 пратеници кои и не се товар на Буџетот, а од ова се гледа дека тоа е сосема мала бројка бидејќи поголем број се досегашните потрошувачи на буџетски средства за кои мораме и понатаму да направиме напори тие да бидат

што е можно порационални за да можеме на некој начин да го растоваруваме и стопанството и нашите граѓани тие што даваат придонеси спрема општеството а да можат тие средства, тој остаток на слободни средства да бидат пред се употребени за отворање на нови работни места со кои како што реков ќе се отворат нови работни места и ќе се отворат можности за вработување на армија невработени наши сограѓани.

Еве тоа се одредени мои кратки забелешки со кои се надевам дека Министерството за финансии и Владата ќе ги имаат предвид во изготвувањето на Предлог -буџетот за 1992 година.
СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Комисијата за финансии и буџет го разгледа Нацрт-републичкиот буџет за 1992 година и притоа констатира дека истиот е изготвен во отсуство на дефиниран стопански систем и економски инструментариум за општествено -економскиот развој за 1992 година и дека се донесува пред утврдувањето на трошоците за регулирање на обврските и новите функции на државата што ова година треба да се финансираат од Буџетот. Но, со оглед на тоа што во тек е изготвување и донесување на системските закони и акти за развојната политика, во функција на оживотворување на основите на сувереноста и независноста на Република Македонија Комисијата смета дека предлагачот треба да има во предвид решенијата од наведените закони и врз основа на тоа да се подготви и предлогот на Буџетот за 1992 година.

Исто така Комисијата смета дека глобалната распределба на расходниот дел, а поточно за интервенциите во стопанството особено се преземени како сојузни прописи е ретрограден процес и водат кон натамошна централизација на односите во економскиот систем.

Но исто така, Комисијата укажува дека со донесувањето и дефинирањето на економската политика полесно ќе се концепира и утврди во правите димензии, сигурно и буџетската потрошувачка.

Во расправата на Комисијата беа изнесени бројни предлози, сугестии, кои треба да се има предвид при утврдување на предлогот на Републичкиот буџет. Јас ќе истакнам неколку забелешки кои беа изнесени во Комисијата за финансирање и буџет.

Прво, се рече во предлогот на буџетот да се произведат средства за функции на управата за контрола на лековите.

Понатаму беше потенцирано прашањето за предвидени средства за евентуално воведуваше на сопствениот монетарен систем и сопствената парична единица.

Понатаму, да се предвиди стапка во Буџетот за офицерскиот кадар на Републиката вратен од ЈНА, а износот на оваа стапка да зависи од бројот на овие лица, чиновите и функциите кои понатаму ќе ги извршуваат, како и да се предвиди стапка за обезбедување на средства за купување на станови на овој кадар.

Понатаму во расправата на Комисијата исто така беше побарано подобро финансирање особено на хуманитарните организации.

Беше поставено прашањето во врска со објектот "Фени" кој е активиран. И беше изнесено мислењето дека нема потреба да се издвојуваат средства за овој објект, бидејќи во тек е активирањето.

Понатаму на Комисијата особено беше поставено прашањето за висината на средствата во разделот кај основното образование, и насоченото образование и беше уочена несоодветноста при утврдувањето на предлогот од една страна на основното образование а од друга страна на насоченото образование, со тоа што предлозите на основното образование се прифатени во Републичкиот буџет со

77% за кои Комисијата сметаше дека се многу ниски и дека во Предлогот на Буџетот средствата за основното образование треба да најдат посободветно место и во поголеми износи.

Понатаму на Комисијата беше изнесено да во позицијата 17, контото 415 се предвидат средства за набавка на електронска опрема за гласање и клима уреди во салата на Собранието кои што беа одобрени со Буџетот за 1991 година а не беа реализирани.

Исто така, на комисијата се изнесе ставот во разделот 14 позиција 144 кај стимулациите за извоз да се согледа можноста за зголемување на предвидениот износ.

Понатаму, кај Министерството за урбанизам и градежништво да се предвидат стапки за изградба на колектор за заштита на Дојранското Езеро.

Во разделот кај Министерството за земјоделие поточно кај позицијата 259 за пошумување на голините се предвидени средства од 50 милиони. Комисијата смета дека овој износ е доста мал, ако се има предвид значењето на пошумувањето само од аспект на заштитата на човековата околина. Затоа предлагам овој износ да се замени со износот од 115 милиони динари, колку што е и предлогот на Министерството за земјоделие.

Понатаму во разделот 24 позицијата 259-6 да се преформулира и да гласи "финансирање на студија и ревитализација на селата" а не само финансирање на студија.

Во разделот 30 кај Министерството за култура износот од позицијата 330 финансирање кај дејностите од областа на културата да се распореди по позициите од 331 до 339 како што беше во 1991 година.

На крајот меѓу другото беше прифатен и предлогот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, во позицијата 606, да се согледа можноста да се одобрат уште 100 милиони динари повратни средства за поттикнување на развојот на ридско-планисинските и пограничните подрачја во компатно заостанатите реони во поразвиените општини.
БРАНКО АРСОВСКИ:

Сакам да ве известам дека Комисијата за труд и социјална политика на заедничката седница со Комисијата за образование, наука и култура на седницата одржана на 20 јануари 1992 година покрај другите прашања што беа на дневен ред расправаше и по понудениот нацрт на Републичкиот буџет за 1992 година по текстот и образложението при што констатира следното:

1. И покрај присутните објективни проблеми кои беа присутни во минатата година и проблеми кои ќе ја следат оваа година,

а се однесуваат на економската состојба во стопанството, опаѓањето на индустриското производство, проблеми сврзани за трговската размена, непостоење на нереални макроекономски параметри итн. вклучувајќи ги и политичките проблеми и нарушената социјална политика, сепак Министерството за финансии и Владата сигурно со големи напори и проблеми успеале да ни понудат еден доста квалитетен нацртрепублички буџет за 1992 година.

2. Исто така Комисијата констатира дека во овој буџет се предвидува националниот доход, цените на мало и личните доходи, вклучувајќи го и општествениот производ да растат во просек од 210,0% до 214,5%, меѓутоа со сите обврски и права на Република Македонија како суверена и самостојна држава во кој дел се обезбедуваат и сите права на граѓаните според постоечките законски позитивни прописи.

3. Со овој буџет во разделот 25 точка 45 се предвидени и средства за општествените дејности, а посебно во делот од социјалата, а се наменети за реализација на Законот за цивилни инвалиди од Војната, закон за материјално обезбедување на учесниците во НОБ финансирање на дејноста од општествената заштита на децата, средствата за реализација на Програмата за инвестиционата политика како и средства за извршување на обврските на Републиката кон пензиското и инвалидското осигурување со закон итн.

Сигурно во овој дел е предвидено и финансирањето на сите вработени лица во овие дејности вклучувајќи ги и тука и средствата за материјални трошоци и заедничка потрошувачка.

Со овој буџет посебно во овој дел од општествените дејности во став на солидарност или хуманост се обезбедува или подобрува животниот стандард на повеќе од 170 илјади деца преку

детски додаток и други облици на општествена заштита на преку
ќе 12 илјади лица кои користат едно од основните
и другите права од

областа на социјалната заштита, преку 7500 учесници во НОБ материјално необезбедени, а според законот за материјално необезбедување на учесниците од НОБ и толку па и повеќе ќе бидат поопфатени со социјалната програма со технолошки вишок итн. што значи дека сепак оваа држава со овој буџет на еден или друг начин води сметка за материјално -недоволно обезбеденото население што може да се обезбеди како позитивен однос.

Меѓутоа, ако кон ова се додаде и учеството на државата во обезбедување на средства во име на социјална политика и во другите сфери, а пред се, образованието инвалидско -пензиската заштита, станбената област, вработувањето и другите сфери, тогаш елементот на социјалната држава и принципот на социјална сигурност

и солидарност што се содржина на новиот устав, тогаш можеме да констатираме дека и со овој буџет во рамките на материјалните можности се обезбедува сепак една квалитетна социјална заштита.

И покрај сите напред утврдени средства по определени опозиции за поголем граѓани и институции, односно субјекти кои се даватели на услугите, сепак може да се воочи дека во поодделни позиции предвидените средства ќе бидат посебен проблем за обезбедување на посебни права на одредени категории граѓани и одреден вид на услуги.

Прво во буџетот средства што се предвидени за надомест на здравствена заштита ќе се во недостиг на посочените категории во разделот 25 точка 45, со посебен акцент на лицата кои се на евиденција при Заедницата за вработување и лица неосигурани по никој основ, па и лицата кои се корисници на основни права од областа на социјална заштита и во рамките на другите постоечки законски процеси.

Второ, средствата за обврските што се однесуваат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување како обврска на Републиката да учествува во тој фонд сега како самостојна држава и средствата што беа во обврска на Федерацијата ми се чини ќе бидат недоволни, иако истите се зголемени за повеќе пати.

Трето, потребно е во овој миг државата да помогне односно да предвиди дополнителни средства за остварување на законот за пензиско и инвалидско осигурување односно законот за земјоделците кој беше донесен во текот на 1989 година. Посебно тука ќе треба да се валоризираат средствата барем во висина на постојана парична помош за носител самец на оние земјоделски пензионери кои тоа право го користат но е многу симболично дури и срамно, само 130 динари, или да се изврши изедначување со оние земјоделски пензионери кои ќе го остварат тоа право во текот на февруари.

Шесто, и двете комисии едногласно констатираа дека состојбата посебно во основното образование е многу лоша при што е потребно да се изменат понудените финансиски решенија со единствена цел да се подобри стандардот на вработените, учениците и студентскиот стандард.

На крај за некои конкретни работи во однос на основното образование и во делот на Комисијата што го има, наука култура и образование сметам за потребно дека ќе се јави господинот д-р проф. Благоја Ханџиски како претседател на Комисијата за образование наука и култура.

На крај предложениот нацрт беше во целина прифатен со исклучок на претходно изнесените забелешки, но и со забелешка дека буџетот е огромен и доста голем за нашиот македонски граѓанин.

СИМЕОН НАУМОВСКИ:

Несфатливо е за мене за дел присутни на седнициве не се знае значењето на редоследот на поставувањето документи по однос на одредени прашања што овде се решаваат. Не спазувањето на тој редослед како што е со денешниов случај да ги немаме податоците од мерките за водење на економската политика во 1992 година пред добивањето н нацртот на буџетот кај нас пратениците создава хендикепираност, со која можеме да се најдеме во ситуација зборувајќи од оваа говорница за некои области од буџетот конкретно да изнесеме смешни и неприфатливи податоци, предлози и толкувања што не треба да биде наша грешка.

Ваквата постапка, макар што ја сметам дека не е намерно сторена, сепак е неконкретна спрема нас. Тој метод на работа за мене е неприфатлив. Барам да не се повторува и во тој правец ја насочувам мојава денешна дискусија.

Во нацртот на буџетот за оваа година нема дадено решение или ако се присутни се дефинирани со симболични износи за следниве три клучни проблеми во Републикава. И тоа:

1. Стимулациите во извозот.

2. За покривање на обврските по девизните штедни влогови на граѓаните на Македонија.

3. За натамошен технолошки и стопански развој на Републикава.

Тоа се три крупни прашања и едни од најбитните за опстанокот на Републикава прашање за чие натамошно решавање ќе требаат дополнителни за сега непланирани финансиски средства и тоа за повеќе години со ред.

Соодветно на тоа ќе треба веднаш да се дефинираат изворите на тие средства што во нацртот на буџетот скоро и ги нема. Ако се присутни и како дел, конкретно за стимулациите во извозот се симболични што ќе го потврдам понатаму во излагањето со конкретен пример.

Затоа сметам дека планирањето на средствата за буџетот за 1992 година нема целосна реалност. Предлагањето на целосни и издржани решенија за последните два од погоре цитираните три проблеми не знам од кои причини стои во образложението по Нацртот е одложено за подоцна, со напомена дека се посебно тешки за решавање и дека ќе се решаваат по расчистување на односите во Федерацијата.

Како последица на ова гледање, веднаш се поставува прашањето што може да се очекува да се добие од Федерацијата и она што ќе биде одлучено да се добие, прашање е кога ќе се одобри за употреби на Републиката.

Девизните резерви на ниво на поранешната заедница се симболични. Тоа е познато на сите. Крајно е нереално да очекуваме некаков прилив од нив од позамашен обем. Приливот на средства од другите републики по линија на Фондот за неразвиени подрачја одамна е секнат. Странски квалитетни кредити за развој одамна нема. Приходите од поделбата на имотот на федерацијата прашање е кога ќе се добијат и од каков обем ќе бидат. На крајот и финансиските побарувања што ги имаме во меѓусебната размена со дел на другите републики прашање е за каков временски период ќе се средат. Примерите со Словенија и Хрватска до сега тоа го потврдуваат.

Ако сето ова што претходно го кажав е реално, точно, издржано тогаш нормално се наметнува на предлагачот на Нацртот на буџетот да се постават следните три прашања:

1. Зошто до сега па и во овој Нацрт не се предложени целосни издржани решенија, со точна висина по овие обврски многу важни за опстанокот на Републиката;

2. Со не давање решенија за овие клучни прашања се овозможува последиците од нив главно да се зголемат и влошуваат и да добијат такви димензии што може да бидат катастрофални по Републикава во следните години.

3. Зошто до сега од страна на предлагачот не е посветено најголемо внимание на овие проблеми од кои во моментот

во Републикава не гледам дека има покрупни и за кои требаше да ни бидат понудени повеќе варијанти и предлози за нивно разрешување.

Одложувањето да се решаваат овие прашања неминовно води кон натамошно влошување на некои економски показатели во стопанството и тоа: кон натамошен неизбежен пад на производството во Републикава поради што ќе следи неминовен далеку поинтензивен раст на инфлацијата и крајно кон натамошно неминовно долгогодишно се повисоко и повисоко оптоварување на стопанството и граѓаните со даноци ако преку нив се решаваат овие проблеми како последица на падот на производството и поради потребата во некоја разумна граница редовно се задоволуваат општите потреби на Републиката.

Ако ги имавме до сега предлогот на решенијата за овие три прашања и ги ставевме во функција, поново ќе имаше потреба од ново качување на даноците. Поново ќе очекувавме и

планиравме зголемен раст на инфлацијата, но со времетраење на тоа накнадно зголемување на оптоварувањето на стопанството и граѓаните мерено во години многу пократко од тоа што ќе го имаме со варијантата што сега се нуди од Владата - одлагање на решавање на овие проблеми, за штедните влогови, развојот и тн.

Определбата на предлагачот да го одложи решавањето на овие клучни проблеми предлагам Собраниево да не го прифати и спротивно на тоа да побара да ни бидат доставени на разгледување за избори и усвојување варијанти на решавање на овие три клучни крупни проблеми ако постојат варијанти од кои за секој проблем посебно по една треба да биде прифатена.

Овие прашања Собранието не смее да ја одлага расправата по нив подоцна од следната 33-та седница од причини што последиците од нив Владата ќе сноси одговорност.

Накратко да се осврнам на секои од овие три проблеми со цел да претставам колкава е нивната тежина и каков обем на средства треба за нивно решавање и да ги спомнам последиците од нивното нерешавање.

На планиран пад на курсот на динарот за 1992 година за 160%, колку што е дадено во Нацртот, или од сегашните 44 динари по курсот на НБМ на околу 70 динари за една западно- германска марка што е нереално предвидено, предвидено е висината на стимулациите во извозот да изнесува 1.700 милиони динари. Со резерва од зголемување за уште 50% или вкупно околу 2.550 милиони динари за цела 1992 година. ако во Републиката во 1992 година се очекува извоз и прилив на девизи по исте основи во висина од приближно 1 милијарда американски долари, а реално и повеќе, тогаш излегува да во 1992 година за стимулации се планирани по 2,55 динари по

добиен долар од извоз или во најповолен случај на сегашниот курс на доларот од 68 динари би имале просечно учество на стимулациите во извозот од само 3,75%. Нека оваа цифра што ја диктирам и нереална и за еднаш и за двапати, но го поставувам прашањето дали овој процент на просечно стимулирање на извозот претставува некаква вистинска стимулација и интерес за зголемување на извозот од страна на стопанството.

Одговорот е јасен. Како предлог мерка е премногу далеку мала во однос на она што до сега се имаше, а да не зборуваме за она што го очекува стопанството, а тоа е за повеќе пати повисоко стимулирање од предложеното.

За проблемот на решавањето на обврските по девизните штедни влогови, речено е и денеска се рече и пишувано е до сега и околу тоа прашање не сакам да одземам многу време. Вистина е дека гарант за нив е НБЈ, но обврската како гарант многу брзо може да биде префрлено на Републиката, на НБМ.

Според тоа, земајќи го тоа предвид се потврдува дека и за овој проблем мора да имаме готово и издржано решение најбрзо. Подоцнежно барање решение кога тој проблем ќе се префрли кај нас за мене е неприфатливо како метод на работа. Неприфатлив е и некоректен за мене предлогот даден во материјалот курсот на девизите на штедачите ако се изнајде позитивно решение за нивно враќање, да се признава и пресметува по курсот што го признава НБМ, барем до денес кој е за скоро два пати помал, два пати повеќе помал од присутниот на црната девизна берза.

Очигледно дека за натамошно решавање на овој проблем на републикава ќе ни треба годишно нова голема маса девизни средства или нови динарски извори на средства од страна за

компензирање на овие обврски во полна или реална вредност. Без разлика кој ги создал и кој бил до сега гарант. Таквиот прилив неопходно ќе биде да се обезбедување 5-10 и повеќе години според мене по ред натаму. Девизни или динарски средства можат да се обезбедат или преку ангажирани странски кредити, преку печатење нова маса на пари или преку зголемен извоз, што е најисправно решение.

На крајот, неколку зборови за стопанскиот и технолошкиот развој на Републикава за што за сега може да се каже нема никакво решение.

Досегашниот развој на Републикава, започна со 1990 година се базираше со големо учество на средствата од ФНП. Скоро во секој инвестиционен зафат учествуваа со најмалку 25% а често и со 50 и повеќе и беа главен двигател на инвестициите во Републикава. Денес тој извор на средства веќе не постои. Акумулацијата на стопанството како извор на средства за развој е неверојатно ниска во споредба со висината на загубата. Кредитни средства од странство нема. Интересите од странските партнери кај нас за сега се симболични поради познатите политички причини. Извозот се отежнува и станува поскап а згора на сето немаме понудено решение за оживување на ова прашање. За оживување на овој проблем се потребни покрај динарските и голема маса свежи девизни средства со редовен прилив повеќе години со ред ако сакаме да овозможиме стопанството да го фати чекорот со Европа.

Според тоа, немањето на готово решение како предлог за ефикасна разврска на овој проблем во следниве години ќе ја чини Републикава премногу скапо. Решението мораше да го имаме досега паралелно со Нацртот на буџетот а не да се одлага и натаму

потполно неоправдано и неприфатливо. Мора однапред да се знае дека со предлагањето на решение за ова прашање ќе мора да следуваат одлуки за нови оптоварувања на стопанството, веројатно и на граѓаните, но мора да се зема во обѕир дека граѓаните на оваа Република многу полесно ќе го прифатат тоа решение ако им се каже јасно и гласно и отворено дека е тоа единствено можно решение како потег за да покрене развојот на Републиката, со што конечно ќе се отпочне со излез од овие тешки состојби што ги имаме во стопанството кој за никого не се подносливи отколку тоа прашање да се одложува за наредните години,а можеби и друг да го решава.

Одлагањето на ова прашање за натаму нема да ни го прости ниту еден граѓанин. Спомнав само три најкрупни проблеми денес за што немаме понудено решение. Не го спомнав износ загубите што ќе се појават по завршните сметки за 1992 година што се очекува да бидат многу поголеми во однос на 1991 година. Таа обврска ќе ни остане нам да бараме решение за излез како покритие и да дозволиме стечај на оние што ќе покажат загуби со познати последици.

Буџетот за 1992 година е планиран со потребни средства во висина околу 63 илјади милиони динари. Ако на тој износ планирани буџетски средства се додадат и потребните средства за овие три проблеми за нивно целосно решавање, за што претходно зборував и ако тие се решаваат преку извори на буџетски средства во иднина претпоставувам не тврдам, тогаш ќе се дојде приближно до реалната слика на средства што се потребни на Републикава за некаков нормален живот, опстанок итн. Сите индиции покажуваат дека тие годишни потребни средства ќе бидат далеку поголеми од планираните во Буџетот што е внатре и спомнато.

Реалноста на потребните динарски и девизни средства на Републикава за фронтално спротивставување на проблемите со кои се судира и ќе се судира Републиката на сите подрачја како самостојна држава неопходно е да ги имаме што поскоро. Неопходно е од причини за да може поголем круг пратеници, поаѓајќи од тој податок, да предлага квалитетни излезни решенија и помага во истите решенија, а не од други причини, без разлика што големината и вистината за реалните потребни средства на Републиката ќе не плаши, а можеби и разочара  дел од нас овде, а можеби и јавноста во Републикава. Сепак, ќе има и позитивно влијание од причини што ќе не тера побрзо да бараме заеднички излез од состојбава што ја имаме, јасно, под услов ако го има а треба да се има. Затоа барам што побрзо сите бројки што како обврска ги има и натаму ќе ги има Републиката, најитно да ни се стават н хартија и  како аналитички и збирен износ да се доставаат со што навреме ќе бидеме подготвени за квалитетен придонес како пртеници на Владата во решавањето на овие севкупни состојби што ги имаме во Републиката.

Молам, оваа моја дискусија, за да има една целина да се надоврзе на дискусијата што ја имав на 4-ти декември по ова прашање каде поконкретно зборував по однос на можниот развој на Републиката натаму. Земајќи ја и неа во целина сметам дека има едно мое дадено видување како понатаму да се оди во одредени разрешувања на присутните проблеми во Републиката.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Во основа Нацртот на буџетот за 1992 година би требало да се поддржи, бидејќи како што се очекуваше предлагачот на Буџетот тоа го нагласува во образложението, овој буџет се

базира во поголемиот свој дел на претпоставени големини. Но, тоа, барем по мое мислење, е објективност на отлискување на реалност на економските состојби во стопанството, индустријата, земјоделието, трговијата и се друго во време кога Република Македонија со крупни чекори, се надевам, зачекорува како суверена и независна држава.

Позитивно е исто така што во Нацртот се дадени податоци за 1991 година. Предлогот на Владата за 1992 година, индексот на зголемување што би требало да прерасне во постојана практика при предлагањето на акти од финансиска сфера.

Што се однесува до текстот на Нацртот би сакал да се задржам на овие три прашања:

Во позиција 289-а, конто 450, раздел 26 предвидени се средства за учество во Титовиот фонд. Тие средства се исти по обем како во 1991 година, 600 илјади динари и претпоставувам дека е тоа наследна обврска. Се поставува прашањето дали надлежните органи не би требало да се позабават со формирање соодветен републички фонд ако веќе постојниот останува, кој ќе се грижи за талентирани ученици, школување, до специјализација на млади работници, млади стручни кадри. Значи, да се формира државен, македонски фонд, за горе наведената намена.

Во позиција 373 конто 31 раздел 32 предвидува компензација на цената на дневно -информативните весници и друго. Се поставува прашањето зошто и врз основа на кои критериуми се врши ваква компензација.

Во образложението се повикува на Општествениот договор од 1981 година. Тоа е договор за заедничката политика за решавање

на материјалната положба и развој на дневно -информативните политички весници во Републиката. Бидејќи овој договор не знам по која причина е уште на сила, се издвојуваат средства за оваа намена во Буџетот, на мислеше сум дека овие средства не би требале да го оптоваруваат буџетот, а ова конто би требало да се избрише бидејќи предвидените средства од 18,5 милиони динари предвидени за компензација, регрес и надоместоци на дневно политичките весници, нагласувам политички, зашто така стои во Општествениот договор, кој како што реков е на сила, по мене е само оптоварување на Буџетот, истовремено и затворање на очите пред вистината и политиката на пазарната економија.

Ако секојдневно сме сведоци и слушатели на пазарната економија, како да се објасни ова конто во Буџетот, а посебно даденото образложение дека тие средства се за весниците "Нова Македонија", "Вечер", "Фљака", "Бирлик", "Просветена жена", "Студентски збор", "Остен" и "Млад Борец". Како може државата да биде мајка на горенаведените весници, а маќеа на другите што излегуваат во Република Македонија како"Епоха" "Република", "Збор" и др. Како може едни да го користат стекнатото право а други не можат.

Во образложението се повикува на преоден период а колку ќе трае тој период за едни а другите немаат право на преоден период туку самите се борат со сите бури и препреки и опстојуваат, излегуваат тие весници.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ: (продолжение)

Се прашувам како може една голема инвестиција Печатницата на "Нова Македонија" да се монополизира и да се користи само за свои цели и комерцијална добивка, а истовремено и да се бара и да се добие пари од државата, што значи дека се продолжува со една традиција од времето на едноумието кога на Партијата и беа потребни гласила за пропаганда на комунистичкиот систем. А јас никаде не гледам промени во тој систем сегашен.

Во раздел 58, позиција од 579 до 584 и конто од 400 до 418 по мене се само непотребно оптоварување на Буџетот и тоа во износ од 4.248.000 динари, средства кои се предвидени за работата на младинскиот совет. Би сакал да нагласам дека овој младински совет добива финансиски средства за активности кои треба да ги изврши за 92% согласно својата програма, а за резултатите од минатогодишната работа нема никакви информации. Дали овој совет треба или не треба да постои односно дали треба активностите на истиот да се финансираат од Републичкиот буџет, треба да се оцени. На крајот би сакал да предложам предлагачот на Буџетот до доставувањето на Предлогот на Републичкиот буџет да го преиспита законскиот основ врз основа на кој се издвојуваат буџетски средства за компензација на цената на дневно -информативните весници, за младинскиот совет односно за Титовиот фонд.

Затоа, апелирам, во контекст на сето горе изложено, би се послужил со следниот пример, вкупниот збир или сума од Титовиот фонд, компензациите на дневно политичките весници и младинскиот совет, изнесува 23.348 илјади динари, што е еднакво на месечна плата на 2.300 работници со просек од 10 илјади динари што е многу над сегашниот републички просек. Само по себе се наметнува прашањето

дали предлагачот ја имаше предвид катастрофалната ситуација на работникот. Ако работникот се преориентира на пазарно стопанство логично би било истото да важи и за горенаведените примери.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ :

Почитувано претседателство почитувани пратеници, со Нацрт буџетот на Република за 1992 година се билансираат зафаќања од пред се, недефинираниот општествен производ, средства во износ од 63 милијарди динари и учество во расходниот дел на општествениот производ од 21,2%, што претходно министерот за финансии укажа дека тоа учество е најверојатно во делот на приходниот дел во делот на општествениот производ од 19,6%. Ова 21,2% во расходниот дел е искажано на страница 16 од точката 6 каде што се расходите и каде што се набележани потребите кои се финансираат од Буџетот наменети и тоа за општите потреби во цирка учество од 12%, заедничките потреби од тој дел од 63 милијарди динари од 46% и интервенциите во стопанството со учество од 42%.

На страница 44 во точката 8 за учество на буџетската потрошувачка во општествениот производ, квантифицирано е учество во Општествениот производ од 12,6% на Републичкиот буџет и 0,2% на општинските буџети што значи вкупно учество од 19,8%. Сметам дека овие два показатели треба на одреден начин да се исправат или да се доведат во онаа права стапка.

Ова повеќе од причини што најверојатно наследуваме еден начин на проекција кој што од минатото ни остана во делот на утврдувањето на правата кои што се финансираат од Буџетот, правата веднаш ги вградиме и истите права да ги оствaруваме. Додека во делот на основиците кои што се за, остварување на тие права да се служиме со одредени процени. Ова е повеќе од причина што основните

процени или појдовните процени за оваа проекција се пред се резултатите од шесте месеци, од работењето во стопанството за шесте месеци. Ние немаме квантификации после шесте месеци. Сега дури ќе дојдат податоци, бидејќи во оваа година не се изготвува периодична пресметка за деветте месеци, така и вкупното учество во делот на општествениот производ изнесува 34,1% и на прв поглед се добива впечаток дека се намалува учеството во вкупното зафаќање на вкупните средства од општествениот производ од 2,4%. Овие структурални односи, посебно ги истакнува од причина што ова е втор Буџет што се утврдува во ова Собрание, а за неговото утврдување немаме појдовни основи. Иако се настанати одредени политички и стопански промени, но во секој случај отсуствуваат промените во основните системски закони кои што треба да уследат после системските промени. Немаме дефиниран среднорочен развоен документ и условите за стопанисување за 1992 година не ни се познати, иако во документите кои што ги гледавме претходно на ова Собрание беше укажувано дека тие услови, барем за стопанисување во 1992 година ќе ни бидат познатиот во почетокот на годината, или крајот на 1991 година, или во почетокот на 1992 година. До денес таквите услови за стопанисување не ни се познати.

Владата на Република Македонија, растеретена од својата политичка и партиска припадност отворено во образложението ги истакнува пред се, претпоставките за изготвувањето на Нацртот. Сметам дека ова отворено посебно го потенцирам од причина што е растоварена со некоја обврска. Затоа, отворено истапувам и ги искажува тие претпоставки. Доколку има некоја обврска, која што на крајот јас ке ја кажам како по цена на власта, сметам дека таквите претпоставки така отворено нема да ги истакне. Посебно се истакнува

состојбата во делот на она што значи недефинирана област во даночната политика. Оценките на ефектите од очекуваните приходи, меѓу кои и приходите од данокот на добивката. Јас посебно во мојата дискусија сакам да се забележи делот кој што е скоро цела страница, од делот на данокот на добивката каде што се укажува за начинот на пресметката на данокот на добивката и да продолжи континуирано на тој начин на пресметката врз основа на законот кој што денес го имаме за пресметување. Не знам дали вие се сеќавате, прв од законите кој што ние го вративме на Владата беше законот за пресметување на данокот на добивката. Тој закон го вративме назад од единствена причина што основицата за пресметуваше во тој закон беше и делот на средствата за лични доходи кои се во просечен износ исплатени. Тоа повеќе личеше, јас направив една квантификација, да биде закон, за пресметување на данокот на личен доход, а не закон за пресметување на данок од добивката. Оттука, можеби и малото учество само на 8,6% во вкупните зафаќања. Доколку основицата се измени, ќе видиме дека тоа зафаќање не е 8,66% од добивката, туку ќе биде далеку поголем.

Отворено е прашањето за пресметувањето и на данокот од личен доход на бруто и нето принцип. Ние во Комисијата за стопанство веќе имаме конкретен заклучок најдоцна за 6 месеци треба Владата да ни поднесе одредено свое согледување за делот на пресметувањето на данокот на личен доход, на бруто и нето принцип. Затоа што од таквиот начин на пресметување произлегуваат одредени средства кои што на одреден начин се одливаат без да има за тоа и соодветни одлуки.

Прашањата што треба да се разрешуваат во блиска иднина исто така добро се лоцирани и сметам дека Владата во тој дел доста

добро ги лоцирала обврските, со тоа што треба на таквите обврски да се направи една динамика на разрешување односно динамика со одредени приоритети за разрешување.

Исто така, посебно е потенцирано и прописите што треба да следат при донесувањето и извршувањето на Буџетот. Посебно се истакнати одредени прописи кои што отсуствуваат при самото негово донесување, но сметам дека сите овие недостатоци би требало да се срочат и да се истакнат посебно во најскоро време во делот кога ќе бидат понудени развојните документи и понудени условите за стопанисување во 1992 година.

Посебно би сакал во овој сегмент да го истакнам поттикнувањето односно средствата за поттикнувањето на стопанството кои што претходно укажав изнесуваа 42% или се некаде околу 27 милијарди динари. Во овој дел на средствата морам и во оваа прилика посебно да истакнам дека има доста позиции, не би сакал сега посебно да ги елаборирам, но во Владата веќе мора да се пристапи да се елаборираат позициите кои што навистина на оваа ставка следат за интервенции во стопанството. Инаку, има повеќе позиции како и во минатата година при донесувањето на минатиот буџет, ние истакнавме дека не се во функција на стопанството и покрај тоа и понатаму тие се ставаат во таа позиција каде се чини дека се тоа дел за интервенции во стопанството, а практично се покриваат одредени други обврски што припаѓаат во другиот дел на финансирањето, а не сум за тоа тие обврски да не бидат опфатени не во оваа позиција која што е наменета во делот за интервенции во стопанството.

Ја поддржувам дискусијата на пратеникот Симон Наумовски во делот на зголемување на позицијата 433 во разделот 43 за интервенциите во стопанството во делот на стимулациите на извозот

бидејќи тој ги кажа квантификациите таа позиција и тоа во рамките на тие 27 милијарди динари, треба да има едно поголемо учество. Исто така, посебно истакнувам дека дел од средствата наменети за геолошки, а сега додадено истражување на нафта и гас итн. е со една смешна сума од 100 милиони динари, а со сто милиони динари мислам дека ни студија во таа област не може да се направи, а не и да се вршат некои истраги или не знам што во таа област. Подобро таму да стои дека тоа е некоја студија за таа намена отколку да стои за геолошки истражувања и во делот на истражувањата за нафта и гас.

На крајот морам да истакнам дека и овој буџет е формиран спрема потребите на учесниците кои што учествуваат во потрошувачката и неговото извршување ќе биде под нивно влијание. Мислам дека ние не можеме да се ослободиме од тоа да планираме буџет врз основа на можностите бидејќи немаме такви основи, немаме такви параметри. Тоа нас и сега ни се потврди, кога во една друга област утврдивме, а се изненадивме, со години го толерираvме, дека со банките нас ни управуваат должниците. Сега тоа го констатиравме дека со банките нас должниците ни управуваат, па затоа состојбите во банките ни се такви. Наместо со банките да управуваат доверителите кои што ќе имаат интерес за вложените средства каде ќе ги вложат и кој ќе биде ефектот, така е и со Буџетот. И понатаму буџетот е под влијание на корисниците. Буџетот не е под влијание на тие што учествуваат во неговото формирање. Затоа, можеби и овие состојби што сега ги имаме, а и најверојатно продолжуваат натаму.

На крајот само од името на Комисијата за стопанство да укажам на тоа дека Комисијата за стопанство го поддржа Буџетот со овие забелешки и предлага на Собранието да го поддржи нацртот на Буџетот со тоа што на Комисијата за стопанство беше искажано од

страна на претставникот на Владата едно мислење, а ние го поддржавме дека сите нови сознанија и проекции кои што ке дојдат преку законската регулатива во меѓувреме од Нацртот до Предлогот, а бидат прифатени на ова Собрание да бидат вградени во Предлогот, така што повторно ние да не расправаме по одредени прашања кои што на ова Собрание ке бидат прифатени, иако сега не се елаборирани, во делот на нашето изјаснување. ТОДОР ПЕТРОВ

На почетокот сакам да укажам, бидејќи тоа право за време на одлагањето на оваа точка ми беше одземено, сметајќи дека предлогот за присуство на премиерот за мене лично беше, а се уште е беспредметно и спротивно на деловничките одредби, би можел само да му укажам на премиерот дека за време на моето излагање не мора да присуствува во оваа сала. Во поглед на забелешките кои што се дадени на Нацрт - буџетот на Република Македонија, би сакал само да укажам известителите на Комисиите да не го повторуваат она што веќе е утврдено во комисиите и во писмена форма за кој верувам дека Владата и ресорните министерства без резервно ќе ги разгледуваат како забелешки и верувам ке ги вградат во предлогот на Буџетот кој повторно ќе го имаме на дневен ред. Единствено само би укажал на она што не го кажав на Комисијата, зашто сметам дека доста ќе влијае врз оптоварувањето на расходните ставки од Буџетот. Имено, предлагам тоа да го има владата предвид, а Парламентот со посебно внимание да го проследи овој предлог, со оглед на тоа што во разделот за финансирање на дејноста и активностите на министерството за финансии предвидени се средства во висина од околу 3 милијарди динари, што е 5% од предложениот буџет, за финансирање на нови функции на државата и во кои што се предвидува односно

во кое што претставникот на Владата на седница и на Комисијата за буџет и финансирање каде што сум член укажа дека се однесува на создавањето на сопствен монетарен систем, бидејќи би се создале два пати трошоци за иста цел и намена, сметам дека при конципирањето на новиот монетарен систем на Република Македонија да не се тргне од печатење на бонови, па потоа печатење на нова валута на Република Македонија, заради тоа што трошоците се повторуваат и при едната и при другата поставка, туку веднаш да се премине на создавање на нова валута на Република Македонија и тоа што побргу за да ефектите од инфлацијата и инфлаторното делување на динарот како платежно средство во Република Македонија не го уништи и она стопанство кое моментално функционира.

Единствено би предложил исто така, да се додаде посебен раздел во Буџетот за создавање и опфаќање на републичката управа за контрола на летовите и обезбедување соодветна електронска опрема за обезбедување на воздушниот простор на територијата на Република Македонија, како и да се опфати посебна ставка за финансирање на Програма за заштита на Дојранското Езеро и за санација на состојбите и последиците од еколошката катастрофа коешто го снајде ова наше природно богатство. Исто така сакам да укажам да ја задолжиме Владата со еден посебен работен заклучок иако ние имаме посебна програма за работа на Собранието да ја интензивира постапката околу предлагањето во собраниска процедура на сите закони од материјалната сфера со кој ќе се заокружи економската сувереност на Република Македонија како самостојна и независна држава пред се законите од монетарниот, фискалниот даночниот систем, пресметковниот и трансформацијата на сопственоста

со што би се создале услови и за активирање на приватната иницијатива, ангажирање на приватниот  капитал не само од домашни правни и физички лица туку и од странство за да го направиме територијата на Република Македонија атрактивна за вложување на странски капитал.

ТОДОР ПЕТРОВ: (продолжение)

Само еден предлог на крајот би додал, она што како задолжување на Владата и го дадовме, а се уште го немаме. Добар е прегледот што е даден во образложеието што е дадена структурата на бројот на вработените во сите органи на управата и во општествените дејности, чие финансирање се врши од буџетските средства, меѓутоа, сметам дека е погрешно што ние како Парламент воопшто не ја утврдуваме структурата на бројот на вработените во органите на управата и во општествените дејности кои што се финансираат преку Буџетот за да утврдиме определени стандардизирани критериуми за финансирање на дејноста на овие институции кои се под режимот на Буџетот, со утврдување на обемот и сложеноста на работите и работните задачи, бројот на послужителите според степенот на образованоста и квалификуваноста, за да може да се изготви и добие реална претстава за обемот на вкупната буџетска потрошувачка. Исто така сметам како Парламент, за да не изготвуваме ребаланси на Буџетот во текот на годината дополнително да го разгледаме и предлогот на законот за коефициентите на функционерите и вработените во органите на управата заради тоа што овој Буџет верувам дека е работен според постоечките коефициенти, а било какво зголемување на коефициентите за еднаш, двапати или повеќе пати вкупниот обем на средствата кои треба да се ангажираат со овој Буџет.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, обично буџетот на секоја држава на некој начин е одраз на економската политика што таа држава би ја водела. Во услови кога како што рече Владата немаме економска политика, немаме официјално доставено, се обидов да дојдам по обратен ред до тоа каква би била таа економска политика, знаејќи го Буџетот,

меѓутоа да ви кажам искрено има доста контрадикторности кога би сакал човек да открие какви правци од прилика и што не очекува во наредната година.

Исто така, не донесувањето на новите закони на даночната политика, сигурно ќе претставува проблем. Ваков буџет најверојатно ќе мораме да имаме до крајот на годината, бидејќи не верувам дека даночната политика ќе ја менуваме во текот на годината бидејќи тоа би предизвикало сигурно соодветни оперативни проблеми, ако се знае дека беше најавувана даночна политика која фактички би била од системски карактер односно менувана да не речам од корен.

Она што прво паѓа во очи кај секој буџет е бројката колкав е тој буџет, дали е голем или мал. 63 милијарди динари или околу една милијарда марки се поставува прашање дали е голем или мал или уште поважно дали граѓаните на оваа држава може да го издржат тој буџет, односно дали можат да поднесат толкав товар. Бидејќи така како износ многу не кажува, се обидов да направам некои математики поедноставни и од прилика дојдов до една математика тргнувајќи од фактот дека еден просечен личен доход е околу 100 марки, иако не е ни толку, дека во Македонија од прилика едно семејство е од 5 нешто членови, дека од една фамилија просечен број на вработени е околу 1,5, дојдов до сознание дека секоја една фамилија во Македонија би требало да издвојува околу 2,500 марки годишно на име на трошоци на државата односно за јавна потрошувачка, а 1.700 марки за свој опстанок. Јас не знам дали е ова малку или многу меѓутоа, доколку би го прашале било кој граѓанин дали се согласува да дава 2.500 марки годишно односно било која фамилија бидејќи целата сметка ја сведов на една фамилија, да дава 2.500 марки за ова, а 1.700 марки за својата егзистенција и живот, не знам дали би се согласиле или граѓаните би го прифатиле без оглед на сета ситуација во која се наоѓаме.

Втора работа е што имам некое сомневање во вистинитоста на овој Буџет. Во образложението на Буџетот на страница 61 е даден еден преглед на стапките на основниот и посебниот данок на промет на производи и услуги и дадено е колку биле тие во 1991

година и колкава ќе биде нивната стапка во 1992 година. Нема

на/ да се осврнувам сите стапки меѓутоа, само да го земеме данокот

на промет на услуги кој што е предвиден овде по стапка од 5% за

повеќе услуги, веќе денес имаме предлог на закон кој предвидува

да биде 10%. Што значи тоа? Дали е направена некаква грешка во

предвидувањата и какви промени ќе предизвика. Ако Нацртот на Буџетот!

е правен да речеме од 5% а веќе денес донесуваме закон кој ќе ја

зголеми 100% таа стапка на 10%, би сакал да знам одговор која е

точноста на Буџетот односно врз база на какви стапки е правен,

бидејќи во прилогот на образложението на Нацртот на буџетот стои

дека ова се стапките што се предвидени за 1992 година.

Би имал некои детални прашања во врска со конкретни износи за Буџетот и конкретни размислувања во врска со тоа.

Имено, она што паѓа во очи можеби несреќно избраниот термин "интервенции во стопанството" што од прилика изнесува една четвртина од буџетот, не знам дали она што беше во образложението дадено што се подразбира од таа стапка интервенции во стопанството би можело така да се дефинира, бидејќи поимот "интервенции во стопанството" малку поинаку го сфаќаме, па не знам дали е само проблемот во несоодветниот термин или можеби се мисли на онаа интервенција во стопанството во состојба кога некаде ќе загусти, ќе даваме пари, практично заради социјален мир. Ако е тоа, тоа, мислам дека би требало од тоа побрзо да се откажуваме, бидејќи на тој начин сигурно оваа држава нема да ја водиме никаде.

Тргнувајќи одделно по групите како што е даден, би имал едно прашање. Можеби некаде го има, меѓутоа сепак би сакал да биде одговорено. Имено, зошто се ставаат средства за пензиско и инвалидско осигурување во Буџетот, бидејќи знаеме дека пензиското и инвалидско осигурување е издвоено од Буџетот, па ме интересира зошто се предвидени во Буџетот, од кои причини.

Одејќи понатаму во посебниот дел, би одел по ред, ова се некои мои прашања и дилеми и би сакал да ми бидат објаснети.

Во раздел IV - Влада на Република Македонија, и 41 каде што имаме во ставка 38 "учество во откуп и изградба на станови за Македонци од Егејскиот дел и повратници од 5.000.000 динари." Не знам колку е реално во овие услови оваа држава да дава некому станови кога ситуацијата каква што е и практично за граѓаните на оваа држава одвај имаме гола егзистенција, барем со личните доходи кои сега ги примаат вработените и дали е в ред од тие лични доходи тие да издвојуваат и за станови аз повратници. Конкретно да ми се каже за што се мисли.

Исто така имаме помош за повратници од источноевропските земји. Би сакал исто така и ова да ми биде објаснето за што се однесува и тоа се дава бројка од 1.000.000 динари.

Понатаму, останува една дилема, имаме министерство за народна одбрана и Републички штаб за територијална одбрана. Дали од прилика тука се планира нешто, дали овие два органи би биле споени во еден, дали би функционирале засебно, меѓу народната одбрана и Републичкиот штаб за територијалната одбрана.

Исто така гледам дека е побарано средства за работа на штабовите за цивилна заштита, а тоа не е одобрено, па ме интересира дали државата практично се откажува од цивилната заштита, дали таа и понатаму ќе постои како некаков облик на заштита на граѓаните

Во раздел 11 каде што е Министерството за внатрешни работи, некако ми е сомнително, има два раздели за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците, во едниот стои "на работниците" во другиот стои "на работниците во ОВР" и овде минатата година имавме еден износ од 1 милијарда динари, во оваа година ништо, дали сега тоа е истиот оддел или се работи за нешто посебно. Не ми е јасно зошто токму вака се прикажани овие работи.

Останува и прашањето за становите на вработените во Министерството за внатрешни работи и органот за внатрешни работи. Не знам и зошто само за ова Министерство, останува прашање и би сакал образложение, како и образложение - разбирам дека за Министерството има во Програмата за модернизација одреден прилично голем износ на пари, меѓутоа што се подразбира под ова "посебни намени" што првпат оваа година е предвидено во износ од 900 милиони динари.

Понатаму кај Министерството за финансии се јавува една моја дилема. Имаме докуп на стаж и отпремнина на работници, дали се мисли само на работници од министерството за финансии или воопшто земено од сите органи на управата и ако е тоа само од Министерството за финансии, зошто и крај другите го нема тоа.

Потоа имам прашање кај Министерството за финансии, имаме откуп и изградба на станови за вработени во органите на управата. Гледајќи ја оваа ставка овде од 130 милиони динари, што од прилика одговара за еден стан логично се поставува прашањето за кого е наменет овој стан или кој е тој што треба да го добие тој стан бидејќи искрено со овие пари се купува само еден стан. Се извинувам, тоа за еден стан е кај повратниците од источните земји каде е 5 милиони динари.

Исто така, имам посебна забелешка кај Министерството за развој. Ова министерство фактички за својата работа има еден износ од околу 1.800.000 динари и грото од парите се само за лични доходи на вработените, а што од прилика тоа ќе финансира, каков развој ќе подготвува и како тоа ќе се развива не ми е јасно. Овој износ на средства за едно министерство се за оперативна работа и мислам дека е мал.

Исто така, имам забелешка зошто само Програма за колекторот на Охридско Езеро а не и за Дојранското Езеро, кое од прилика знаете дека сигурно е многу повеќе за заштита отколку Охридското Езеро. Тоа езеро практично е пред изумирање после сето она што се случуваше околу него, веројатно на сите овие состојби им се познати и не би сакал да давам посебно образложение за ова.

Во врска со компензацијата на цените на дневните информативни весници беше речено и не би сакал околу ова да се задржам.

Од прилика ова би биле оние прашања кои ги наменив.

Имам уште едно прашање. Остана од претходниот буџет, таму беше предвиден еден износ на средства за демилитаризација на Македонија. Во овој Буџет тоа го нема. Би ја прашал Владата дали мисли дека со демилитаризацијата тој процес е завршен веќе па нема потреба од средства за тоа или пак мисли дека таа политика не е в ред да се води односно нема потреба да се инвестираат пари во тоа, па би сакал да добијам одговор.

СТОЈАН АНДОВ:

Најдобро е овие забелешки да ги давате во комисиите, да влезат во постапка, Владата да можеше да ги разгледа досега, а не овде да ги соопштувате.

ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ;

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, денес е на дневен ред донесувањето на Републичкиот буџет за 1992 година, кое е едно од битните и важни решенија кое треба денес да се донесе и мислам дека вака поставениот буџет претставува една анализа во детали, меѓутоа, сепак сметам дека недостасуваат некои работи што треба да се доградат и дооформат во Буџетот. Во приходниот дел на Буџетот не е внесено салдото од минатата година, не е кажано колку изнесува и дали го има или не. Исто така, во приходниот дел не е направена анализа за извршените приходи до 31.XII.1991 година, а сметам дека е потребно да имаме показатели кои ќе можеме да ги споредиме со планираниот буџет.

Имав намера да изнесам повеќе работи, но веќе беа кажани. Меѓутоа, мислам дека тука требаше да претходи економската политика за 1992 година, на кој начин и како стопанството ќе го организираме на кој начин и како од стопанството ќе ги добиеме оние приходи од личниот доход и даноците што треба да влезат во Буџетот. Слабо стопанство сигурно нема да оствари ваков рапидно голем буџет. Ако го споредиме приходниот дел на Буџетот за 1991 година кој изнесува 9 милијарди динари со 63 милијарди во 1992 година, ќе видиме дека за 6 пати е повеќе или индекс 600. Секако ако овој Буџет се донесе во јуни 1992 година, кога ќе имаме некое согледување до полугодието, при крајот на годината да се изврши ребаланс на Буџетот кој вкупно изнесува 20 милијарди динари, ако ја споредиме оваа бројка со приходниот дел за 1992 година, ќе видиме дека е за трипати зголемен односно 304%. Јас не знам дали тоа би можеле да го оствариме и во стопанството така рапидно, имајќи предвид, како што рече министерот дека одиме по тековните цени кои важат сега.

иако се очекува многу поголема инфлацијата. Мислам дека некои работи се уште не се докажани. На пример, кога ќе ја добиеме Програмата за рационализација на кадрите, рационализација на средствата и воопшто односно за корисниците на Буџетот. Кога и како ќе го трансформираме средното образование, дали и натаму би требало да финансираме, да ставаме вака високи стапки, да финансираме кадри, да школуваме во средното образование за заедницата за вработување, односно Заводот за вработување еднаш мора да ставиме крај, кадрите да бидат наменети за стопанството односно школувани за потребите на стопанството. Јас повеќе пати инсистирав дека мораме да донесеме закон односно во Законот за образованието ученици во стопанство, па по завршувањето на осмолетката оние кои немаат намера да го продолжат средното образование во овие училишта учениците да бидат во стопанството, да бидат подготвувани како трговски помошници, во занаетчиството, индустријата, сообраќајот и другите гранки.

ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ: (продолжение)

Сигурно дека ќе намалиме еден дел од невработените со средно образование. По завршувањето на средното образование додека одиме на факултетите да даваме средства за школување на кадри кои не ги користиме а ги имаме многу повеќе речиси од сите факултети Дали и натаму треба со тоа темпо да одиме, дали не треба нешто да реорганизираме или направиме. Дали овие кадри и натаму треба да одат во странство да работата, а школувани кадри. Во Германија е речено дека Машинскиот факултет во Франкфурт треба да се затвори. Зошто? Затоа што Југославија дава подобри кадри за стопанството на Германија. Зарем не можеме еднаш да се освестиме и да видиме дека ваквата политика на образованието еднаш треба да кажеме само тоа што треба за стопанството, тоа што треба за Републиката од тие кадри што ги немаме.

Исто е и во здравството и таму треба да направиме една програма да видиме каде се наоѓаме и дали и таму треба да школуваме такви кадри и каде ќе им наоѓаме вработување.

Во расходниот дел Министерството за правосудство има дадено прегледи по општини додека другите министерства кои имаат испостави во општините на Републиката немаат направено вакви прегледи и не ја знаеме таа состојба ниту бројот на вработените по општините по министерствата ниту пак средствата кои треба да се издвојуваат за тие испостави по општините.

Да не ве заморувам работите се познати желба е да се усвои Буџетот така како е предвиден, меѓутоа, има една ставка под 3 од Прегледот на страница 14 каде изнесува 2.400.OOOдинари. Ако ги помножиме со коефициент 3 ќе добиеме 7.200.000 динари така што приходниот дел на Буџетот ќе се зголеми за 7.000.000 и ќе биде 70.000.000 динари. Ако е така, тогаш мислам дека треба овие средства

да се распоредат прво за недоволно развиените краишта во Републиката и ридско -планинските предели од тие средства 5.200.000 а од 2.000.000 динари да се распоредат во матeријални резерви доколку се остварат. Доколку се остварат некои вишоци во текот на годината, ако е можно ако ја совладаме работата, но имаме доста препреки, средствата да бидат наменети поголем дел за развој на стопанството и тоа во ридско -планинските предели и воопшто за стопанството како и зголемување на средствата за материјални резерви.

Мислам дека покрај останатото треба да се донесат и заклучоци при конечното усвојување на Буџетот .

Како што реков министерствата треба да доставaт преглед по испоставите во општините колку работника се вработени, колку средства и истовремено колку се потрошени во 1991 година по овие министерства.

Потоа анализа за извршување на Буџетот за 1991 година. И економската политика би требало барем во глобала во Нацртот да ја имаме заради тоа што гледаме дека стопанството се наоѓа во многу тешка состојба. Кои се мерките и средствата што треба стопанството еднаш да почне да работи. Какво ќе биде пазарното стопанство. Каде ќе ги продаваме производите што ќе се произведат, во кои земји. Дали ќе произведеме квалитетно производство.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа не е сврзано со Буџетот.

ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ:

Кога сум веќе тука да кажам и Програма за рационализација на кадри што ги имаме досега. Јас знам дека Буџетот наследува во една состојба која е во изминатиот период и прилично тешко ќе може да се направи таа рационализација на кадри односно на корисниците кои користат средства од Буџетот на Републиката.

Понатаму, треба да се најде некое решение како ќе се остварат приходите за Буџетот и што правиме со технолошкиот вишок во стопанството затоа што тоа ни создава проблеми што не можеме да ги спроведеме другите активности заради ваквите состојби. Мора за тој технолошки вишок да се направат програми и да се разреши тој проблем.

На крај, Буџетот вака како е предложен ги прифаќам дискусиите да бидат вградени односно да се размисли дали можат да се вградат и ако не можат да се даде образложение зошто не може. Јас не инсистирам да биде точно вградено можеби има и оправдани причини што не можат да бидат вградени.

JOВАН МАНЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, Јас нема да зборувам за стопанството малку да се оддалечиме од оваа тема можеби беше и досадно затоа ќе ве молам за мало внимание.

Долги години размислувам околу проблемот на детската смртност. Како практичар не можам да се согласам со оние што мислат дека смртноста е огледало на здравствената служба на едно подрачје, а други дека е тоа во сообразност со економската моќ или заедно на едното и другото. По се изгледа дека најповеќе е политичка категорија затоа што добрите закони следени со соодветни материјални средства најчесто даваат добри резултати. Иако времињата се тешки сепак мора да признаеме дека во изминатата година Парламентот во кој седат 17 колеги не стори скоро ништо за едно од основните или ако сакате основната категорија од виталната статистика затоа сакам нешто да речам за Буџетот за разделот 31 во Министерството за здравство позиција 360 тоа е партиципацијата во Програмата за намалување на смртноста на доенчињата и малите деца.

Она што имам да го кажам, можам да го кажам во неколку реченици, меѓутоа, сакам да го задржам малку вашето внимание затоа што минатата година кога говорев на оваа тема беше предвидена некоја смешна сума од 100 илјади динари,реков дека е подобро да ја нема. Е, сега ја нема, мислам дека ме послушаа. Минатата година, за жал, беше таква, а оваа година уште полоша.

Смртноста на најмладите до сега ни се утопуваше во статистичките показатели на Југославија, па не мораше толку да се срамуваме, конкретно само ние Македонците иако и Југославија е за срам, но во една суверена и самостојна Македонија ќе нема каде да се криеме, ќе бидеме далеку на опашката на Европа.

Дека можеме да направиме устав по мерка на Европа покажавме. Со право сме горди и на признанието од Бадинтеровата комисија, но како да заборавеме дека во корпусот на човековите права првото е правото на живот и преживување. Се лажат, колегите најмалку слушаат, и тие дека новиот закон за здравствена заштита ќе ги разреши сите проблеми. Солидарните средства не можат да ги покријат никој од трошоците за хемодијализа затоа се мислеше едно време дека дијализата не треба да се применува масовно, но надвладеа мислењето дека тоа ќе биде еден вид еутаназија, а ние како хумано друштво не смееме тоа да го дозволиме. Јас се прашувам дали не е еутаназија ако на новородените не им обезбедиме приближно, не мислам еднакви, туку приближно еднакви услови за преживување. Што се виновни тие дечиња што се родени во, да печеме, Калиманци, Двориште или во Цер и дали се помалку вредни од нивните врсници во Скопје, Битола, и другите градови, јас би го разбрал тоа да имаме и во таа област едно генетско инженерство па некаде да се раѓаат само неспособни или за одредено занимање, а во другата талентираните и гениите.

Ако веќе воведуваме и во здравството пазарно стопанисување прво ќе згаснат и така веќе згаснатите здравствени пунктови што не се рентабилни, а тие се токму во најоддалечените села, особено оние од разбиен тип. Дека инкубаторите и другата опрема ќе ни биде само со тоа е сигурно, а дека економската моќ и смртноста не одат понекогаш во обратна пропорција ќе ги посочам комшиите, Бугарите, а може и другите источни земји.

За оние што ќе речат дека немаат пари за се ќе го наведам следниот пример од мојата општина. Од 6-те пункта три се нерентабилни ќе им треба или дотација или да се укинат, но за тоа имаме четири непотребно фотелјирани функционирани со солиден надоместок од кои ќе можат да се дотираат сите 6 здравствени пунктови, ако е тоа потребно. Се чини како да нема спас од бирократијата. Затоа го замолувам предлагачот да понуди ново решение по оваа проблематика, а господата пратеници ќе мора, доколку ни се случи тоа да избираат помеѓу намалувањето на смртноста и бирократијата.

Сега сакам уште во разделот 26 тоа е од Министерството за образование и физичка култура позиција 292 финансирање на дејноста од физичката култура да кажам неколку реченици. Овој раздел покажува дека сепак нешто се движи иако средствата не се ни од далеку во сообразност со потребите. За разлика од минатогодишниот буџет во 100-те милиони динари предвидено е и унапредување на училишниот спорт. Единствено не сум сигурен на што се мисли. Дали на пролетните кросови или на доградба на училишните спортски сали. Мислам дека салите ги нема само две или три општини, а се започнати со градба уште пред 18 и 20 години.

Како суверена држава треба да водиме сметка за рано откривање на таленти затоа што спортот е најдобриот амбасадор, можеби и најевтиниот за афирмација на една земја. Да не зборуваме за тоа и да не се повторувам дека нацијата ни е можеби со највисок процент на деформитети во Европа, мислам на младото поколение.

ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:

Почитувани пратеници, пред малку господинот претседател рече дека овие забелешки подобро би било да се поднесуваат на комисиите што е точно. Но, многу пати предлозите на мојата комисија загинуваат помеѓу и Владата некаде, па изгледа од тоа сме приморани да ја користиме и оваа говорница.

Од овој Нацрт -буџет за 1992 година се гледа дека има многу сличности со буџетите со претходните години. Не се гледа ништо што би требало да се промени како на пр. трансформацијата на општествените претпријатија и друго, а што со приватните претпријатија. Внесени се работи што не би требало ни да се помисли да се внесат или требало да претрпат поголеми измени. Не може да се види дека Нацрт -буџетот врз база на реални програми донесени од страна на министерствата исто и предвидената инфлација е нереално земена.

Би се задржал околу земјоделието. Со усвојувањето на ваков нацрт-буџет или Буџет ги елиминираме заклучоците по Анализата на вкупните состојби и проблеми во аграрот од кој се гледа дека заради изразениот диспаритет помеѓу откупната цена на стратешките земјоделски производи како пченицата, пченката, шеќерната репа, сончогледот, маслодајната репка и грозјето за реколтата од 1991 година и цената на финалниот производ која неповолно и дестимулативно влијае врз примарното земјоделско производство од кои преработувачката

индустрија која врши откуп на овие земјоделски производи за откупените количини да ја зголеми откупната цена за 50%. Тоа се случуваше некаде од 27 ноември до 3 декември, но тоа загина што го кажав пред малку.

Овие заклучоци Собранието ги прифати, но до денес Владата ни нема доставено свое мислење. Ми се чини дека целта е Нацрт - буџетот да помине вака, па за тие заклучоци да пропаднат како и многу други работи.

Мислам дека прво требаше да се донесат заклучоците па потоа да се предлага Нацрт -буџетот. Владата е таа која треба да си најде начин како ќе ги обезбеди овие средства за земјоделците, па потоа да ни го дадеше овој Нацрт -буџет. Не може на ваков начин да ги одбегнеме земјоделските производители кога во Буџетот се гледа за какви намени се даваат големи суми на пари на пр."за некои денови", за некои фестивали, прослави, котизација, што е минато време, општата општествена исхрана, К-15 кој треба на време да се земе и што се случува овие денови делење на разлики на сите корисници и на Буџетот и тоа по две плати со пари од истите тие земјоделци и работници. Овде би ги прашал директорите дали поделија вакви разлики по две плати на своите вработени? По пресметките на господинот Трајан Мицевски треба 15 тони пченица Трајан да произведе или минатата година да продал за една разлика што се зеде овде.

Исто така и средствата наменети за нашето земјоделство по мене одредени се на начин колку што останало толку да се даде за земјоделието. Од Нацрт -буџетот се гледа како да живееме од политика и администрација со која заборавиме дека ние сме земјоделска земја и дека идниот развој го гледаме во оваа стопанска гранка.

За реализација на програмата за развој на земјоделието се предлагаат 500 милиони. Ваква сума, ме зачудува кога гледам за некои други по незначајни области се даваат поголеми износи како на пр. за котизација за вршење на заеднички функции со други држави и сојузни органи се планирани околу 650 милиони, но дали ова сето не е минато? Овие средства треба да се пренаменат по мене, прво за реализација на Програмата на развојот на земјоделието и воведување на премии за нас многу значајните култури и производи како тутунот, пченицата, шеќерната репа, сончогледот, маслодајната репа, грозјето, памукот, млекото, месото, рибата, квалитетен приплоден добиток, пчеларството и неговите многу барани производи кои производи и преработки се од голем интерес за Републиката.

Во Предлог -буџетот за воведување на премии како стимулативна мерка во земјоделието треба да бидат внесени оризот и месото не знам зошто не се внесени и нормално грозјето.

Средствата за овие премии не треба да бидат помалку од побараните 3,5 милијарди динари, а не од дадените 2,5.

Второ, зголемување на средствата за регреси на вештачки ѓубрива, семенски материјали, заштитни средства да се одобрат бараните една милијарда, а не 500 милиони динари.

Исто така, од овие средства за котизација предлагам дел да се оддели за социјала.

Потоа средствата од 210 милиони за ревитализација на селото би требало строго да се наменат на подигање на земјоделското производство.

Од овој Нацрт -буџет се гледа дека заштитната цена кај земјоделските производи е до 12%, а секаде во светот се движи до 40%. За таквото регулирање на цените на земјоделските производи Владата имаше време. За пример да го земеме млекото и ако вака продолжиме утре и лебот ќе ни стане проблем, како и млекото и други основни продукти.

Од Нацрт -буџетот гледам дека давачките се зголемуваат за 14%, а имаме опаѓање на вкупното производство во Републиката и дали сега некој треба да ни каже каде не води тоа зголемување.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ: (Продолжение).

Каде не води тоа зголемување на давачките^ Би требало во Предлог -буџетот тоа да го нема.

Во очи ми паднаа и средствата кои се наменети за науката, средствата наменети за научно- истражувачка дејност од 360 милиони динари. Оваа сума на средства ми се чини е многу смешна. Дали треба допрва да се учиме колкава е нашата зависност од научно-истражувачката дејност. Со вакви средства ние науката ја тераме на стагнирање. Односот за средствата за оваа намена од минатата година и оваа е 1:2, но со оваа инфлација тие средства за многу кратко време ќе ги снема. При правилна распределба во нормални услови ова зголемување би требало да биде најмалку 1:4. Вака науката ја сведуваме на такво ниво што не би смееле да се појавиме надвор од границите на оваа држава.

Исто така сметам дека Владата во Нацрт -буџетот би требало да обезбеди еднаков третман во компензацијата на одделни весници како што се"Нова Македонија", "Вечер","Бирлик", Фљака е влазеримит", која изнесува околу 170 милиони динари, додека за другите изданија воопшто не се издвоени средства за компензација, како за весниците "Република',""Збор," "Глас" или "Демократски форум". Компензација треба да има за сите или за никого. Вака испаѓа дека Владата или ова Собрание се за некого мајка а за некого маќеа.

ИВАН ИВАНОВ:

Бидејќи доста беше кажано од претходните дискутанти за она што мислев јас да го зборувам јас би се откажал од излагањето,а би се заложил на оние искажувања кои беа во делот на обезбедување на поголем опсег на средства како стимулации на стоките и услуги.

Земајќи предвид дека компонентата девизи е мошне значајна за натамошниот развој на Републиката.

ВАНЧО МИНОВ:

Во интерес на поефикасни завршување на оваа расправа и затоа што е овој акт во статут на нацрт, јас ја приложувам мојата дискусија и се надевам дека и другите колеги ќе прејдат на таа практика. ПРИЛОГ:

ВАНЧО МИНОВ:

ГОВОР НА ПРАТЕНИКОТ ПАНЧО ПИНОВ ОД КАВАДАРЦИ ПО НАЦРТ НА РЕПУБДИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1992 ГОДИНА

Позитивно во Нацрт Републичкиот буџет за 1992 година е што тој е димензионирано Буџет на суверена и независна држава со кој на единствен начин се финансираат сите обврски и функции на Републиката. Реалноста и објективноста на предложениот Нацрт -буџет озбилно ја оспоруваат не дефинираноста на приходите, неговата заснованост на голем број недонесени закони, оптовареноста со големата потрошувачка ориентираност, посебно за лични доходи во услови на неизвршена до крај рационализација на вработените и нерасчистеноста нои се функции се од битно значење за државата и таа не ги финансира, а нои не се. Предложениот Нацрт -буџет битно го одбележува преземањето на функциите нои досега се остваруваа на Сојузно ниво, посебно во економската и социјалната сфера, а најголемата застапеност во расходите на позицијата - интервенции во стопанството го одредуваа неговиот претежен економски карактер. Меѓутоа таквата економска функција на Буџетот во услови на пазарно стопанство мора да се соодветствува со поадекватно третирање и повисоко буџетско финансирање на социјалната сфера посебно на категоријата социјално загрозено население чиј минимален социјален цензус за егзистенција неопходно е да го гарантира државата преку Буџетот. Во Нацрт -буџетот се,предвидува позиција -учество во финансирањето на програмите за заштита на социјално загрозеното население и за повторно вработување на лицата нои останале без работа како последица на преструктуирањето во стопанството со износ од 750.000.000,00 динари. Сметам дека овие структури на население треба во Буџетот подвоено да се третираат, правата на социјално загрозеното население да се регулираат наместо со Програма со посебен Закон со ној не се уредат изворите на финансирање на овие права, како дел од постојните приходи на Буџетот и утврдат критериумите за задоволување на истите, а за оваа буџетска година најмалку да се удвостручи предвидениот износ во Нацрт -буџетот за оваа намена, со 1500 милиони динари.

Во позицијата на функционални расходи ставката за учеството и изготвувањето на ревизијата на просторните и основните урбанистички планови во износ 1.000.000,00 милион динари, финансиски ни од далеку не ја подржува Програмата за изготвување и ревизија на просторните и урбанистичките планови во Републиката донесено од Собранието во 1991 година со заклучок да важи и во 1992 година. Овој симболичен износ за инаку значајна државна функција, Владата треба да го преиспита во смисла да предвиди реален износној заедно со процентот што се издвојува од надоместокот за комунално уредување за оваа намена да претставува материјална основа за финансирање на изготвувањето на сите одредени просторни и урбанистички планови во горезначената Програма за 1992 година.

Физичката култура повторно е најмалку застапена, по мое мислење без оправдување, за разлика од другите општествени дејности во Нацрт-буџетот. Укината е ставката во Буџетот за партиципација во финансирањето на изградба на објекти за физичка култура врз основа на Одлуката на Владата за рестрикција во нестопанските инвестиции и определбата за помали интервенции во нестопанските инвестиции. Секогаш може да биде дискутабилно зошто се селектираат нестопанските инвестиции конкретно во физичката култура, а се предвидуваат во Нацрт -буџетот за другите општествени дејности и за објекти за општи потреби. Убеден сум дена заради општествено значење на објектите за физичка култура, избегнување на нерамноправноста на општините во однос на користењето на Републичките средства за оваа намена, а во рамните на Одлуката на Владата и можностите на Буџетот во разделот за физичка култура Владата да предвиди позиција - учество во финансирањето на објекти за физичка култура. Во износ од 160 милиони динара, со приоритет на општини кои се уште немаат спортски сали, а во тек е изградба на истите со сопствени инвестиции.

Предлагајќи зголемување на расходите во предложениот Нацрт-Буџет оценувам дена простор и резерви за задоволување на гореспомнатите предлози има во доследно довршување на рационализацијата на работниците и функционерите што се финансираат од Буџетот и во преиспитувањето на тоа кои институции, органи и организации, како и дефинирањето кои функции треба да ги финансира државата преку Буџетот.

ПРАТЕНИК,
Панчо Минов

СТОЈАН АНДОВ:

Му благодарам на господинот Ванчо Минов.

Има збор господинот Благој Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Сите знаеме дека во последно време повеќе комисии на Собранието, кога станува збор за проблеми кои живот значат, почнаа да работат заедно. Таква состојба имаме и околу Буџетот, по три и четири комисии работат заедно, комисии кои што се составени од пратеници од различни пратенички групи и комисии кои што имаат претседатели од различни пратенички групи. Сепак кога станува збор за вакви проблеми тие наоѓаат целосно заеднички јазик. Најверојатно проработи стручноста во комисиите по поедини области кои ги застапуваат и да се потсетиме, легитимитетот на секој пратеник, а не само пред партијата што ја претставува парламентарната група.

Оттука Комисијата за социјална политика и Комисијата за образование, наука и култура, повеќе пати во последно време работат заедно и членовите на двете комисии ме задолжија мене и колегата Бранко Арсовски, покрај извештајот во кој се дадени пораките и заклучоците на Комисијата, посебно секој во својот дел да укажеме на некои работи на Владата и предлагачот. Затоа и беше договорено колегата Арсовски да го искаже делот од областа на трудот и социјалната политика која претходеше на делот на образование, наука и култура.

Комисиите посебно внимание, иако имаа соодветни заклучоци и во глобала во кои се дадени во Извештајот им посветија на разделите 25 до 30, практично на раздели во кои се билансирани средства за сите општествени дејности, со исклучок на здравството. Притоа, посебно ме радува фактот што претставникот или известителот

на Комисијата за буџет и финансии која што има посебни ингеренции кога се носи Буџет на републиката за 1992 година, дојдоа независно од нас до некои констатации кои во целост се поклопуваат со констатациите на Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за образование, наука и култура. Имено, и во нивниот и во нашиот извештај се укажува на еден впечатлив расчекор помеѓу билансираните средства во однос на искажаните потреби посебно за дејноста на основното образование, кои што како процент билансирани средства во однос на искажани потреби се најниски во однос на сите проценти на задоволување на искажаните потреби по сите раздели и позиции. Никаде, во ниеден раздел и во ниедна позиција не можете да најдете 54,4% на доделени или билансирани средства од страна на предлагачот во однос на искажаните потреби, како што е тоа во разделот 26 каде потпаѓа основното образование и физичката култура. Овие проценти на билансирање на проценти се однесуваат на физичката култура и никаде нема понизок процент на билансирани средства во однос на искажаните потреби од 77% како што е тоа случајот со основното образование.

За состојбите на образованието генерално и посебно во сферата на основното образование, ние бевме задолжени да го запознаеме Парламентот и Владата на Република Македонија на седницата од 10.12.1991 година, кога се расправаше за ребалансот на Буџетот за 1991 година. Тогаш се укажа дека во билансот за 1991 година за основното образование недостигаат средства од 800 милиони динари и за насоченото образование, средства од 250 милиони динари.

Како што се сеќавате беше укажано дека Буџетот за 1991 година ќе има еден ребаланс во јануари во 1992 година кој не дојде. Оттука кога ќе се погледне разделот од 26 позиција 45

конто 290 каде што се билансирани средствата за основното образование во висина од 4 милијарди и 200 милиони динари, ќе се види дека недостигаат токму во однос на искажаните потреби од 5 милијарди 465 милиони динари средства кои што не достигаат во Буџетот за 1991 година. Имено, се покажува дека кога се билансирани средствата за основното образование за 1992 година, пред се, е тргнато од потребата да се задржи личниот стандард на вработените во основното образование преку личните доходи, на ниво 1991 година.

Средствата кои што се билансирани за дејноста и за материјалните трошоци, 750 милиони динари за дејности и 340 милиони динари за материјалните трошоци, посебно за последните 348 милиони за материјалните трошоци, се покажува дека воопшто не се доволно да се покријат потребите, односно дека ги покриваат само со некои десетина проценти. Оттука сосема е јасно дека функцијата на дејноста, како што е основното образование, за кое што не сакам да зборувам дека е уставна категорија, дека е обврзано и со устав загарантирано и дека токму тука ако било каде државата треба да ги обезбеди предусловите, дека мора да билансира средства кои ќе одговараат на потребите, дека се јавува еден огромен расчекор кој ќе ја доведе функцијата на образованието во прашање заради тоа што има укажување дека во некои образовни институции во основното образование, заради тоа што не достигаат средства за материјални трошоци, дека нема да може да отпочне наставата во второто полугодие кај поголем број е многу отежнато и итн. Оттука иако се укажува од страна на некои претставници на предлагачот дека наводно оваа редукција од 77% на билансирани средства во однос на искажаните потреби е резултат на тоа што се пресметани ефектите од евентуалната рационализација во основното образование, Комисијата не задолжи да укажеме дека не може да се очекуваат никакви ефекти во смисла на овие ефекти

за кои што овде е насочено дека наводно ќе се очекуваат од рационализацијата, заради тоа што очекуваме дека нема да има никакво различие меѓу пратениците од парламентарните групи кога станува збор за ревитализцијата на селото, за враќаше на животот на селото, за воспоставување на сосема нови процеси на повраќањето кои што го напуштиле селото и дека пред се тука ќе биде потребно да се обезбеди подеднаков стандард за основното образование и дека рационализацијата во основното образование нема можеби да значи апсолутно намалување на мрежата на организациите во мрежата на основното образование, дури и на кадарот заради тоа што во функцијата на враќањето на животот на село најверојатно ќе мора некаде и да ја прошириме мрежата на организациите на основното образование, и да вработуваме нови кадри во основното образование во тие населби.

Токму за тоа, Комисијата му предлага на предлагачот во рамките на можностите на Републиката средствата за дејноста од 750 милини динари за кои што реално се тврди дека се сосема недоволно, да се зголемат дури за една милијарда динари, а средствата за материјални трошоци да се зголемат, зборувам само за основното образование, за 250 милиони динари. Колкави ќе бидат можностите, ќе видиме во текот на подготовките на предлогот на Нацртот. Меѓутоа, дека треба да има одредени помакнувања е сосема јасно и затоа тоа посебно го потенцирам.

Состојбата е многу подобра во насоченото образование каде што се смета дека недостигаат околу 250 милиони динари за материјалните трошоци.

Оттука, Комисијата не задолжи на предлагачот посебно да му укажеме на овој недостаток дека требаат одредени помакнувања во еден износ од 360 милиони динари, при што 200 милиони динари би оделе на дејноста, а другите средства би оделе на материјалните

трошоци за да се направи помакнување и во оваа дејност.

Конечно сакам посебно, со оглед на тоа што зборуваше колегата Петар Трајковски, не е тука, за разделот 28, Министерството за наука да го истакнам следното:

После еден подолг период на тешка рецесија и неразбирање за функцијата на науката во општеството, за прв пат оваа година имаме реално димензионирани функции на науката и реално димензионирани потребни средства и реално билансирани средства. Оттука се очекува со ваквиот пристап еден нов поттик на развојот на научно-истражувачката дејност. Меѓутоа, посебно сакам да му укажам на предлагачот на следното:

Со член 47 од Уставот на Република Македонија, а и порано со трансформациите една битна општествена дејност која што се вика техничка култура дојде под ингеренциите на Министерството за наука, иако во образложението на предлагачот е кажано дека средствата за техничка култура ќе се билансираат под раздел 28, Министерството за наука, никаде ја нема таа позиција, тие средства не се билансирани и молиме за функциите што ќе ги презема Министерството за наука во областа на развојот на техничката култура да се билансираат средства. Завршувам со следното:

Во разделот 29 - Култура каде што во позицијата 45 конто 451 е дадена една збирна сума за средствата за култура, за позиции Балкански Фестивал, Струшки Вечери, никаде не се дадени средствата по поедините корисници на овие функции. Наводно се тврди дека

се чека законот за култура и дека во Законот за култура ќе бидат дефинирани функциите на органите кои ќе вршат ваква распределба.

Меѓутоа Комисијата застана на становиште дека во предлогот на буџетот ќе мора оваа збирна сума од конто 451 да се распредели точно по поедини позиции и дека само под таков услов ќе може да се гласа за Буџетот.

ТАИРИ ЏЕЛИЛ:

Овде беше речено во однос на интервенциите на стопанството Навистина процентот е голем бидејќи се настојува,ако од поширок аспект го разгледуваме ова прашање само по себе произлегуваат неколку потпрашања. Дали со ова не се оди повеќе на социјализација на дел на корисници на тие средства од интервенции за стопанството.

Второ, дали со ова не се стеснува економската мотивираност бидејќи таму се чека од некаде и

Трето, дали со ова не се стеснуваат пазарните законитости.

Значи, во овој дел треба да се преиспита стапката за интервенции во стопанството.

Второ, што сакам да направам една споредба. Ако се споредуваат цените на мало што е 280% и порастот на личните доходи од 210%, само по себе зборува дека ќе имаме одредено намалување на стандардот, па исто така предлагам при предлогот на Буџетот и ова прашање да се има предвид. ФАИК АБДИ:

Морам да бидам јасен денес овде пред вас дека им замерувам на сите колеги пратеници,па и на членовите на Владата. Мислев дека по оваа точка ќе имаме едно огромно мнозинство тука да се исслушаме пред овој народ, пред оваа Република да кажеме што не боли и каков ќе ни биде живото во оваа година.

Ако овде знаеме дека општествениот производ, се појде од една паралела на индексот од 214,5% и реален пад на општественото производство за 15%, националниот доход на 214 и личниот доход на 210, народот мора да знае дека очекуваме многу полошо живеење отколку во 1991 година. Многу победни ќе бидеме. Целата работа е што треба да направи Владата, нашиот претседател на Владата и сите други министри, што треба да ни предложат овде, кои мерки на економска политика за да се извлечеме од таа беда, или прашање е дали смееме и треба да планираме, да речеме работна организација како Македонија една работна организација, загуба. Ова е голема работа.

Јас се повикувам на едно прашање на господинот претседател на Владата, господинот Кљусев, кога овде беше на разгледување Програмата на Владата. Јас тогаш прашав дали ова програма претставува, може да се земе како основа како елемент за основите на плановите на Република Македонија. Претседателот рече да. Меѓутоа, до ден денес не видовме ништо, каде ќе се пече лебот, колкав ќе биде тој леб, кој ќе работи и колку ќе работи? Пред малку пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Трајковски добро зборуваше за земјоделието. Ние не знаеме во стопанството, во индустријата, што колку како.

Јас не и замерувам на Владата, јас многу пати велев и пред Телевизија, неодамна тоа беше. Не и замерувам на Владата што не направила не знам каков програм заради тоа што Југославија беше во војна. Добро е што сега е мир. Веројатно за некој ден ќе имаме овде една таква програма. Ќе мораме да знаеме што произведуваме, колку произведуваме, кај ќе продаваме, со која цена итн. Ние мора да знаеме увоз - извоз како ќе ни биде. Заради тоа треба да очекуваме и должна е Владата да ни даде еден таков податок за да можеме ние овде да бидеме посмирени и да се ангажираме,

ФАИК АБДИ: (Продолжение)

И овде да се грижиме и таму каде имаме свои работни организации и работни луѓе, да ги наречам така, работниците или како ќе ги викаме, да се ангажираат по претпријатија, по приватни власништва, да се впрегнат да се излеземе од оваа тешка економска криза.

Ако имаме огромен пад на индустриското производство, ако имаме реален пад на сите важни индикатори и овде, ние денес гледаме дека имаме поинакво однесување меѓу нас. Ова мора да го признаеме. Од една страна сакаме што помалку да дадеме во формирањето на буџетот, овде се бориме за 0,1%, или за 0,01% или не знам кој промил. Што помалку даноци и придонеси од доходот и личниот доход, од ова, од она итн. Тоа е онаа претходна точка.

Од каде се алиментираат овие средства што ни се потребни? Од луѓето, односно од таму, од тие создавачи на средства на нова вредност. Значи, од една страна велиме што помалку да дадеме, а од друга страна што повеќе да земеме, што поголема потрошувачка. Тоа е ненормално, тоа е абнормално, тоа не може така да биде. Но, ете, сиромаштијата не тера и на такви работи. Да не спомнам кој е , во својата научна книга рекол, плурализам во интересите на човекот, на класата итн. Значи, сепак, тоа е присутно и денеска овде расправаме за таква материја.

Јас не би кажувал конта во кое конто што е и како. Само би сакал да кажам дека, сигурно, потребите на граѓанството, на националностите и на целиот живаљ во оваа Републиката ќе бидат многу поголеми од аспект на потрошувачката во оваа односно во наредните години. На пример, јас мислам дека оваа наша држава.

Република Македонија ќе мора да обезбеди средства за набавка на една техника за Македонската радио телевизија, затоа што има барање за~ воведување на:; етнички канал. Програмата да е поширока со поголемо времетраење. Албанците тоа го бараат, Турците тоа го бараат, Ромите го бараат, Власите и не знам уште кој таму. А, МРТ колку што имам сознание до сега купиле само од свои средства и набавувале техника. Целата работа е во техниката. Сметам дека во Буџетот ќе треба да се најдат такви средства да се помогне.

Овде имаме барање за финансирање весници. Ќе финансираме. Некој овде вели зошто финансираме фестивали итн. да ги тргнеме, тие се остаток од не знам кога, од пратaтко ми од прамајка ми. Ние ќе одржуваме и фестивали. Нашата сувереност и со тоа е докажува. Ќе испраќаме наши ансамбли и културно-уметнички друштва на други фестивали. И во таа Франција што не не признава, на господинот Франсоа Митеран, тој 47 години во Франција ги гледа нашите културни ансамбли со нашето најубаво "тешкото" освојуваат први места, за нашата македонска нација тоа е едно битно претставување на еден народ. тој заборавил на "тешкото" на тие нивни фестивали односно интернационални фестивали. Треба да го потсетиме господинот Митеран и јавноста нека го потсети на ова. Значи, ќе инвестираме и таму. Ќе дадеме пари за носии. Мора и на таа линија да работиме. Ќе оскудеваме на друга страна, но тука мора да дадеме.

Ќе мора да обезбедиме средства за поголема социјална сигурност. Што е со социјална заштита од 1.900,00 динари на еден човек, самец. Што е тоа 1.900,00 динари. Јас имав среќа, несреќа, деновиве да се запознам со оваа проблематика околу социјалната

безбедност на луѓето, на тие што неработата, тие што се сакати, ќорави, блесави и тн. нека ми простат на зборовите, еве вака ги третирам, кои немаат никаква работа и дошле во потреба, немаат работа, маж, жена, деца, да бараат средства. Мислам дека треба да водиме поголема грижа односно повеќе средства таму.

Е, сега, од каде средства да земеме па таму да ставиме. Еве, Владата нека размисли па нека излезе со предлози овде. Затоа што при конечното усвојување, кога ќе дојдеме на комисии ќе расправаме. Јас лично ќе се ангажирам со конта, затоа што да ми простите јас ги знам сите и синтетички и аналитички и субаналитички конта итн. Тоа ми е професија. Не сакам да се служам со таква работа.

Многу ме интересира овде за сите ресорни министерства планираат минимум средства, аз амортизација 1.000,00 динари. Каква е та амортизација од 1.000,00 динари. Што е тоа? Има закон за амортизација, има основни средства, валјда треба да обнови нешто од тие обртни средства, треба некој поголем износ. Немојте така. Ајде тука да бидеме пореални.

И, да завршам со ова, да не ви одземам време, мислам дека кога би имале пред себе што се не очекува во оваа 1992 и понатаму, кога би имале еден среднорочен план за општествено-економскиот развој на државата, затоа ги молам министрите, односно претседателот на Владата што побрзо тоа да го сторат, сигурно би било поисправни во своите согледувања и би излегле пред Република Македонија многу пообјективно, затоа што ва не може да се спроведува, овој материјал што го имаме скоро со ништо. Велам затоа што , што е 1981 година. 214 индексни поени во однос на 1991 година? Па која беше 1991 година? Најслаба година од како постои Македонија, затоа

што знаеме во каква ситуација се наоѓаме. Споредување со 1991 година е ништавно. Да се споредиме со некоја година за Република Македонија која била најплодна. Дали тоа била 1980 или 1979 или некоја друга. Да ги вратиме тие што се избркани, да ги вратиме назад тие по машините, нека работат, нека придонесуваат со помала цена на чинење, со подобар квалитет и светска цена да се постигне. Но, така да направиме, а вака мислам дека сме многу сиромашни и осиромашуваме многу повеќе.

ХАМИТ АЛИУ:

После сето изнесено за Буџетот, а поконкретно после излагањето на господинот Симон Наумовски и Петар Георгиевски, јас ќе бидам краток.

Не знам колку се реални параметрите во Нацртот на буџетот земајќи ја предвид вертикалната и хоризонталната состојба на нашето стопанство.

Второ, лично ме интересира, изгледа дека Владата во Нацртот на буџетот оди по таканаречениот социјалистички клуч, 73% за државата за 27% за стопанството. Не знам со такви параметри дали може тоа стопанство уште да опстане, а од друга страна мораме да прифатиме и реално да кажеме дека нашето стопанство со ваква даночна политика не можеме да го растовариме.

Само еден пример. Да се погледне во билансот, на страница 2 раздел 73, во групата колку е оптоварено стопанството а од другата страна на страница 9 ако тоа го прегледаме, но не сакам да ги повторувам овие работи практично доаѓа дека и понатаму нашето стопанство ќе биде оптоварено со разни даноци и давачки.

На крајот, за мене, овој Нацрт на буџет не е дефиниран без дефинирана макроекономска политика и без стратегија на Владата барем за 1992 година.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Јас нема да одолговлечувам, ќе бидам краток и нема да повторувам работи што претходните дискутанти ги изнесоа, но би поддржал некои дискутанти. Особено излагањето во рамките на основното образование, што господин Ханџиски ги изнесе. Наполно се согласувам, да не повторувам многу, основното образование со оваа стапка што до сега беше со најлични доходи и ако остане таа стапка за оданочување нова, тоа значи продолжува основното образование секогаш да биде Ахилова пета во праксата. Така што, се согласувам наместо ние да одиме со развој на селото и отворање нови паралелки или подигање на селото, во овој случај одиме на затворање на паралелки и намалување на основниот кадар што го имаме во моментот. Тоа значи самите си противречиме. Од една страна велиме за развој на селото, а од друга страна ги укинуваме паралелките.

За ова беше доволно изнесено, да не одолговлечувам доволно беше кажано во излагањето на господинот Ханџиски но би предложил претставата што се барани, не барам да се зголеми Буџетот, свесен сум за определените средства,а но во рамките на тие средства, планирани како приходи да се изврши прераспределба од поедини раздели и позиции така што ќе мораме да интервенираме во основното образование. Тоа да биде целосно, како што е барано, но и со тоа дали пак целосно ќе бидат задоволени потребите на

основното образование. Средства за тоа би предложил после, вкупно и за другите позиции кога ќе кажам.

Во врска со користењето на оваа говорница, се согласувам наполно писмено да се поднесуваат дискусиите, меѓутоа, многу работи што до сега се потенцирани, решавани на комисиите, не кривам никого, но ми се чини дали можеби се толку многу од комисиите дадени заклучоци и што не се до сега решени. Сметам дека или се претерано или има такви решенија што не можат да дојдат во обзир да се решат или пак не се решаваат.

Се надоврзувам на дискусијата на господинот Петар од ВМРО кој изнесе дека заклучоците донесени на претходното, за усвојување, за покачување на откупните цени за 50% во 1991 година значи точно, намерно се чекаше ова, ај денес, ај утре, денес ќе даде Владата образложение, утре ќе даде Министерството, ние како Комисија бараме од 3-4 министерства, од Министерството за финансии, од Министерството за развој, од Министерството за стопанство, да дадат мислење и да се изнајдат средства за тоа. Тоа веќе не можеме да го преминеме а да го донесеме Буџетот за 1992 година, со тоа што еден показател да кажам. Дали после, а да кажам и друго, покрај тоа дека ние заедно настапуваме со вработените во земјоделските стопанства, работници, тоа беше голема маса на луѓе, и за да се одвојат сега овие а да останат само овие индивидуалните на една страна во кош, од примарната емисија им се наросија очите на стопанските земјоделски организации, тие замолчеа и останаа сега само индивидуалните производители да не се донесат оние заклучоци онака како што беа предложени и да се изнајдат средства за тоа.

Средствата не беа причина да се изнајдат. Мене ми се чини од каде средства, а особено би кажал само едно, средства треба да даде оној што ја зема робата. Ништо понатаму. Житото го зеде млинот, млинот ќе обезбеди."Маслодајна" го зеде сончогледот, таа ќе обезбеди. Шеќераните со шеќерот, нека обезбедат за ова. Преработувачите за вино што го откупија грозјето за 6-7 динари а сега се продава по 180-200 динари, тие ќе ги обезбедат средствата. Беа најдени средства за тоа, Јас не знам зашто ги оставаме на цедило само индивидуалните производители, и ги издвоивме од сите овие.

Се прашувам, која општествена дејност и кое стопанство не зеде разлика по 1,2 или 3 плати во однос на сегашните ребаланси и овие во стопанските организации. Зошто ги оставаме нив со 50-60 милијарди што им останаа и ништо друго со откупот на 4 динари и ништо понатаму. Зар бре не правиме Христов грев, бре. Дајте еднаш Владата, кој е надлежен, овие денови тоа да го реши и да тргне понатаму. Да не дојде до тоа.

Дури јас сакам да направам една забелешка на 10-ти дојде една делегација, се измачија луѓе, пак да укажат, да се најде договор за исплаќањето на водниот придонес за 1990-1991 година кој требаше да се усогласи со цените, а за 1990 година кога беше системот прекинат поради немање на вода и не требаше да се плаќа, а и тоа им е товар и треба и тоа да го платат и тоа не го решивме. Не се најде време да се примат луѓето, 5-6 минути. Да го оставиме тоа да не зборувам понатаму.

За цените сега што се предлагаат, јас во Комисијата реков, меѓутоа, сакам да потенцирам една работа, каде заштитните

цени дури сега вели пченицата откупна, предлагачот во Буџетот вели дека откупната цена ќе биде 11 динари. Значи чекавме да го откупиме сето жито и да видиме сега на пазарот стварната пазарна цена колку е сега одредувано 11 динари за пченица и на неа одредување заштитна премија од 20%. Добро, тоа некаде тука оди во ред.

Меѓутоа, во цената на репата пак е оставена истата цена од 1 динар. Добро, таа не се продава на пазарот. Зар таа пак требаше да остане на истата цена. Кога ваму се покачи 3-4 пати нормално и шеќерната репа треба да биде покачена 3-4 пати и на неа требаше да се одреди премија од 20%. Но сега, на пченицата од 11 динари одредуваме 20% и на шеќерната репа на 1 динар 20%.- На крај ќе добие 1,2о пари а овој ќе биде 15 или 17 динари. Сметам дека тука апсолутно не е навлезено во реалноста на откупните цени. Што сега се оди по пазарни цени, зошто кога толку пченицата, зошто оставаме тогаш да се откупела толку? Или на оној сега што ќе ја продаде пченицата му се плаќа по оваа цена а на тие што им е откупена тие изгореа. Како песната што вели - "ако грешам нека изгорам". Е, овде ние грешиме, ја откупија пченицата, ние да изгориме а овие сега нема да изгорат. Тоа значи дека е направена една голема неправда во споредување на индивидуалните земјоделци, особено со сегашниве цени, а плус тоа со посредство на интервенција, значи пари се најдоа за ова стопанство од примарната емисија, а за индивидуалниот сектор не може да се најде затоа што нема кој кај нив да заштити. Тие немаат директори пратеници. Стопанските организации имаат свои директори тука и ќе бараат и ќе им се внесат тие пари. Значи, тука е целата работа. Ќе треба сега земјоделците наместо директори да дојдат тие овде да станат директори, да ги покачат цените па после да заминат од овде.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ (продолжение)

Во разделот 40 каде се говори за ребалансирање, предлагам вака, средства за овие што предлагаа и во образование и во другите, да се укине раздел 58 и средствата да бидат префрлени за основното образование .

Раздел 41, позиција 372, да се определи, наместо за оваа позиција предлагам, а и порано го реков, да се внесе во Буџетот посебна десетдневна Крушевска Република, Битолските илинденски денови и други манифестации, ние даваме поголема важност на наградата Мито Хаџивасилев Јасмин, отколку на една републичка манифестација која не претставува со сите национални симболи за очувување на нашата македонска нација . Затоа од тие причини предлагам овие да влезат, не да бидат во културата како посебни, туку како што се влезени, Струшки вечери и другите оние манифестации, да влезе во Крушевската република и Битолските илинденски денови. Во таква партија во позиција се одредени средства, а не нешто да им се фрли и да одат тие да питаат по стопанските организации, дај ми една милијарда, или друго да ја извршиме манифестацијата.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ

Бидејќи се работи за Нацрт на буџетот, сакав да ставам само да ставам свои забелешки, како Владата во изготвување на Предлогот би имала предвид, дали ќе ги прифати или не, тоа е една работа, меѓутоа, ќе укажам на едни принципиелни работи.

Во разделот 40 каде се говори за финансирање на одделни видови на инвалидска заштита и материјално обезбедување на учесниците во НОБ.- Поставено е барање од 145 милиони динари Владата нашла дека на оној што боледува му треба повеќе, па му дала 180. Ова е единствена ставка во овој предлог нацрт во Нацртот каде се дава повеќе отколку што се бара. Јас не ги понижувам зафатените

со оваа ставка, меѓутоа ако во истиот раздел 45 погледнеме средства за финансирање на дејностите од физичка култура се еднакви. Овие средства треба да се употребат за возраст од 5 па што се вели до 85 години. Да се прашаме само едно, дали ќе плаќаме некој патриотизам или ќе ја занемаруваме иднината. Тоа е едниот дел.

Второ, што сакам да кажам Младинскиот совет како институција што прави и како е се плаќа во него, се плаќа за неговата дејност. Ке ви кажам тука само една нелогичност, треба тој Младински совет, ќе видите во раздел 41, каде говори за учество на финансирање на програмата на овој младински совет се дава една милијарда и двеста милиони. Меѓутоа, за платите на ова дава двојно повеќе. Се прашуваме дали ќе треба производот да биде двапати поевтин од вложеното во него.

Една, исто така, начелна забелешка, сакам да кажам три, зошто во сите ставки каде што се говори за делот за амортизација говорам 95% скоро во секоја ставка каде се говори за амортизација Нацртот предвидува дека се доволно илјада динари. Кој е тој основ дека ќе треба илјада динари без разлика колку да е голема потрошувачката друга само за амортизација без вложување во средствата нема да имаме ништо. Дали е тоа можност или таа бројка е дојдена нека се преиспита Владата, говорам реков начелно . Една работа сакам да кажам што овој буџет предвидува финансирање на институција во Устав. Ќе обрнете и ќе видите дека, да не кажувам сега посебно, од општинско, овде случајно отворив, на страница 56, тоа е 57 претходните вели општинско јавно правобранителство - Крушево. Се предвидува инвестирање на институција која уставно не постои. Тоа се сите правобранителства, јас нека ми опростат, но овде морам да говорам како пратеник, правник, Општинско јавно правобранителство - Крушево,

Општинско јавно правобранителство -Охрид, така ми дојде овде да отворам Општинско јавно правобранителство Радовиш, тоа се на тие страни, па дојде тука и Неготино. Член 77 од Уставот на Република Македонија предвидува народен правобранител. Оваа функција народниот правобранител како е преземена од западниот свет каде се предвидува како институт задолжен да ги штити граѓаните од злоупотреба на власта , сегашните општински правобранителства имаат за цел да ги штитат имовините на општините. Во нашиот Устав таква заштита не е предвидена. Господа од Владата, ова мора да го примат како сериозна забелешка.

Имам и една редакциска забелешка каде се говори за јавните правобранителства без оглед која е нивната организација, дали тоа се работи за општинските, па и натаму вишите што ќе бидат по законот за обвинителство и Републичкиот и јавен обвинител, таму каде говори во вториот дел за расходи, за лични доходи употребува термин судии. Тоа нека го погледне секој од вас, јас ако ми дозволите ќе земам учество во ова и би рекол дека ова се навистина од редакциска природа и тука вели, во раздел 40 "средства, лични доходи на работници". Тоа е во одделот 400 . Потоа вели во раздел 41 "лични доходи на судии". Дали може во обвинителство да има судии. Веројатно на извршителите обвинители во тие обвинителства така ова го сметам како препорака и редакциска измена. Мислам дека господинот министер ќе се погрижи за ова. Сите се обвинителства се тука и реков дека тоа е во оддел 410. СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е работа во Комисиите и тоа исклучиво. Ова е во фаза на нацрт.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ова го давам, бидејќи сега се работи за нацрт, бидејќи треба да говориме за содржината, треба да му приговориме на подносителот на овој Нацрт во предлогот кој ќе дојде како буџет тие да заземат став.

ЈОРДАН ЗАФИРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал накратко да кажам за одредени средства кој се издвоени во Нацрт буџетот за 1992 година, во делот на Земјоделско -сточарското производство и за прв пат можам да кажам дека за земјоделството се издвоени значајни средства. Меѓутоа, сите овие напори за заштита на земјоделството ќе бидат минимизирани, имајќи го предвид фактот дека цените на импутите односно цените на репроматеријалите последните три месеци растат од 6 до 12 пати. Ова, главно, се средства заштитни средства кои се од увоз. Оттаму мислам дека предвидените средства ќе бидат неповолни имајќи предвид планираниот пораст на цените од 170% во нацрт буџетот за 1992 година. Оттаму, предлагам предвидените средства во разделот 24 на Министерството за земјоделство, а кои се однесуваат за заштита, развој и поттикнување на земјоделството во тој блок на буџетот да се предвидат во износ од 6. милијарди и 115 милиони колку што е и барано од Министерството.

Зачудува фактот што во образложението на буџетот на стр. 32 во табелата за основните земјоделски производи е и сигурно испуштен оризот, а имајќи предвид дека во анализата за состојбите и проблемите во аграрот од 1986 до 1990 година во предлог мерките стоеше и оваа култура. Се надевам дека се работи за случајна грешка.

ГОРГИ БОЈКОВСКИ:

Почитуван претседател , почитувани пратеници, Нацртот на буџетот за 1992 година сметам дека е правен по инерција, барем што се однесува на разделот 22 Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, во одделот за средства за посебни намени. Несфатлив ми е предлогот на буџетот за активностите сврзани со просторното и урбанистички планирање на Република Македонија да се предвидат средства во износ од 1 милион динари, кој се доволни за изработка на урбанистички план на една помала населба. Ако се знае дека основа за севкупната активност на реализацијата на развој и просторната разместеност на сите активности се просторните и урбанистичките планови. Со преземање на надлежностите на општините од Владата на Република Македонија, преземени се и средствата со општинските собранија со своите буџети ги издвојуваа за оваа намена. Во некои општини изработката на просторната и урбанистичка документација се финансираше дел од буџетот на општините дел од СИЗ-овите за становање и комунални дејности. Со новонастана-тите услови двата извори згаснаа. Владата во новонастанатите услови не презема никакви активности за финансирање на оваа област, со што се создаде вакуум, посебно во работата на организациите што се бават со просторно и урбанистичко планирање, се запре постапката за усвојување на веќе изработените планови и неможност за работа на нови планови. Сето тоа ја усложни работата околу добивање на локации за изградба на објекти и создаде проблеми во работата на градежната оператива. При усвојување на буџетот за 1991 година, исто така беа предвидени мали, да не кажам мизерни средства, Министерството за урбанизам, сообраќај и екологија предложи програма за изработка на просторните и урбанистичките планови и други активности на Министерството, во која за овие активности беа предвидени

средства во буџетот 500 илјади динари и 3% средства за доделување на градежно земјиште. Комисијата и тогаш укажуваше дека предвидените средства се многу мали што се покажа како точно, бидејќи по искажувањата се собрани само 54 милиони динари од овие 3%, што услови во минатата година да не се усвојат изработените планови, цела година се мируваше, ниту пак се изработија нови планови. Несфатлив е неангажираниот однос на Министерството за урбанизам, градежништво сообраќај и еконологија при самото предлагање на средства од 2 милиони и 900 илјади динари. Знаејќи ги или не знаејкки ги активностите во областа на просторното урбанистичко планирање, што се сгмент на севкупното планирање, а можам да кажам и основа за реализација на многу активности во областа на инвестициите во сопанството, сообраќајот, енергијата, другата инфра-стурктура, туризмот, станбената изградба и другата изградба. Посебно ова се однесува во услови на новосоздадената состојба со осамостојување на Македонија кога треба да се преиспитаат сите планови, посебно плановите на сообраќајната и друга инфраструктура во новосоздадените услови на поврзување на Македонија со Европа и другите делови, плановите од оваа област сврзани со народната одбрана, рамномерен развој на Републиката и др.

Не сакајќи да ги убедувам пратениците во важноста на просторното и урбанистичкото планирање за рамномерен развој на Републиката, предлагам, што е и предлог на Комисијата Владата да му посвети посебно внимание на овој дел, а посебно по предлог на Комисијата за урбанизам и градежништво и наместо 1 милион да предвиди скромни 50 милиони. Исто така, и Министерството за урбанизам да се ангажира во објаснувањето на потребите за оваа намена, бидејќи средства во општините повеќе не постојат за оваа намена.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ :

Почитувани пратеници, ќе се обидам сосема накусо моја генерална забелешка во однос на Нацрт буџетот е следната. Овој буџет е изготвен на тој начин што потребите се ставени во буџетот врз основа на претпоставените можности на стопанството и граѓаните на Републикава. Ако се знае дека на тој начин не може да се донесува буџет на една држава, сметам дека веднаш ни се поставува прашањето зошто е тоа така, а така е заради тоа што ние доцниме со донесувањето на програмата за макроекономската политика во 1992 година.

Сметам дека за да направиме едно стабилно стопанство односно да создадеме услови за стопанство кое ќе биде спремно да работи во пазарни услови исто така доцниме со донесувањето на системските закони во областа на стопанството и финансиското работење, што е пак пречка да влезе странски капитал во оваа земја, без кој капитал сметам дека не може да ни заздраве стопанството, ниту можеме да имаме една стабилна, економска политика.

Во делот на финансискиот систем се уште работиме некаква да кажеме крпена политика.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ: (продолжение)

Јас сум свесен исто така дека не може тоа преку ноќ да се направи, но сметам дека треба што побрзо да се направи чекор кон донесувањето на законските проекти кои ќе значат целосна трансформација на општествениот капитал, бидејќи без трансформација на капиталот нема пазарно стопанисување. Затоа, приходите на Нацртот на буџетот кои се предвидени се уште зборуваат за договорна економија. Тоа не е структура која ја сочинува пазарниот начин на стопанисување. Јас ќе бидам благодарен доколку во 1993 година 50% од оваа структура што ги сочинува приходите на Буџетот ќе биде намалена односно ќе јакне оној дел кој го сочинува пазарниот начин на формирање на Буџетот.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници, уште на почетокот ќе кажам дека можеби има еден пропуст барем за 1992 година 5.461.000,000 а предлог од страна на Владата за одделот на образованието е 4.210.000.000. Сигурно тука е направена некоја грешка, па затоа во наредната фаза ќе може да се исправи бидејќи од разделот 26 тука е направен пропуст поради тоа што 4.022.919.000 како да барале од отсекот за образование финансирање, заправо за основното образование а дека се понудени од страна на Владата 4.210.000.000 бидејќи е проект Владата сигурно ќе има место да ја исправи таа грешка.

Инаку, Буџетот е планиран по претпоставени параметри и како што рекоа некои други дискутанти за образованието, особено Благој Ханџиски, јас ќе се задржам само на делот за да го дополнам и да придонесам во врска со Нацртот на буџетот на Владата на Република Македонија. нема да се задржам на амортизацијата и

трошоците за огрев, за што оди доста голем дел од средствата во образованието. ВО тие трошоци се предвидени 10% од бруто личниот доход што изнесува 298.600.000 динари, нивниот износ го надминува износот планиран за материјални трошоци од една страна, а до друга страна ако огревот се обезбедува од материјалните трошоци ќе нема средства за другите потреби, електрична енергија, телефон, вода, потрошен материјал што училиштата секогаш во своите трошоци ги имаат и одржување на наставни и надгледни средства.

Основното образование како задолжителен процес е многу специфично во обезбедувањето на превоз на ученици и наставници кои се оддалечени повеќе од 5 километри од самите училишта. Само во Република Македонија 9.000 ученици користат бесплатен превоз за што се потребни 65 милиони динари годишно односно месечно 6,5 милиони динари(од месец септември 1991 година се овие цени). Аналогно на разместеноста на мрежата исто така во основните училишта имаме околу 9.500 вработени кои користат бесплатен превоз во различни релации, што ангажира 9 милиони динари месечно, односно 90 милиони динари годишно. Овие две позиции исто така не можат да се покријат со средствата наменети за материјални трошоци во износ од 10% од бруто личниот доход.

Исто така согласно член 96 од Законот за учениците кои имаат право на сместување во интернати, деца од родители кои користат семејна и бесплатна исхрана, нивните деца се сместуваат во интернати. Исто така и од овие трошоци училиштето треба да издвои доста материјални средства и трошоци. Исто така треба да се наведе дека дејноста на основното образование не може успешно да се остварува без соодветна издавачка дејност на учебници, прирачна литература, детска литература и списанија, како и обезбедување на дел од нив на бесплатно користење на одредени ниски социјални структури кои не можат сами да ги обезбедат. Тоа е по член 148

и 169 од Законот за основното образование. Воедно што секако треба да не загрижува фактот што на прагот на XXI век недопустливо е наставата да се остварува само со креда, табла и по некоја географска карта. Последниве четири години како отпочна процесот на опремување на училиштата со кабинети по информатика, ТВ и видео рекордери, надгледни наставни средства од одделни наставни дисциплини, неминовно е продолжување на овој процес за да се овозможи барем приближно создавање услови за посовремено одвивање на наставниот процес. Исто така, одржување и набавка на вакви наставни надгледни средства. Владата секако ќе треба да биде малку поширока во воие погледи.

Во Републиката исто така има објекти на основни училишта кои не одговараат на педагошко -хигиенските и техничките стандарди на училиштата, заради сиромашните средства што се издвојувани за основно образование во минатите години, голем број објекти се дотраени, покривите прокиснуваат, инсталациите откажуваат, а во одредени региони нема ни училишни објекти, има потреба од нови доградби. Исто така и тука треба да се има предвид издвојување на големи средства за доградба на истите.

Исто така, жални се сликите на инвентарот на одделни основни училишта во Републиката. Во дел од нив нема елементарни потреби до клупа и столче, а не станува збор за некои други работи. Од тие причини има потреба од натамошни инвестициони вложувања во основното образование и нивното опремување за потребен инвентар, клупи, столчиња и се друго.

Заради недостиг на средства на сите основни училишта со преземање на финансирањето на републичко ниво им прерасна осигурувањето на објектите бидејќи немаше ни можност да се обезбеди потребниот износ на средства кој беше значително висок. Не само

ова туку и личните примања во основното образование се толку ниски што денес не само обичниот човек туку и самиот просветен работник е крајно разочаран. Во тој случај на недостигот на средства и од ова што е малку планирано од страна на Владата, мислам дека сите овие и други претходни дискутанти што рекоа Владата да го има предвид за да не се доведува во прашање функционирањето на оваа дејност што е многу значајна.

НАУМ СИМЈАН0ВСКИ:

Ценејќи ја вашата исцрпеност и замореност ќе бидам доста краток и само таксативно ќе набројам некои работи кои ги забележав а кои се однесуваат на Нацртот на буџетот.

Во поново време, поточно во последната година забележана е една нова категорија на стечајни работници кои произлегоа како продукт на затворањето , т.е. одењето на фабриките на производните погони под стечај. За таа намена во Буџетот на страница 18 во раздел 45, конто 454 Републиката под име на учество на Републиката во финансирањето на програмите за заштита на населението и преструктуирање на стопанството предвидува определен износ кој чисто математички е идентичен со оној кој беше предвиден и во претходната година, што мислам дека не е в ред зашто само во оваа година точниот број на стечајни работници не е познат, но сигурен сум дека најголем број на производни погони токму во оваа година се под стечај, а следува дека во оваа 1992 година тие работници повторно на некој да се вратат на работа, така што овие средства чисто наменски ќе треба навистина да имаат одреден третман и одредена големина.

Исто така имам дискусија и за разделот 38, поконкретно за Републичкиот завод за судски вештачења, а таа дискусија ја имав и минатата година. Се залагав за укинување на овој Републички

завод за судски вештачења и негово преструктуирање на пазарен начин на работење. Образложението го даде господинот Методија Тошевски, со тоа што овој завод има законска регулатива како е формиран и даде ветување дека ќе се има предвид во форма на рационализација на корисниците на Буџетот за идната година оваа ставка да се отфрли, имено самиот Републички завод за судски вештачења да добие нова форма. За жал, истата ставка е и сега оваа година, мислам како ставка нека седи, но да се има предвид дали во текот на оваа година истиот да ја добие онаа функција која ќе му биде зацртана со новиот начин на стопанисување. Ова се дополнува со тоа што веќе ја имаме формирано агенцијата за преструктуирање и развој, која паралелно извршува одредени дејности со Републичкиот завод за судски вештачења.

На крај, можеби како мал куриозитет, за жал тука не е министерот за правосудство и управа, ова е чисто прелистувајќи го Буџетот, констатирав дека во средствата предвидени за сите општински судови во Македонија не се предвидени средства за судски вештаци и поротници. Единствено тоа е случај само за Општински суд Скопје I и II. Дали е тоа техничка грешка или нешто друго во овој момент не можам да кажам.

БЛАГОЈ ТОШЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани колеги, јас морав да излезам само за неколку збора. Неколку пати се повторува овој Буџет е правен по инерција, по инерција. Јас само толку можам да кажам дека овој Буџет многу ми се допадна, Истовремено не знам колку од нашите пратеници го читаа овој Буџет, а истовремено забележувам дека е изменета структурата на Буџетот. Со овој Буџет видов дека нашата Влада веќе подготвува македонска држава, по мое лично убедување, а истовремено да се заблагодарам

на Владата за образложението кон Нацртот на Републичкиот буџет кое беше навистина комплетно.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Нема потреба од одговори на прашањата , бидејќи претставниците на Владата ислушаа се.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на Републичкиот буџет за 1992 година во кој е содржан билансот на вкупните приходи и расходи по намени и корисници и притоа констатира дека истиот е изготвен во период кога се уште не е утврдена макроекономската политика на Републиката во 1992 година и мерките и инструментите со кои истиот ќе се остварува.

2. Собранието на Република Македонија го задолжува предлагачот, ја задолжува Владата да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави предлог на Републичкиот буџет за 1992 година, при што да ги има предвид мислењата, ставовите и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и во денешната расправа.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеник гласаше за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен. Исто така, Комисијата за стопанство предлага Собранието да го донесе и следниот работен заклучок:

1. Во Републичкиот буџет за 1992 година престанува обврската за обезбедување на средства за лични доходи и заедничка потрошувачка за осигурување на имотот и другите намени во проектот "ФЕНИ".

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Повеќето пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (двајца пратеници)

Констатирам дека предложениот работен заклучок е усвоен.

Преминуваме на третата точка - Предлог за донесување на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1992 година.

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на законот за извршување на Републичкиот буџет за 1992 година и констатира дека со решенијата што се предлагаат се регулира тековното извршување на Републичкиот буџет поаѓајќи од основните начела на законитост и одговорност при користеше на средствата како и за рационално и економично трошење на истите.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата

на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за заклучокот.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржа од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Предлагам да прекинеме со вечерашната работа и да продолжиме во вторник на 28 јануари 1992 година во 11 часот.

(Седницата заврши во 20,55 часот.)